Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Филозофски факултет
Институт за социологија
Европски студии за интеграција

# ЕВРОПСКАТА ЕКСПАНЗИЈА ВО АМЕРИКА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ШПАНСКИТЕ ОСВОЈУВАЊА И НИВНИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ЗА РАЗВОЈОТ НА АМЕРИКАНСКАТА И ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

## МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Ментор:
проф. д-р Ѓорѓе Младеновски

Кандидат:
Виолета Симоновска

Скопје, 2013

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ---------- 5

**1. ШПАНИЈА ОД XI ДО XV ВЕК** ---------- 8

1.1 Шпанија во VIII век и владеењето на Арапите со неа ---------- 8

1.2 Повторното освојување на шпанските територии ---------- 9

1.3 Арагон, Кастилија и Португалија ---------- 12

1.3.1 Арагон ---------- 12

1.3.2 Кастилија ---------- 13

1.3.3 Португалија ---------- 14

1.4 Соединувањето на Кастилија и Арагон во Единствено Кралство Шпанија ---------- 14

**2. ОТКРИВАЊЕТО НА НОВИОТ СВЕТ И ПОДЕМОТ НА ЕВРОПА** ---------- 17

2.1 Христофор Колумбо и неговиот проект ---------- 18

2.1.1 Патувањата на Христофор Колумбо и откривањето на Америка ---------- 21

**3. ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АМЕРИКАНСКИОТ КОНТИНЕНТ** – 25

3.1 Клима ---------- 26

3.2 Флора и фауна ---------- 27

3.3 Население ---------- 28

3.4 Економија ---------- 29

**4. АМЕРИКА ПРЕД ХРИСТОФОР КОЛУМБО** ---------- 31

4.1 Американизам и извори на информации ---------- 31

4.2 Општи обележја на претшпанските култури ---------- 32

4.3 Претколумбовски цивилизации ---------- 34

4.3.1 Цивилизацијата на Инките ---------- 36

4.3.1.1 Општествена и политичко-административна организација ---------- 37

4.3.1.2 Економијата на Инките ---------- 40

4.3.1.3 Религијата и верувањата на Инките ---------- 41

4.3.1.4 Науките и уметностите ---------- 41
4.3.2 Културата на Маите ---------- 43
4.3.2.1 Потеклото на Маите ---------- 44
4.3.2.2 Начин на добивање ресурси ---------- 50
4.3.2.3 Материјалната култура ---------- 52
4.3.2.4 Маите и врските со другите култури ---------- 54
4.3.2.5 Општествена и политичко-административна организација ---------- 56
4.3.2.6 Економијата на Маите ---------- 58
4.3.2.7 Религијата и верувањата ---------- 59
4.3.2.8 Научните и уметничките познавања ---------- 60
4.3.2.9 Маите по шпанското освојување ---------- 61
4.3.2.10 Процесот на колонизација ---------- 63
4.3.2.11 Новите држави и Маите ---------- 63
4.3.2.12 Сегашноста и иднината на Маите ---------- 64
4.3.3 Ацтеките ---------- 65
4.3.3.1 Историјата на Ацтеките ---------- 66
4.3.3.2 Општествена и политичко-административна организација ---------- 68
4.3.3.3 Економијата на Ацтеките ---------- 71
4.3.3.4 Религијата на Ацтеките ---------- 72
4.3.3.5 Светот на науките и уметностите ---------- 73
4.3.3.6 Ацтеките по шпанското освојување ---------- 74

**5. ШПАНСКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА НА АМЕРИКА** ---------- 76
5.1 Латинска Америка по шпанските освојувања ---------- 85
5.1.1 Богатствата на новиот свет ---------- 87
5.1.2 Црквата и домородното население ---------- 87
5.1.3 Слабеењето на империјата ---------- 90
5.2 Латинска Америка во XVIII век ---------- 92
5.2.1 Административните промени на империјалистичките поседи ---------- 93
5.2.2 Обновување на земјоделството во Западна Индија ---------- 94
5.2.3 Креолите и *Los peninsulares* ---------- 96

5.2.4 Културата на стариот и новиот свет ---------------------------------------------------- 97

**6. ПРВИТЕ ЗНАЦИ ЗА НЕЗАВИСНОСТ ВО ЛАТИНСКА АМЕРИКА** ----------------- 98

**7. ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА ЕКСПАНЗИЈА ВО АМЕРИКА** ------------- 100

**ЗАКЛУЧОК** -------------------------------------------------------------------------------------- 102

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** ------------------------------------------------------------------ 107

# ВОВЕД

До крајот на XV век, Европејците имале сознанија освен за Европа и за Блискиот и Средниот Исток, како и за некои делови на Азија и на Африка. Тие одржувале добри трговски врски со Индија и со Кина и оттаму во Европаноселе скапоцени камења, мириси, бои, свила, како и зачини кои ѝ давале подобар вкус на храната. Меѓутоа, откако Османлиите го освоиле Балканскиот Полуостров и Мала Азија, дошло до прекинување на сувоземните трговски патишта кон источните земји. Како резултат на тоа, стоката која од источните земји доаѓала во Европа преку арапските трговци ја зголемила својата пазарна вредност. Поради тоа Европејците тргнале во потрага по нови морски патишта кон источните земји, што довело до нови географски откритија.

Купувањето стоки од источните земји ја исцрпело Европа од финансиски поглед, а како последица на тоа почнало да се чувствува недостиг од благородните метали – злато и сребро, од кои се ковале парите. Бидејќи во тој период немало алтернативен начин за покривање на потребата од злато, Европејците почнале да го бараат овој благороден метал надвор од своите граници.

Во текот на XIV и XV век, со помош на достигнувањата во науката и техниката, биле откриени нови технички пронајдоци: компасот, огненото оружје, попрецизната изработка на географската карта, итн. Сето тоа имало големо значење за развојот на морепловството и трговијата. Благодарение на овие откритија се граделе поголеми и посигурни бродови кои имале капацитет за повеќе луѓе и товар, а воедно биле побрзи и поотпорни на морските бранови. Со ова и со примената на новите техники во печатењето, уметноста и науката започнал подемот на Европа кој ја достигнал својата врвна точка со патувањата и истражувањата на морепловците на бреговите на Атлантикот (Živojinović, 1989: 40).

Интересот за патување и откривање на нови земји и богатства постоел и во средниот век, но особено бил изразен во XV и XVI век, кога се постигнале значајни резултати на тоа поле. Во интерес на државите било нивните владетели да ги потпомогнат финансиски експедициите во непознатите земји. Тоа довело до политичка и економска експанзија во новооткриените простори и нивно претворање во извор на благородни

метали и суровини, искористување на домородното население за да се дојде до нив, но и негова преобразба во католицизам (Živojinović, 1989: 41).

Првите поморски експедиции биле преземени од страна на Португалците кои тргнале во потрага по патот за Индија и другите богати источни земји. Кон крајот на XVI век (во 1486/1487 г.), португалскиот морепловец Бартоломеј Дијас пловејќи на југ покрај западниот брег на Африка стигнал до нејзиниот најјужен дел т.е. до тамошниот ’рт, кој бил наречен ’Рт на Добра Надеж.

Друг народ што презел експедиции барајќи го морскиот пат за Индија, биле Шпанците. Годината 1492 е од големо значење за шпанското кралство. Имено, во VIII век дошло до завојување на Шпанија од страна на Арапите и речиси на целиот Пиринејски Полуостров, со исклучок на земјата Астурија која се наоѓа во неговиот севрен дел, дошло до образување на моќна арапска држава. Ослободувањето од Маврите започнало кон крајот на VIII век односно во почетокот на IX век, а завршило во XIII век. Всушност, кон крајот на XIII век под арапска власт се наоѓале само земјите на јужниот дел од Шпанија – Гранадскиот емират со центар Гранада, и така останало до 1492 година. Една од државите што се формирала во XII-XIII век на Пиринејскиот Полуостров и која одиграла битна улога во Реконквистата е Кралството Арагон, кое го сочинувале Арагон, Каталонија и Валенсија. Средишниот дел на Шпанија го сочинувало Кралството Кастилија кое зафаќало три петтини од целиот полуостров. Во 1479 г., двете кралства се обединиле во Единствено Кралство Шпанија под власт на брачната двојка – арагонскиот крал Фердинанд и кастилијанската кралица Изабела. Во XVI век, кралството било една од најсилните држави во Европа (Скаскин и други, 1970: 418). По нивното обединување, шпанските кралеви ги засилиле позициите внатре во земјата и му го задале првиот удар на Емиратството Гранада. По долготрајното опколување, Гранада капитулирала во 1492 година. По овој настан целиот Пиринејски Полуостров, со исклучок на Португалија, бил обединет во рацете на шпанските кралеви. И покрај даденото ветување дека Маврите и Евреите ќе можат слободно да го вршат својот култ и да ги запазат своите имоти, тие насилно биле принудени да го примат христијанството. Во 1492 г., сите Евреи што не се преобразиле во христијани биле протерани од Шпанија, а имотот им бил одземен. За време на владеењето на Фердинанд и Изабела, во Шпанија била воспоставена апсолутистичка монархија.

Во истата година (1492 г.), шпанскиот кралски двор, кралот Фердинанд и кралицата Изабела се согласиле да го финансираат планот на италијанскиот морепловец Христофор Колумбо. Тој бил убеден дека пловејќи на запад ќе стигне до Индија. Во почетокот на август 1492 г., Колумбо исполвил од пристаништето Палос со три каравели (поголеми и посигурни бродови со повеќе јарболи и едра) и околу 120 морнари. По два месеца, на 12 октомври 1492г., тој пристигнал на еден мал остров, дел од Бахамските Острови, кој го нарекол Сан Салвадор. По кратко време биле откриенни островите Куба и Хаити. Верувајќи дека стигнал на западниот брег на Индија, Колумбо им го наметнал на староседелците називот Индијанци. Неговото враќање во Шпанија било проследено со големи почести за првиот морепловец што го открил морскиот пат за Индија. Во текот на следните години, Колумбо остварил уште три патувања при што успеал да стигне до Средна Америка, но се вратил во Шпанија без многуочекуваното злато, сребро, зачини. Така, се приближува крајот на неговата слава и заборавен од сите, без да знае дека открил нов континент, Колумбо починал во беда во 1506 година.

Благодарение на новите географски откритија дошло до значителен развој на трговијата и стопанството меѓу Европа, Америка и Азија, при што Европа станала центар на светската трговија. Новооткриените земји претставувале главен извор за снабдување на Европа со благородни метали, пченка, тутун, компир, шеќер (од шеќерна трска) и др. Истовремено, во Америка започнало одгледувањето на некои култури непознати за овој континент, како пченицата, ’ржта, лозјата и сл.

Најнапред, Шпанците и Португалците, а потоа и другите развиени земји (Англија, Франција, Холандија) почнале да ги населуваат новите земји и да создаваат свои колонии. Домородното население немало сознанија за огненото оружје и немоќно да им се спротивстави на Европејците, било потчинето или истребено од страна на колонистите. Тие го наметнале својот јазик, култура и христијанска религија, а во голема мера ја уништиле културата на локалното население.

# 1. ШПАНИЈА ОД XI ДО XV ВЕК

## 1.1 Шпанија во VIII век и владеењето на Арапите со неа

Во VIII век, со освојувањето на Шпанија од страна на Арапите, на Пиринејскиот Полуостров била создадена моќна арапска држава која се викала Кордовски емират, а од X век - халифат. Речиси целата територија на Шпанија, без нејзините планински региони на северниот дел на полуостровот, била под власт на Арапите и африканските Маври (Бербери). Тие, исто така,ги завладеале и јужните делови на земјата кои располагале со богати природни извори и градови кои забележале значително издигнување уште во римските времиња.

Завојувањето на Шпанија од страна на Арапите значело збогатување на шпанското селско стопанство. Тоа било резултат на врските што ги имале Арапите со високоразвиените источни земји и никогаш не ги изгубиле. Имено, во Шпанија биле воведени голем број источни и јужни култури како што се: оризот, шеќерната трска, палмите, портокаловите дрвја, свилената буба.Тие го развиле и лозарството, како и изработката на вино. Благодарение на системот на канали за наводнување, користен од Арапите,се развило и земјоделството. Тоа значело не само подобрување на методите на земјоделството туку и развој на сточарството (најчесто овчарството), но и рударството и многубројните занаети како производство на изработки од метали, пред сѐ, на оружје, стакло, керамички изработки, производство на хартија, производи од кожа и др.(Скаскин и др., 1970: 409).

Во текот на X век, престолнината на арапската држава Кордоба се издигнала во еден од најголемите занаетчиски, трговски и културни центри во Европа. Освен овој град, со својот расцут се истакнале и другите шпански градови што се одликувале со широка надворешна трговија по море (со Африка, Италија, Византија и сл.) и по сувоземен пат (со Јужна Франција и Ломбардија). Благодарение на ова дошло до распространување на шпанските стоки во Индија и во Средна Азија, а извозот најчесто се засновал на производи од селското стопанство, рударство и занаетчиство. Во овој период, освен надворешната трговија подем доживеала и внатрешната трговија.

Од градското население најбитно место заземале трговците, но и занаетчиите. Во таа смисла, со расцутот на градскиот живот и зголемувањето на трговско-занаетчиските врвни слоеви, во XI-от век биле направени обиди за воведување на републичко уредување во градовите Севилја, Кордоба, Валенсија и Толедо, но зголемувањето на нивната политичка самостојност било спречено од страна на арапските феудалци.

Освен гореспоменатите гранки, во периодот кога била Шпанија под арапска власт со свој развој се карактеризирале и културата, медицината, математиката, географијата, филозофијата, уметноста и литературата. Ова се случило во период кога сè уште било нисконивото на културата во преостанатот дел од Западна Европа. Додека во Кордоба имало голема библиотека и највисоко училиште, ваков вид училишта од цела Европа најнапред биле основани во арапска Шпанија, а Европејцитешто сакале да стекнат високо образование доаѓале во Шпанија.

Арапската култура од Шпанија влијаела и се проширила во Западна Европа. На тој начин, од Шпанија во преостанатите европски земји биле пренесени голем број дела од областа на математиката, астрономијата, физиката, алхемијата, медицината и филозофијата, напишани на арапски јазик. До периодот на Ренесансата, делата на старогрчките мислители и научници (Аристотел, Хипократ, Птоломеј, итн.) му биле познатина Западот благодарение на преводот од арапскина латински јазик.

Многу од спомениците во Шпанија кои се зачувани до денешно време сведочат за развојот на градежништвото и за арапско-шпанската архитектура. Таков споменик е и џамијата во Кордоба, изградена во периодот од VII-X век а претворена во христијански храмво XIII век; дворецот на владетелите на Гранада – познатата Алхамбра, изграден во текот на XIII-XIV век; дворецот-тврдина Алказар во Севилја,подигнат во XII век.

## 1.2 Повторното освојување на шпанските територии

Како што е наведено во претходната глава, речиси целиот Пиринејски Полуостров со исклучок на северната земја Астурија бил освоен од страна на Арапите. Со преземените походи на Франките кон крајот на VIII и во почетокот на IX век, на североисток од Пиринејскиот Полуостров била основана Шпанската марка чија престолнина била Барселона. Во IX век од оваа марка се одделила Навара. Таа била една од двете

христијански држави во Северна Шпанија (Навара и Астурија) од кои започнала познатата Реконквиста, односно повторното освојување на шпанските територии освоени од Арапите (Скаскин и др., 1970: 410).

Во текот на Реконквистата, во почетокот на X век, Астурија ги проширила своите граници и се претворила во Кралството Леон. Од ова кралство во X-от век се издвоила нова држава - Кастилија,која во 1037 година станала кралство. По некое време овие две кралства се одвоиле, но и покрај тоа тие ја одиграле најбитната улога во Реконквистата.

Навара не била единствената држава што се одвоила од Шпанската марка. Таков бил случајот и со државата Каталонија составена од неколку грофовства, од кои главното грофовство била Барселона. Од истата марка се одделила и државата Арагон која во XII век се соединила со Каталонија во едно кралство - Арагонско (во 1137 година). Освен кралствата Кастилија и Арагон, на крајот на XI век во западниот дел на Пиринејскиот Полуостров се појавило и португалското грофовство, кое како и преостанатите две станало кралство во XII век. Токму овие три кралства: Кастилија, Арогон и Португалија успеале повторно да ги освојат кон крајот на XII век сите шпански територии кои претходно биле освоени од страна на Арапите.

Ослободувањето на шпанските држави од арапската власт настанало како резултат на феудалната расцепканост на арапската држава во феудални кнежества (23) кои биле непријателски настроени едни кон други. Арапската држава била победена од страна на шпанските држави иако била економски појака од нив, а најбитна улога во ослабувањето на Арапите одиграло распаѓањето на Кордовскиот халифат.

И покрај победата на шпанските држави над Арапите во Шпанија, единството не било карактеристика само за арапската држава туку и за шпанските држави формирани во X-XI век во северниот дел на Пиринејскиот Полуостров. Иако во овој дел на Шпанија постоела кралска власт, сепак помеѓу крупните феудални семејства се воделе жестоки борби во коисе барала помош од муслиманските држави. Доколку се споредува шпанскиот север со арапско-мавританскиот југ, може да се заклучи дека првиот не бил ниту пообединет ниту помоќен од вториот кога станува збор за воен однос. На југ била водена класна борба на селаните и граѓаните против феудалците и таа борба се совпаѓала со борбата со две народности и две религии (Скаскин и др., 1970: 411). Тоа значело дека победниците т.е. Арапите и Маврите (земјопоседници и трговци) на победеното шпанско

население гледале како на извор за даноци и за феудална рента. Победените можеле да се поделат во две групи и тоа: *Мосараби* - оние што го прифатиле арапскиот јазик и некои арапски обичаи а ја зачувале христијанската религија, и *Ренегадос* - оние што освен арапскиот јазик и обичаи го примиле и исламот. Без разлика на која од овие две групи припаѓало населението и без оглед на тоа дали живеело на село или во град, тоа било потчинето и експлоатирано. Поради тоа христијанското население од градовите и селата во повеќе наврати и во поголем број се иселило на север, а тоа довело до ослабување на арапската држава и зајакнување на Реконквистата.

Иако во северниот дел на Шпанија постојано се водела борба меѓу христијанските држави, пред сѐ, меѓу Кастилија и Арагон, и постоело непријателство меѓу феудалците, сепак, Шпанците настапиле единствено против непријателот. Уште од својот почеток, Реконквистата ја карактеризирало воено-колонизаторското движење во кое активно учествувале сите слоеви на населението, но најмногубројни биле селаните кои на повторно освоените територии се здобивале не само со лична слобода туку и со земја. Поради оваа причина, овој слој од населението бил најмногу заинтерисиран за Реконквистата од која биле дел и феудалците.

Ослободувањето на шпанските земји од Маврите започнало кон крајот на VIII и во почетокот на IX век, а завршило во XIII век. Првата позначајна победа на Шпанците била извојувана во 1085 година со освојувањето на Толедо, еден од најголемите градови под арапска власт. Реконквистата продолжила да ниже успеси, а тоа ги принудило ослабените муслимански господари да побараат помош. Таа најнапред била побарана од северноафриканските Бербери кои во втората половина на XI век во Северна Африка ја создале моќната држава на Алмораидите. Така, во 1086 година Берберите им нанеле пораз на кастилијанските војски со што за одреден период била прекината Реконквистата. Во средината на XII век, улогата на Алмораидите била преземена од новите завојувачи од Африка – Алмохадите, кои биле планински берберски племиња од Мароко и тие како и нивните претходници ја опустошиле земјата. Без разлика на овие достигнувања, единството за кое мечтаеле сите не било својствено ниту за Алмохадите. Благодарение на тоа, обединетите сили на шпанските кралства во Лас Навас де Толос им нанеле пораз на Маврите во 1212 година, а со тоа бил означен почетокот на крајот на нивното владеење во Шпанија.

Во продолжение на оваа победа, во низата повторни освојувања на шпанските територии следело преземањето на Кордоба во 1236 година, на Севилја во 1248 година од страна на Кастилија и заземањето на Балеарските Острови во периодот од 1229-1235 година, и на Валенсија во 1238 година од Кралството Арагон. Во 1262 година, Кастилија го зазела Кадис, а тоа значело излегување на брегот на Атлантскиот Океан.

Со ова кон крајот на XIII век, под арапска власт останала само Јужна Шпанија односно Гранадскиот емират со центар Гранада. Тоа воедно бил и најбогатиот дел на Шпанија во кој цветале земјоделството, трговијата и занаетите. Но, и покрај тоа, Арапите успеале да се задржат краткотрајно во овој дел на Шпанија, сè до 1492 година.

Реконквистата за Шпанија не значела само повторно освојување на териториите туку и нивно зајакнување, населување на опустошените области, но и постојано чување на границите од нападите на Арапите. Иако селаните ја одиграле најбитната улога во Реконквистата, најголема корист од неа добиле крупните феудални земјопоседници кои на заземените територии создале огромни поседи.

## 1.3 Арагон, Кастилија и Португалија

Од многубројните држави што биле формирани на Пиринејскиот Полуостров, во овој магистерски труд ќе се обрати внимание само на Кралството Арагон и на Кралството Кастилија, како две најзначајни кралства за Реконквистата.

### 1.3.1 Арагон

Арагонското кралство било создадено во текот на XII-XIII век од три дела: Арагон - го сочинувал западниот континентален дел на кралството и крајбрежните области; Каталонија - се присоединила кон Арагон во XII век; Валенсија - се обединила со Арагон и Каталонија во XIII век. За разлика од Арагон кој претставувал аграрна област во Шпанија со заостаната економија и политички престиж во кој уживале моќните арагонски феудалци, Каталонија се карактеризирала со значителен развој на градовите, занаетчиството и трговијата. Без оглед на ваквите разлики, заедничко за Арагон и за

Каталонија е тоа дека селаните биле лишени од каква било заштита и во сè зависеле од феудалците.

Благодарение на политичкиот престиж кој им одел во прилог на арагонските феудалци т.н. *рикос омбрес* (богати луѓе), тие уживале политичка самостојност, биле ослободени од секакви давачки, биле моќни меѓу себе да склучуваат сојузи и да му објават војна на кралот, а со тоа самите да ги соборуваат и да ги избираат кралевите. И покрај политичкото влијание во Арагон, тоа во поголема мера било присутно во Каталонија и во Валенсија зашто тие одржувале односи со Италија и со Јужна Франција, односно биле дел од средоземноморската трговија. Како најразвиена од трите дела на Арагонското кралство можела да се истакне Каталонија чии градови, пред сè Барселона, биле важни трговски центри со развиено занаетчиство како добивање и обработка на метали, производтво на кожа, изградба на бродови и др.

Сепак, Арагонското кралство прераснало во моќна поморска држава со присоединувањето на Балеарските Острови во XIII век, Сицилија во 1302 година, Сардинија во 1324 година и Неаполитанското кралство во 1442 година.

### 1.3.2 Кастилија

Кралството Кастилија го опфаќало централниот дел на Шпанија и опфаќало три петтини од Пиринејскиот Полуостров.

Во Кастилија како и во преостанатите држави на овој полуостров, битна улога во Реконквистата имало крупното земјопоседништво на црквата, рицарските редови и феудалците. Рицарите, за разлика од другите држави, во Кастилија биле помногубројни и се одликувале со воинственост.

Терминот Кастилија преведен од шпански значи „земја на градови или замоци", а тоа го потврдува и самата Кастилија составена од голем број различни градови. Тие биле утврдувања подготвени за одбрана и служеле како пунктови за движење кон југ во текот на Реконквистата. Во почетокот т.е. до XII век, доколку се има предвид економскиот карактер на кастилијанските градови, може да се каже дека тие претставувале само поголеми села чии жители во најголем дел се занимавале со земјоделско стопанство. Но, со текот на времето тие се претвориле во центри со развиено занаетчиство и трговија. Во

освоените градови од Арапите, до крајот на XV век, занаетчиството и трговијата биле во сопственост на арапското и еврејското население кое останувало да живее на преземените територии и до средината на XIV век не било предмет на поголемо протерување.

Почетокот на Реконквистата во некои стари северни делови на Кастилија се одликувал и со селански востанија, особено зачестени од XI век, како резултат на тешката положба на селаните во овие области. Селаните што ги населувале освоените територии од Маврите живееле поинаку. На одземените области (сопственост на Кастилија) од Маврите биле привлекувани доселеници за заштита на тие територии и им биле давани привилегии и слободи. Овие доселеници во XII и XIII век во најголем број биле слободни селани. Значи, со Реконквистата биле создадени широки можности за бегање на селаните поради што кастилијанските феудалци морале постепено да ја ослабуваат експлоатацијата на селаните и во старите области на кралството. Широките и пространи за наводнување каменести висорамнини на Кастилија биле непогодни за земјоделство, но погодни за овчарство. Така дошло до значителен развој на овчарството во Кастилија, крупните земјопоседници коишто ги управувале пространите територии одгледувале огромни стада овци, а шпанската волна во најголем дел била пласирана во Италија и делумно во Флоренција.

### 1.3.3 Португалија

Третото кралство што постоело на Пиринејскиот Полуостров било Португалија.

Во средината на XIII век португалските кралеви се ослободиле од суверенитетот на Кастилија и се прогласиле себеси за непосредни вазали на папскиот престол (Скаскин и др., 1970: 415). Од приморските португалски градови, градот Лисабон се здобил со најголемо значење и станал еден од главните трговски центри во Европа.

## 1.4 Соединувањето на Кастилија и Арагон во Единствено Кралство Шпанија

Еден од најважните настани во историјата на Шпанија, но и во нејзината кралска власт е обединувањето на Арагон и Кастилија во 1479 година. Овие две кралства биле обединети во Единствено Кралство Шпанија под власт на брачната двојка

Фердинанд,арагонски крал, и Изабела, кастилијанска кралица. Ова шпанско кралство во XVI век се издигнало во една од најсилните држави во Европа.

Црквата, пред сѐ,инквизицијата што била воведена во Шпанија во 1480 година, ѝ пружила поддршка на кралската власт на тој начин што се борела против секаков вид ереси кои можеле да го доведат во прашање господарењето на црквата.

Откако шпанските кралеви ги зајакнале позициите внатре во земјата, своите сили ги насочиле кон проширување на територијата на државата. Во таа смисла, првиот удар му бил зададен на Гранадскиот емират, а тоа воедно било и последното владеење на Арапите во Шпанија. Во 1492 година, по долготрајното опколување дошло до капитулација на Гранада. Со нејзиното освојување целиот Пиринејски Полуостров, освен Португалија, бил обединет под власта на шпанските кралеви.

Гранада била предадена од страна на Маврите под услов тие слободно да си го извршуваат муслиманскиот култ и муслиманите да си ги зачуваат своите имоти. Овој услов ги вклучувал и Евреите. Но, и покрај дадените ветувања, условот не бил исполнет. Маврите и Евреите насилно биле принудувани да ја прифатат христијанската вера, а сите Евреи што не сакале да преминат во христијани биле протерани од Шпанија во 1492 година и нивниот имот бил конфискуван. Оние муслимани што биле прогонувани кренале повеќе востанија, но сите биле безуспешни. Им било предложено истото што и на Евреите т.е. да се покрстат или да ја напуштат Шпанија (во 1502 година). Во оваа смисла, поголем дел од муслиманите и Евреите кои живееле во јужниот дел на Шпанија се преселиле во Африка, а тоа значело одлив на населението кое било значајно за економскиот развој на земјата.Како последица на нивното заминување од Шпанија, биле прекинати трговските врски коишто Гранадскиот емират ги одржувал со Северна Африка и со Исток. Се претпоставува дека 275 илјади Маври ја напуштиле Шпанија. Последиците од нивното протерување биле тешки за одредување зашто бројот на Маврите бил различен во разни делови на Шпанија, а со тоа и економската сила. Кастилија не почувствувала никакви последици, но за Арагон и за Валенсија (во времето кога биле протерани Маврите, во 1609 година, најголем дел од нив живееле во Валенсија) тоа значело големазагуба во областа на земјоделството и занаетчиството. Со протерувањето на Маврите можело да се објасни и да се сфати долготрајното пропаѓање на шпанското стопанство (Živojinović, 1989: 290). Од друга страна, нивното протерување значело зацврстување на положбата на католичката

црква. Во овој период,инквизицијата немала што да работи, па била посветена само на прогонување вештерки и на надгледување на увозот на книги. Нејзината власт била неусловена и целосна, свештенството трошело големи средства за да се здобие со привилегирана состојба, а приходите на црквата биле огромни и се состоеле во подароци, пари, скапоцености, имоти и др.

Владеењето на Фердинанд и Изабела во Шпанија се одликувало со установување на апсолутистичка монархија, а крупните феудалци ја изгубиле политичката самостојност и се претвориле во дворска аристократија.

## 2. ОТКРИВАЊЕТО НА НОВИОТ СВЕТ И ПОДЕМОТ НА ЕВРОПА

Употребата на нови техники во печатењето, во начинот на војување, уметноста и науката се некои од работите кои довеле до подем на Европа, но тоа воздигнување го достигнало својот врв со патувањата и истражувањата на морепловците на крајбрежјето на Атлантикот. Иако интересот на морепловците и авантуристите за нови земји и богатства постоел и во средниот век, сепак тој добил посебен израз во XV и XVI век кога постигнал дотогаш невидени резултати. Многубројни и разновидни биле причините кои ги поттикнале морепловците и авантуристите за истражувања: верски, профани и економски. Имено, во интерес на државите било нивните владетели да ги потпомогнат финансиски експедициите во непознатите земји. Тоа доведувало до колонизација од политички и економски карактер на новооткриените простори, нивно претворање во извор на суровини и благородни метали и преобразување на домородното население во христијани. Тоа го поттикнало и развојот на стопанството во Европа, но и придонело до наметнување на европските културни и верски вредности на поголемиот дел од населението. Од ова може да се заклучи дека со географските откритија започнала ерата на превласт на Европа во текот на следните векови, а со патувањата и откритијата на португалските и шпанските морепловци започнала една нова ера во целиот свет. Оваа ера била обележана со постојана борба меѓу христијанството и исламот, но и желба за владеење со трговијата на златото.

Потрагата по златото била сила којашто ги движела сите, главна цел но и причина за појавување на приказните за огромни богатства во Сахара. Златото било прибирано и пренесувано до нејзините крајбрежни градови од каде со карвани било донесувано во пристаништата на Средоземното Море: Алжир, Тунис, итн. Главна цел и желба на Португалците била тие да ја раководат трговијата созлато, а на тој начин да се избегне посредничката улога што ја имале муслиманите. За да се оствари ова започнала трговијата со луѓе од Африка - робови (Živojinović, 1989: 41). Но,тоа било поттикнато и од недостигот на благородни метали, не само во Португалија туку и во цела Европа. Со текот на времето, Португалците почнале да управуваат значителен дел од трговијата на Африка и тоа значело пренесување на златото по морски пат до Лисабон, благодарение на што дошло до економски развој на Португалија, а земјите од северниот дел на Африка западнале во економска криза. Освен златото, до Португалија била пренесувана и

слоновата коска, како и биберот, а тоа значело голем профит за државата. Ваквата улога и важност на златото траела сè до 1530 година, кога било заменето со трговијатасо робови, односно претворање на Западна Африка во главен извор на работна сила за плантажите во новиот свет.

Друга, исто така, битна причина за истражување била и исхраната на населението.Тогаш во Европа се консумирала еднолична храна (леб, месо, грав и др.), бидејќи не се знаелоза постоењето на пченката и компирот. Шеќерот и млечните призводи се јаделе во мали количества, додека овошјето само во сезона. Заради разбивање на оваа монотонија и зголемување на отпорноста на населението спрема болестите се појавила потребата од зачини. Тие се употребувале како лек, женски парфеми, но и во верски цели. Имено, потребата за цимет, ванила, бибер, каранфилче, ѓумбир и други зачини непрестајнорастела.

## 2.1 Христофор Колумбо и неговиот проект

Годината 1492 е значајна по многу нешта за Шпанија. Таа не го претставува само крајот на повторното освојување на шпанската територија и ослободувањето на Гранада од муслиманска власт туку и периодот кога биле протерани од Шпанија 150 илјади Евреи (Galeano, s.a., 28).Шпанија била под арапска власт цели осум века, а со војната за нејзино ослободување било потрошено целото кралско злато. Во истата година била откриена Америка, а папата Алехандро VI, по потекло од Валенсија, ја назначил кралицата Изабела за сопственичка и господарка на новиот свет.

За разлика од Шпанија, Кралството Португалија ги започнало географските истражувања многу порано, односно во XV век. Имено, принцот Енрике Морепловецот, син на кралот Жуан I од Португалија, во првата половина на XV век го истражувал Атлантскиот брег на Африка. Освен тоа, во 1431 година биле откриени Азорските Острови кои го означувале патот кон Америка. Сепак, откривањето на Западна Индија, новиот свет односно Америка се должи на Христофор Колумбо, по потекло од Ценова. Ова откривање било остварено во 1492 година благодарение на помошта којашто му ја пружиле католичките кралеви од Шпанија, Фердинанд и Изабела.

Христофор Колумбо бил роден во Џенова, најверојатно во 1451 година, во скромно семејство, како трето дете од вкупно петте на брачнатадвојка Доменико Колумбо и Сузана Фонтанароса. Младиот Колумбо завршил само основно училиште и во почетокот се занимавал со плетење на волнени платна, подоцна работел со трговија, а на петнаесет години почнал и да плови. Значајна година за овој морепловец била 1476,тогаш кога се судрила една флота (составена од четири брода од Џенова и еден фламандски брод) со француски бродови од Корзика кај 'ртот Сан Висенте. Битката била кобна и за двете страни, при што некои бродови биле запалени, а десетици морнари починале. Се претпоставува дека Колумбо, кој најверојатно се борел од страна на флотата на Корзика, паднал во водата и успеал да стигне до брегот на Португалија пловејќи со едно весло (Vázquez & Martínez Díaz, 2003: 92). Оттаму продолжил да работи во рамките на поморската трговија и во текот на девет години тој во неколку наврати патувал до Исланд и Гвинеја. По многубројните пловидби кај него се родила идејата дека пловејќи кон запад може да се дојде до Индија и со тоа до неверојатна заработувачка преку трговијата со зачини. Може да се извлече заклучок дека за разлика од португалските морепловци што пловеле кон исток, тие што му служеле на шпанскиот двор пловеле кон запад преку Атлантскиот Океан. Она што е заедничко и за едните и за другите се мотивите за нивните патувања: доаѓање до богатство и ширење на христијанската вера. Идејата дека може да се дојде до Индија ако се плови кон запад произлегла од претпоставката дека Земјата е тркалезна. Додека се подготвувал за својот пат кон запад,Колумбо ги проучувал средновековните писатели, како бискупот Ај и Исидор Севилјски, и картографи - Тосканели, но ги користел и своите искуства за морепловството (Živojinović, 1989: 43). Познавајќи го интересот на Португалија за прекуморските истражувања, Колумбо најнапред му го понудил својот проект на кралот Жуан II од Португалија, којим дал наредба на своите морепловци да пловат во правецот предложен од Колумбо. Во текот на пловидбата тие доживеале невидени бури и се вратиле во Португалија преколнувајќи го Колумбо и притоа тврдејќи дека не постојат земји на запад. Разочаран од негативниот одговор и тажен поради смртта на својата сопруга, во 1486 година Христофор Колумбо решил да ја премине границата и за истото да им се обрати на шпанските кралеви со молба да му доделат средства за патувањето. Така, со својот син Диего пристигнал во манастирот Ла Рабида, во Уелва - Шпанија, и со својот говор успеал да го привлече

интересот на влијателните фратари Антонио де Марчена (експерт по астрономија) и Хуан Перес(поранешен исповедник на кралицата Изабела). Двајцата биле воодушевени од планот на Колумбо и му дале неколку препораки за војводите Мединасели и Мединасидонија. Тие биле големи феудалци со посебен интерес за поморската африканска трговија. Мединасели со ентузијазам го прифатил проектот на Колумбо и решил да го финансира доколку претходно добиел дозвола од кралицата Изабела. Но, таа го одбила предлогот на овој благородник објаснувајќи дека откривањето и населувањето на нови простори не било задача на војводи туку на кралеви, поради што овој војвода бил принуден да го испрати Колумбо на шпанскиот двор. Колумбо бил примен од шпанските кралеви на 20 јануари 1486 година во Алкала де Енарес и веднаш била создадена комисија од експерти чија задача била да го анализираат неговиот проект. Оваа комисија се состанала во Саламанка каде што се наоѓал најпрестижниот универзитет на Кастилија и донела негативна одлука. Иако не бил прифатен проектот, Колумбо не бил истеран затоа што кралевите Изабела и Фернандо знаеле дека неможат без него, бидејќи тој им го нудел единствениот излез што договорот од Алкасовас - Толедо ѝ го дозволувал на Кастилија. Станувало збор за договор кој ѝ оставална Кастилија само еден слободен пат до Индија, онојна запад. Но, во тој период биле јасни причините поради кои овие кралеви не можеле да се сконцентрираат на идејата на Колумбо, зашто сите политички и финансиски средства на кралството биле насочени кон војната за ослободување на Гранада. Единственото нешто што тие можеле да го направат, а се случило, било да го најмат Колумбо и да му ветат дека неговиот проект ќе биде проучен штом заврши војната против Маврите.

Оваа војна траела повеќе отколку што се очекувало, а во текот на целиот тој период Колумбо примал многу ниска плата и морал да живее од продажбата на печатените книги. Времето поминувало, а тој не добил никаков одговор од шпанските кралеви и кон крајот на 1491 година, со помисла дека неговиот план не успеал, одлучил да му го презентира истиот проект на францускиот крал. Со истата цел братот на Колумбо, Бартоломеј заминал за Англија. Пред да ја напушти Шпанија, Колумбо се вратил во манастирот Ла Рабида со намера да се збогува од фратарот Хуан Перес. Тој го замолил Колумбо да почека уште малку истовремено пишувајќи писмо до кралицата Изабела со молба уште еднаш да биде разгледан планот на Колумбо, бидејќи се очекувало во секој момент

Гранада да биде ослободена. Таа го послушала советот на фратарот Хуан Перес и побарала од Колумбо колку што е можно побрзо да дојде во логорот Санта Фе,лоциран пред Гранада.

На истиот датум кога капитулирала Гранада (2 јануари 1492 година) била свикана комисија за да ги разгледа трошоците и барањата на Колумбо, но кралот Фердинанд одбил да ги прифати бидејќи не биле значајни за кралството.Поради тоа Колумбо си заминал, но недалеку од Гранада бил стасан од еден кралски гласник пратен да го врати назад. Тоа се случилобидејќи фратарот Хуан Перес и Хуан де Колома (кралски секретар на Арагон) го убедиле кралот Фердинанд да му ја додели на Колумбо титулата адмирал.

Договорот помеѓу Колумбо и католичките кралеви бил потпишан на 17 април 1492 година и бил наречен *Капитулациите(las Capitulaciones)*. Со овој договор кралевите Изабела и Фернандо му ги дале на Колумбо следниве привилегии:

1.° Титула Адмирал на Океанското Море, Гувернер и Владетел на сите земјишта коишто ќе ги открие; функции коишто би преминале по смртта на Колумбо на неговите законски наследници.
2.° Десетти дел од обезбедените богатства од Индија.
3.° Право да придонесе со една осмина кон трошоците за идните флоти, а со тоа да добие осмина од добивките (Vázquez & Martínez Díaz, 2003: 94).

Подготовките за патувањето биле завршени за рекордно кратко време, а трошокот за експедицијата достигнал 34.000 $. За авантурите на оваа експедиција биле доделени најдобрите морнари и трите брода: *Пинта* (*Pinta*), *Нуња* (*Niña*) и *Санта Марија* (*Santa María*).

### 2.1.1 Патувањата на Христофор Колумбо и откривањето на Америка

На 3 август 1492 година од пристаништето Палос, во јужниот дел на Шпанија, отпловила една флота составена од три мали брода - каравели, од кои секоја тежела од 140 до 180 тони. Екипажот на трите брода се состоел од околу 120 мажи.Тие пристигнале на Канарските Острови, а оттаму повторно заминале на 6 септември 1492 година. Уште од првиот момент кога испловиле бродовите, адмиралот водел двојна евиденција за испловените милји: јавна - којашто се читала секојдневно и тајна - каде што се запишувала реалната цифра која била многу повисока од таа што стоела во официјалните известувања.

Морнарите воопшто не наишле на  копно до месецот октомври и поради тоамеѓу нив се појавил сеопшт немир, па малку недостасувало да се побунат.

Конечно, утрото на 12 октомври од бродот Пинта бил здогледан еден од Бахамските Острови. Кај домородното население овој остров бил познат под името Гванаани (Guanahaní), а Шпанците го нарекле Сан Салвадор. За време на истото патување во период од три месеци, пловејќи низ морето на Антилите, од истата флота биле откриени Куба и Хаити (за овој остров Шпанците го користеле називот Ла Еспањола), а токму тука бродот Санта Марија доживеал бродолом.

Враќањето кон Пиринејскиот Полуостров започнало на 16 јануари 1493 година и притоа се случиле многу незгоди. Имено, двата брода доживеале јаки бури и се раздвоиле. Меѓутоа, за среќа и двата успеале, иако не заедно, да стигнат до пристаништето Палос. Неверојатна е случајноста дека тоа се случило на ист ден, односно на 15 март 1493 година.

Набргу потоа, католичките кралеви побарале од папата да им бидат доделени откриените територии. Заради избегнување на конфликтите со Португалија, била одредена една линија за поделба на териториите север - југ што ги означувала деловите коиѝ припаѓале на шпанската круна и оние што биле сопственост на португалската. Значи, земјите на запад се наоѓале под шпанска власт, а оние на исток под португалска власт.

Но, поради непрецизноста на линијата, што се наоѓала на 1.000 лиги на запад од Азорските Острови или Зеленортските Острови т.е. архипелази сместени на различни меридијани, имало потреба од директни преговори помеѓу двете кралства. Со намера да се постигне спогодба, комисијата за граници се состанала во Тордесиљас и со Договорот од Тордесиљас (El Tratado de Tordesillas), потпишан во 1494 година, била одредена линија на 370 лиги западно од Зеленортските Острови (Galeano, s.a., 32).

Во меѓувреме, на 26 септември 1493 година, Колумбо заминал на своето второ патување во новиот свет. За разлика од првиот пат, сега тргнал со вистинска експедиција со колонизаторски цели т.е. со 17 брода кои пренесувале 1.500 мажи, десетици говеда, семки и сè што било потребно за да воспостави трговска установа на Хаити.

Сепак, не се реализирале очекуваните резултати бидејќи експедицијата доживеала неуспех.Причина за тој неуспех била климата, непознатите болести, недостатокот од благородни метали, како и непријателскиот однос на домородното население кое се соочило со нечовечкото однесување од страна на адмиралот и слабата способност за

владеење на неговите луѓе. Доказ за тоа бил првиот европски град во новиот свет наречен Изабела, кој по ништо не се разликувал од индијанските села, а неговите жители преживувале благодарение на прехранбените продукти што биле испраќани од метрополата одвреме-навреме. Не само при првото патување туку и за време на второто не било пронајдено ни злато ни зачини. Сепак, продолжила потрагата по богатото царство Кина, но и таа дала негативни резултати, иако адмиралот бил сигурен и ги убедувал своите морнари дека Куба, еден од многуистражуваните острови во тој период,претставувала дел од Кина (Vázquez & Martínez Díaz, 2003: 97).

Како последица на тоа, Изабела и Фердинанд одлучиле да го заменат Колумбо со Педро де Агуадо, кој за нив претставувал поефикасен владетел достоен за доверба. Ваквиот тек на настаните почнал да го загрижува Колумбо и одлучил да се врати во Шпанија за да го одбрани своето однесување пред католичките кралеви. Може да се каже дека успеал во своите намери зашто кралевите го прогласиле за невин за сите злосторства што му се препишувале и му дозволиле да замине на третото патување во 1498 година. И покрај вложениот напор тој не успеал да го одржи единството на својот монопол.Краток период по неговото заменување, на Алонсо де Охеда, кој учествувал во второто патување на Колумбо и се истакнал со исклучителна храброст, му било дозволено самиот да ја истражи Индија. Имено, Алонсо го реализирал своето патување во мај 1499 година, при што испловил еден дел од американскиот континент. Меѓу луѓето што биле во служба на Алонсо де Охеда се наоѓал и Италијанецот Америко Веспучо, кој се прославил по тоа што му го дал своето име на новиот континент. Колумбо заминал и на четврто патување во 1502 година.Во текот на второто, третото и на четвртото патување (во 1493, 1498 и во 1502 година), биле откриени Венецуела, Панама, Јамајка, Порторико и други острови.

Иако бил добар морепловец, Колумбо имал малку познавања од областа на науката т.е. сметал дека Земјата е многу помала од тоа што всушност е, и поради тоа мислел дека лесно може да дојде до Индија или до Јапонија пловејќи на запад. Америка не била откриена за да се пронајде злато, туку заради зачините кои во тој период се пренесувале во Европа преку Азија по долги и опасни патишта. Од денешна гледна точка изгледа незамислива важноста којашто во тој период им се придавала на зачините. За да се разбере ова треба да се има предвид дека во средниот век не се знаело ни за кафето, ни за чајот, ниту за тутунот. Зачините биле единственото средство што можело да им даде пријатен

вкус на јадењата и пијалаците. Колумбо трагајќи по нив, открил нов свет, а починал во 1506 година без да знае за новооткриениот континент којшто не бил Азија. Во последните години од својот живот, Колумбо уживал мал степен на почитување и авторитет и затоа се вели дека е праведно што новиот свет бил наречен Америка а не Колумбија. Ова тврдење е поддржано и од фактот дека Веспучо придонесол за ширењето на една вистина, додека Колумбо само настојувал да одбрани една лага.За разлика од Веспучо, чии врски со патувањето ѝ биле познати на Европа бидејќи биле напишани на латински, расказите на Колумбо биле на шпански јазик (Castro, 1941: 28).

Териториите коишто биле истражени во периодот од 1492 до 1506 година не ги оправдале надежите на католичките кралеви затоа што биле пронајдени многу мали количества злато, а другите богатства не можеле да го заменат тој недостаток. Во новооткриените територии се заминувалосо очекувања како од сказните. Меѓутоа, треба да се има предвид дека сите не заминувале со ист ентузијазам и намера. На пример, фратарите и претставниците на кралевите се стремеле кон преобразба на домородното население во христијани и воспоставување на режимот за праведно владеење. Додека, пак, оние со висок степен на образованиеи култура веднаш почналеда го проучуваат животот и природата на новите земји. Тоа што се постигнало било резултат на неверојатната способност со која се одликувале Шпанците кои преминувале во Америка, носејќи ги со себе сите свои доблести, страсти, но и мани. Ако не било така,тогаш тие би останале на Антилите и не би ги продолжиле натамошните истражувања.

## 3.ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА АМЕРИКАНСКИОТ КОНТИНЕНТ

Континентот Америка се простира од полот Арктик до полот Антарктик и без разлика дали ќе се смета за единечен или двоен континент, тој е најиздолжената површина на планетата Земја со 16.000 км во правецот север - југ. Пространството што го зафаќа овој континенет образува два триаголника т.е. Северна Америка и Јужна Америка, кои меѓусебно се поврзани со Мезоамерика (Morales Pardón, 1986: 7).Значи, неговата вкупна површина изнесува 42.000.000 км$^2$, а неговата средна висина достигнува 650 м над морското ниво (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 7).

За да се разликуваат државите што се наоѓаат во Латинска Америка од преостанатите се користеле различни термини: Хиспаноамерика, Шпанска Америка, Ибероамерика (којашто го вклучува и Бразил), Јужна Америка и Латинска Америка. На тој начин, според некои автори, називот што денес најмногу се употребува во тие држави е Латинска Америка. Но, според други, ова име не е точно и покрај фактот дека шпанскиот и португалскиот јазик потекнуваат од латинскиот. Ова може да се потврди и со примерот дека делот на Канада каде што се зборува француски јазик не се нарекува Француска Канада, односно за Соединетите Американски Држави не се применува името Германска Америка, иако англискиот јазик спаѓа во групата германски јазици. Токму затоа при именувањето на американските нации чиј официјален јазик е шпанскиот или португалскиот треба да се употребува терминот Ибероамерика односно Хиспаноамерика, доколку станува збор за земјите во кои се зборува шпанскиот јазик (Castro, 1941: 1).

Од географска гледна точка, новиот свет има две разликувачи одлики во однос напреостанатите континенти. Првата од нив е фактот дека овој свет претставува најизолирана земјена површина, одвоена од преостанатиот свет со двата големи океана, Атлантскиот и Тихиот. Единствената точка преку која тој доаѓа во допир со стариот свет се наоѓа во северозападниот дел каде што Беринговото Море го приближува овој континент до Азија. Втората карактеристика се планинските венци (Карпестите Планини, Сиера Мадре, Сиерас Костерас и Андите), кои се сконцентрирани во западниот или пацифичкиот предел. Овие две својства доведуваат до појава на секаков вид на пејзажи и клими низ целото пространство на континентот, а тоа од своја страна влијае и го условува речниот и езерскиот систем, распространетоста на населението и економската активност.

Како доказ, доволно е да се посочи дека девет од дваесет и петте најдолги реки во светот се наоѓаат во Америка, од кои пет течат низ Ибероамерика (Амазон, Плата - Парана, Рио Браво дел Норте, Ориноко и Сан Франсиско). Значи,новиот свет ги поседува најголемите резерви со слатка вода на Земјата. Ибероамерика, исто така, е покриена и со прекрасни езера: Чалапа, Патскуаро и Ксочимилко во Мексико; Манагва, Никарагва и Атитлан во Централна Америка; и Маракаибо и Титикака во Јужна Америка.

Освен горенаведеното, треба да се споменат и водопадите во новиот свет, кои изобилуваат со својата убавина и се многу битни од економски аспект. Такви се: Салто дел Анхел во Венецуела, кои воедно се и највисоките водопади на планетата со 808 м височина, и водопадот Игуасу којшто се образува при спојување на истоимената река со реката Парана.

## 3.1 Клима

Огромната географска ширина на Америка и нејзиниот различен релјеф овозможуваат појава на разновидни климатски зони кои се повторуваат на повеќе наврати. На пример, Мексико се одликува со тропска клима, иако во одделни предели таа варира, каков што е случајот со долината на Мексико каде што преовладува суптропската клима, додека, пак, во делот на Мексико што се наоѓа северно од Тропико де Кансер доминира степската и пустинската клима. На Антилите преовладува тропската топлина и силните дождови, поради што населението се населува во западните. помалку врнежливи и суви делови.

Спротивно од Централна Америка, во Јужна Америка има две зони: меѓутропска и умерена зона. Во првата зона се разликуваат четири климатски вида: екваторска - што ја опфаќа долината на Амазон и Пацифичкото крајбрежје на Еквадор и Колумбија и која се одликува со умерена температура (околу 25°C) и изобилни дождови во текот на целата година; тропска - доминантна во Јужна Америка чијашто главна одлика се сувите периоди; високопланинска - почнувајќи од 5.000 м,карактеристична за Андите,проследена со студ и температури под 0°C; и пустинска - од јужниот дел на Еквадор до северниот дел на Чиле и крајбрежјето на Перу каде што преовладува преголема суша. Како и во претходната зона, така и во умерената (цел јужен Бразил, Уругвај, Аргентина и Чиле) се

појавуваат четири климатски типови: кинески (јужен Бразил, југоисточна Аргентина и Уругвај), се одликува со топло, влажно лето и блага, врнежлива зима; медитерански (во средишниот дел на Чиле), кој се разликува од претходниот само по тоа што ретко врне налето; океански (јужниот дел на Чиле) - во овие предели едвај се одделува летото од зимата; и сув континентален тип во Патагонија со степска континентална клима во источните предели заради присуството на Андите кои го спречуваат навлегувањето во континентот на влажните и умерени ветрови што доаѓаат од Тихиот Океан.

## 3.2 Флора и фауна

Во Ибероамерика се присутни сите видови вегетација: недопрена екваторска прашума; савани и тропски шуми; степи и пустини во сувите предели; ливади (pampas), итн.

Што се однесува до животинските видови во Америка, се прави разлика помеѓу фауната што живее во северниот супконтинент и таа што го населува јужниот супконтинент. Првата е слична на фауната од Европа и Азија до тој степен што многу често биолозите ги ставаат во иста група животинските видови од овие територии. Напротив, втората подразбира животни кои неможе да се сретнат во ниеден друг дел од светот. Имено, во северниот и централниот дел  на Мексико најпознати животни се: пумата, којотот, бизонот, кајманите од видот алигатор и др., и мнозинството од овие животни припаѓаат на северно-американските видови. Во Централна Америка живеат голем број јагуари, мравојади, различни видови отровни змии, игуани, кајмани и кецал (птица за која постои опасност од истребување). Во фауната на Јужна Америка се вбројуваат различни видови на мајмуни, јагуар, пума, а за пределот на Андите карактеристични се ламите. Од птиците со своето присуство се истакнуваат колибрите, кондорите, кралските орли-мршојадци и сл.

### 3.3 Население

За разлика од Европа и Азија, новиот свет е слабо населен бидејќи на неговите пространства од 42.000.000 км$^2$ живеат само 600 милиони жители. Поради тоа средната густина е доста ниска т.е. 14 жители на 1км$^2$, што е многу помалку споредено со густината на европскиот (66 жители/км$^2$) и азискиот континент (63,4 жители/км$^2$) (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 12).

За населението во Латинска Америка, исто така, е карактеристична и нерамномерната населеност. На пример, во Боливија бројот на жители на квадратен километар не достигнува ни 6 лица, за разлика од Ел Салвадор каде што таа цифра изнесува 215. Причината за оваа нееднаквост е климата во новиот свет, и како резултат на тоа многу места се речиси воопшто ненаселени (пустинскиот дел на Мексико, централните и јужните Анди, долината на Амазон и екстремниот југ на континентот) со по 1 жител на квадратен километар. Од друга страна, премногу населени се местата коишто се наоѓаат во близина на бреговите и големите градови како Каракас, Монтевидео, Буенос Аирес, Сантијаго де Чиле, Лима, Богота, Кито и Мексико Сити.

Тоа што му дава посебен белег на населението на Ибероамерика е измешаноста на расите почнувајќи од XVI век. Мешањето на белците, луѓето од Африка, па дури и на Азијците со автохтоното население - американските Индијанци, резултирало со нови етнички групи (мелези, мулати и индивидуи чии потомци се Африканци и Американци).

Американските Индијанци претставуваат индијанска раса која ѝприпаѓа на жолтата раса. По пристигањето на Европејците во новиот свет милиони американски Абориџини изумреле како резултат на нападите од страна на белите луѓе или како последица на болестите (варичела, грип и сипаници), дотогаш непознати за нив. Токму поради ова, денес, Индијанците претставуваат само 10% од вкупното население.

За разлика од нив, белците, по доаѓањето на Колумбо не престанале да го населуваат американскиот континент, без разлика дали како колонисти (XVI и XVII век) или како емигранти (XIX и XX век). Така, се смета дека бројот на Европејците коишто дошле во новиот свет изнесува 40 милиони и најголемиот дел од белите доселеници во Хиспаноамерика биле Шпанци, а во поскоро време и Италијанци.

Спротивно на нив, луѓето од Африка биле донесени во Шпанска Америка не по своја желба, туку во својство на робови,а нивниот број никогаш не бил голем.

Во денешно време, овие три расни групи, како и нивното машање не се секаде подеднакво присутни. За да се укаже на тоа, доволно е да се посочат државите во кои живеат мелези: Мексико, Ел Салвадор, Никарагва, Хондурас, Панама, Колумбија, Венецуела, Чиле и Доминиканската Република. Во сите нив преовладува мешаното население кое потекнува од мешањето на белата раса со Индијанците. Сепак, политичката и економската моќ се во рацете на чистокрвните белци. Земјите во кои доминира индијанското население се: Перу, Боливија и Еквадор; значи, американските Индијанци ја сочинуваат основата на населението. Белата раса е најприсутна во:Аргентина, Уругвај, Костарика и Куба. Она што е заедничко за сите држави на Шпанска Америка е високата стапка на наталитет и ниската стапка на морталитет, а тоа се должи на големата употреба на пеницилин и вакцини.

Најгусто населени градови во Шпанска Америка се: Мексико Сити и Буенос Аирес со по еден милион жители,како и градовите што се приближуваат до оваа бројка: Богота, Сантијаго де Чиле, Каракас и Лима. Главните причини за нивната густа населеност се: административниот централизам на главните градови и емиграцијата на селаните во градовите заради подобрување на условите за живот. Меѓутоа, последиците од овие движења се катастрофални, а за тоа сведочат следниве факти: урбанистичкиот хаос, десетици илјади трошни куќи без електрична енергија, вода и санитарија,како и уништувањето на зградите подигнати во колонијалниот период.

### 3.4 Економија

Латинска Америка претставува еден од ретките региони на Земјата што можат да се пофалат со своите природни богатства. Но, за жал, многу од ресурсите сè уште не се откриени, а оние што се веќе познати или се лошо експлоатирани или лошо распределени. Како за пример, доволно е да се спомене ставот на многумина експерти,според кои, 7,4% од нафтените резерви на Земјата се наоѓаат токму тука, но тоа не може да се потврди во реалноста поради отсуството на подлабоки проучувања во таа област.

Сепак, Ибероамерика се одликува со одгледување на многубројни и разновидни растенија како што се: кафето, какаото, шеќерната трска, егзотичните овошја, житарките, лозјата, маслинките, житото, бананите и др.

И покрај изобилството од природни ресурси, како енегретски така и минерални, индустријата на Ибероамерика спаѓа во групата на неразвиени земји. Една од причините за тоа е слабата патна инфраструктура која не дозволува развивање на индустриските региони и поради која фабриките се принудени да се основаат околу големите градови. Но, исто така,повеќето од фирмите во Хиспаноамерика зависат од големите мултинацонални компании кои ја контролираат технологијата и го управуваат производството според своите потреби, а не во согласност сопотребите на државата.

Оваа зависност на Латинска Америка од развиените нации се отсликува и во трговијата. Како што е веќе посочено, земјите од Централна и Јужна Америка немаат развиена индустрија и поради тоа се принудени да увезуваат секаков вид машини, технологија и произведени продукти. Овие увезени производи се плаќаат со интернационални валути добиени благодарение на извозите кои секогаш се состојат од нафта, минерали или тропски овошја. Сево ова води кон банкрот на економиите на државите во Ибероамерика, односно богатите земји коишто веќе купуваат од нив ако го намалат увозот или цените, тогаш влоговите на латиноамериканските држави ќе се намалат и ќепредизвика побарување на кредити во валути на интернационалните институции за да ги намират своите увози. Во последните години ова претставува реалност, т.е. надворешниот долг претставува најголем проблем за Хиспаноамерика во денешно време.

# 4. АМЕРИКА ПРЕД ХРИСТОФОР КОЛУМБО

## 4.1 Американизам и извори на информации

Науката чијшто предмет на проучување ги опфаќа: историјата, обичаите, јазиците, религиозните верувања, како и физичкиот тип на американските Индијанци, во периодот што му претходи на доаѓањето на Европејците се нарекува американизам. Тоа била првичната дефиниција за оваа наука, која подоцна во нејзиното поле на проучување ги вклучила и домородните култури за време на колонијалниот период и независноста. Американистичките науки се четири на број и секоја од нив се занимава со определена тема. Имено, физичката антропологија ја проучува физичката конституција на различните индоамерикански групи; културната антропологија ги проучува културните појави; лингвистиката ги истражува јазиците, а историјатаго опфаќа потеклото и развојот на домородните општества.

Благодарение на информациите што произлегуваат од овие дисциплини може подобро да се замисли и да се запознае структурата и функционирањето на сегашните индијански општества, но и историјата и културата на големите претколумбовски цивилизации.

Кога станува збор за претшпанските цивилизации, нивните извори за информација можат да се поделат во две групи: претшпански и шпански (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 22). Првите податоци се од периодот пред шпанското освојување и нивната намера не е историска, за разлика од вторите кои потекнуваат од колонијалниот период и во најголем дел биле изработени доброволно за да се остави некакво сведоштво за минатото или за некој конкретен настан.

Претшпанските извори, од своја страна, се делат на три групи: археолошки извори во кои спаѓаат спомениците, алатките од секојдневниот живот, ткаенините, оружјата, инструментите за работа и сл., и тие даваат информации за економијата, секојдневниот живот, општествената организација и физичкиот тип на американските индијански села; иконографски извори - скулптури, релјефи, ѕидно сликарство и др., значајни за проучувањето на политичките и религиозните идеи; пишани извори - хиероглифите на Маите, Ацтеките и на Микстеките врз хартија, камен или врз некој друг материјал.

За разлика од првите, шпанските извори, кои во најголем број се пишани, се делат на две категории: домородни записи - напишани од страна на Индијанците и мелезитеи записите од Шпанците-кои ги опфаќаат усните прераскажувања на староседелците. Тие се напишани на шпански јазик, на некој од американските јазици запишан со латински букви или на некое старо претшпанско писмо, кои во зависност од намерата можат да бидат: наративни (историја, хроники и др.), чија цел била пренесување на податоците во иднината, и сведоштва (лични писма, административни и судски извештаи, итн.) без историска намена.

## 4.2 Општи обележја на претшпанските култури

Како што е општо познато, Америка е одвоена од Европа, Азија и од Африка со Атлантскиот и Тихиот Океан.Токму поради таа географска изолираност нејзините жители останале надвор од историскиот процес кој ја обликувал западната цивилизација. На тој начин, културите пред Колумбо долго време претставувале привлечни и љубопитни точки на проучување за историчарите. Меѓутоа, денес, претшпанска Америка се смета за уште еден дел од минатото на човештвото.

Сепак, и покрај тоа, американскиот културен развој има свои сопствени одлики по кои се разликува од европскиот и од азискиот. Овие одлики се резултат на изолираноста на Америка,како и на географската разновидност. Таа изолираност довела до независен развој на континентот, додека неговите жители биле принудени да се приспособат, физички и културно, на разновидните пејзажи и клими.

Иако постојат малку и не многу веродостојни пресметки за бројот на жители во 1492 година, сепак, според некои истражувачи, во декадата на дваесеттите бројот на населението изнесувал од 40 до 50 милиони, додека, според други, тој број се сведувал на 13.385.000 живи суштества (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 26).

Разновидноста која претставува главно својство на овој континент, достигнува невиден одраз во лингвистиката.Кога станува збор за јазици и дијалекти, овој регион не може да се спореди со ниеден друг во светот,бидејќи опфаќа околу 2.000 јазици и дијалекти кои се поделени во 17 големи фамилии и во 38 мали, со стотици некласифицирани јазици. Сепак,карактеристично е тоа што не постои ниту еден матичен

јазик што ќе претставува основа за лингвистичкиот плуралитет на новиот свет. Доказ за тоа е фактот дека различните групи на овој континент немаат ништо заедничко меѓу себе, но ниту со староседелските јазици што се зборувале во стариот свет. Токму постоењето на голем број јазици во претколумбовска Америка, укажува на отсуството на културна целина, но и на многу ниско ниво на политичка централизација.

Иако јазиците коишто постоеле во претшпанска Америка немале ништо заедничко со јазиците на домородното население од стариот свет, сепак развојните етапи на новиот свет се по многу нешта слични со оние од стариот свет. Во прашање е човечкото суштество кое се стреми да дејствува на ист начин во слични ситуации, но тоа не значи дека американските култури се идентични со европската, азиската и со африканската култура. Напротив, тие поседуваат сопствени карактеристики според кои многу се разликуваат од преостанатите, како на пример: отсуство на големите домашни тревопасни животни - коњи, волови и крави за влечење и товарење; непознавање на тркалото и неговата употреба; доцнење во развојот на металургијата; откривање и користење на каучукот и навиката за пушење. Тоа укажува дека развојот на американските култури бил самостоен и независен од развојниот процес својствен за стариот свет. Исто така, не постоела никаква битна размена на идеи, обичаи или предмети меѓу Европа, Азија и претколумбовска Америка.

И покрај големите и битни културни разлики, новиот свет може да се подели на две големи културни зони: Нуклеарна Америка и Маргинална Америка. Нуклеарна Америка се протега од југозападниот дел на Соединетите Американски Држави до северниот дел на Чиле и северозападна Аргентина. Токму во овој регион било достигнато највисокото ниво на социокултурен развој и тука се разликуваат три културни области: Мезоамерика (Мексико, Гватемала, Белисе и дел од Хондурас); Средна област (Централна Америка и половина од северниот дел на Колумбија и Еквадор) и областа на Андите (Јужна Колумбија и Еквадор, Перу, Боливија, Северно Чиле и северозападна Аргентина). Преостанатиот дел од континентот ја претставува Маргинална Америка каде што човековото приспособувањесе одвивало многу тешко.

Во културниот развој на новиот свет можат да се издвојат пет етапи: *литичка* или етапа којашто ѝ претходи на керамиката; *формативна* или *неолитичка*; *претккласична* или *формативна*; *класична* и *постккласична* етапа (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 45).

Првиот период, *литички*, го подразбира времето на ловциите и собирачите (од 40000 до 5000 годинапр.н.е.).

*Формативниот* или *неолитички* период е етапата на земјоделските племиња (од 5000 до 1000 годинапр.н.е.) за време на која човекот го открил земјоделството и успеал да припитоми некои животни како патката и ламата, но исто така започнал да се занимава со грнчарство и архитектура.

*Претккласичната* или *формативна* етапа го опфаќа периодот од 1000 годинапр.н.е. до почетоците на христијанската ера и се одликува со раѓањето на урбаниот живот и појавата на општествените класи.

Периодот на земјоделските држави (до 1000 година од н.е.) е земјоделска фаза или *класична,* чија најзабележителна карактеристика е консолидацијата на општествените класи кои ја поставиле основата на првите американски држави (теократски).

За последниот и петти период (од 1000 година од н.е. до шпанското освојување) т.е. *посткласичниот* или периодот на милитаристичките држави се својствени војната и данокот кои ги поставиле темелите на овие држави. Но, токму овие милитаристички држави, почнувајќи од XII век довеле до појава на двете големи империи пронајдени од страна на Шпанците - Ацтеките и Маите.

## 4.3 Претколумбовски цивилизации

Во периодот кога била откриена Америка од страна на Христофор Колумбо во 1492 година, континентот и американските острови биле населени од единствен народ – староседелци кои се наоѓале на различно ниво на социолошко-културен развој и зборувале многу јазици. За овој народ се употребувал називот Индијанци; а жолтеникаво-бакарниот тен ги разликувал од белата и црната раса. Како што е веќе погоре посочено, заедничко за сите нив е непознавањето на писмото, тркалата, железото, житните растенија како виновата лоза, животните за влечење товар, отсуството на коњи, магариња и бикови; не јаделе леб, а не пиеле ни вино. Освен тоа, се практикувал канибализмот поради недостатокот на протеини и како замена за животинското месо, но и принесувањето на човечки жртви на боговите. Во периодот кога пристигнале Шпанците на овој континент, најцивилизирани региони биле Мексико и Перу, а пред нив Јукатан и голем дел од

Централна Америка, односно центарот на културата на Маите. За разлика од нив, остатокот од Америка единствено можел да понуди примитивен и варварски аспект. Мексико и Перу биле единствените региони што поседувале градови и развиена општествена и политичка организација уште пред доаѓањето на Шпанците, но тие, исто така, биле и најбитните центри на шпанскиот живот во Америка во текот на триста години (Castro, 1941: 12).

Меѓу првите жители кои ја населувале денешната територија на Мексико биле народите Олмека како основачи на културата Ла Вента, а со долината Оаксака се поврзуваат нивните соседи - Микстеките и Запотеките. Историските традиции започнале со деселувањето на народите Нахуа, кои дошле од север и чиј прв бран бил наречен Толтеки, а нивните подоцнежни групирања - Чичимеки. Во нив спаѓало и племето Ацтеки. Средишниот брег на Мексиканскиот Залив бил населен од народот Хуакстеки, додека Маите биле населени на висорамнината и низината на Гватемала, пограничните мексикански држави Чијапас, Табаско и Кампече, дел од полуостровот Јукатан и северниот дел на Хондурас (Bleicken et al., 1976: 156). Денес, сè уште се расправа околу тоа дали народот Олмека ја претставува матичната култура на мезоамериканската цивилизација или, пак, примитивните општества на Мезоамерика истовремено и самостојно се развиле во неа. Според други истражувачи, овие народи се одликувале со побрз развој од преостанатите (Ciudad, Iglesias & Rojas, s.a.: 19).

Во јужна Средна Америка, народите Пипили и Макари се сметаат за потомци на Нахуа, додека Чоротегите кои стигнале до Никарагва се староседелци. На територијата од Јужна Никарагва до Еквадор живееле мешани народи од кои како единствен составен дел се истакнува јазичната група на народите Чибча. Овие народи обработувале предмети од злато со ретко совршенство, но не поседувале политичка и национална структура која би можела да се спореди со Инките од Перу. Исто така, тиебиле подложни на напади од страна на соседните диви племиња, од кои некои и денес постојат во Колумбија во регионитевокои сè уште не доминира белата раса. Во денешна Колумбија се наоѓала долината на средниот тек на реката Каусе, предел во кој владееле варварските култури. Спротивно од нив, Муиските од источните Кордилери, кои биле припадници на народите Чибча, се наоѓале на повисоко културно ниво.

Во подрачјата на средните Анди, за време на шпанското освојување владеела големата држава на династијата Инки која ја сочинувал народот Кечуа. Тука се сретнале многу народи, како Талани и Чимуи од северното крајбрежје на Перу, како и народите Чанки на средната висорамнина и народите Коле или Ајмари на јужната висорамнина (Bleicken et al., 1976: 156).

### 4.3.1 Цивилизацијата на Инките

Империјата на Инките започнала во XI век и завршила во 1532 година со шпанското освојување. Таа ја зафаќала територијата којашто денес одговара на Колумбија, Перу, Боливија, Чиле и Аргентина и се одликувала со специфична конфигурација на теренот и разновидна клима (Morales Pardón, 1986: 85).

За потеклото на Инките постојат многубројни легенди. Така, според митот на шпанските хроничари, градот Куско - лулка на империјата на Инките, бил основан од страна на Манко Капак (Manco Cápac) кој бил полубог и од неговиот татко Сонцето добил задача да ги цивилизира дивите народи што живееле во долината на Куско. Тој ја извршил задачата со помош на својата сестра-сопруга Мама Оклјо (Mama Ocllo). Според други верзии, се зборува за четворица браќа, Лос Ајарес (Los Ayares), и нивните сопруги, кои излегле од митската *Куќа на четири прозорци* патот на Куско. Од нив, единствениот што го издржал патувањето бил Ајар Манко (Ayar Manco), кој од жителите на Куско ја добил титулата крал. По Манко Капак, основач на династијата, владееле: Синчи Рока (Sinchi Roca), Љоке Јупанки (Lloque Yupanqui), Маита Капак (Maita Cápac), Капак Јупанки (Cápac Yupanqui), Инка Рока (Inca Roca), Јауар Уакак (Yahuar Huácac) и Виракоча Инка (Viracocha Inca), и животот на сите нив бил исполнет со многубројни случувања (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 73).

Вистинската историја на Инките започнала со Пачакутек Инка Јупанки (Pachacútec Inca Yupanqui) (1438- 1471), владетелотшто успеал дефинитивно да ги порази Чанките, кои биле традиционални непријатели на Куско, на тој начин што ги присилил да се повлечат и да побараат засолниште во амазонската прашума. Потоа, за кратко време, овој владетел успеал под своја власт да ја стави територијата меѓу Кахамарка и езерото Титикака. Освен како владетел, тој се истакнал и со своите способности на администратор

поставувајќи ја основата на империската политика на Куско. Со тоа го воспоставил системот за преселување на народите на други земјишта за да се избегнат побуните; благородниците ги претворил во воени, цивилни или религиски функционери и создал значајна патна инфраструктура што го олеснувала поврзувањето и комуникацијата на различните делови на земјата. Исто така, неговата организираност доашла до израз и во урбанистичкиот план односно, тој го реорганизирал градот Куско поттикнувајќи ја изградбата на монументални згради како Храмот на Сонцето, тврдината Саксауаман (Sacsahuamán) и манастирот каде што престојувале девиците на Сонцето. Храмот на Сонцето во Куско поседувал невидено богатство; внатрешните ѕидови биле покриени со слоеви од злато, додека надворешните биле создадени од гравирани камења со геометриска правилност и поврзани едни со други без никаков малтер (Castro, 1941: 12).

Неговиот следбеник, Тупак Јупанки (Túpac Yupanqui) (1471-1493), само го потврдил административниот систем на Инките и не престанал да извојува победи, а доказ за тоа е освојувањето на земјата на Чачапојас и кралствата на Чимор и Кито (Еквадор); освојувањето на боливискиот регион на Чаркас; аргентинскиот Тукуман и половината од северниот дел на Чиле.

За разлика од претходните владетели, Уајна Капак (Huayna Cápac) (1493-1525) бил принуден да се соочи со сериозни проблеми предизвикани од прекумерената територијална екстензија. За време на неговото владеење се јавиле многубројни побунувања во северниот дел, поради што тој бил принуден постојано да престојува во Кито. Меѓутоа, тоа резултирало со лутина и бес кај благородниците од Куско, кои од своја страна биле поделени на две спротивставени групи. Смртта на Уајна Капак и на назначениот наследник предизвикала граѓанска војна, која завршила со доаѓањето на Шпанците во 1532 година, а истовремено со тоа ѝ бил ставен крај на историјата на Инките.

### 4.3.1.1 Општествена и политичко-административна организација

Општествената структура на Инките се засновала на институцијата пред Инките, *ayllu*,која била сменета за да се приспособи на новата империска ситуација. Всушност, оваа институција била група роднини, збир од семејства кои потекнувале од ист

вистински или наводен предок. Исто така, таа претставувала и економска целина со сопственост на говеда и земји (Ламарка - Lamarca), како и политичко-административна категорија што била управувана од Ел Курака (El Curaca), кој бил директен потомок на основачот на линијата, го делел земјиштето меѓу семејствата на *ayllu*, ги планирал колективните задачи на своите роднини и делел правда. Во целина, станувало збор за земјоделска заедница со силна внатрешна кохезија која произлегувала од култот кон предокот воздигнуван на ниво на божество или *уака* (huaca).

Во случајот кога им било забрането на членовите на институциите *ayllus* да стапуваат во брак со лица од други заедници, групата се делела на две половини: горна (Анан -Hanan) и долна (Урин - Hurin). Системот, обмислен да ја одржи ендогамијата, не ги спречувал егзогамните бракови поради политички причини или полигинија. Како резултат на тоа, Инките го поделиле населението на три големи категории: *Collana* - чистокрвни жители на Куско или потомци од законската сопруга; *Cayao* - роднини на конкубината и *Pallán* - линии кои потекнувале од врските помеѓу мажите *Collana* и женитe*Cayao*. Следејќи го ова, градот Куско бил поделен на две половини и четири населби.

Овој комплициран систем на роднински врски, речиси без да биде сменет, бил применет и врз освоените територии. Градовите и селцата биле поделени на две зони, а нивните жители биле класифицирани во три нееднакви општествени слоја: Инки-функционери (*Collana*), локални шефови (*Pallán*) и селани (*Cayao*).

И покрај дизајнираниот модел од страна на Инките-владетели, општеството било многу покомплицирано и многу понееднакво. Тоа било поделено на два спротивставени слоја: горен - подреден по хиерархиски групи и долен слој. Највисоката позиција на високата класа ѝ припаѓала на аристократијата која била во крвна врска со владетелот Инка и на нив им припаѓале највисоките функции во државната администрација. Блиску до нив по моќ и престиж биле преостанатите потомци на Манко Капак т.е. митскиот основач на династијата. На третото ниво се наоѓала старата аристократија од териториите кои биле вклучени во империјата.

Под нив се наоѓале две привилегирани групи.Првата била наречена *скриени жени* (aclla cuna) и се состоела од најубавите и најинтелигентните простонародни девојки, кои создобиеното образование стекнувале способностза извршување на битни мисии - малдел од нив се жртвувале за боговите, другите се претворале во конкубини или сопруги на

благородниците, а најголемиот дел од нив го ставале остатокот од својот живот во служба на сончевото божество. Членовите на втората група имале битна улога во ширењето на империјата. Тие биле плебејци кои се преселувале на освоените територии каде што требало да ја гарантираат сигурноста на пределот и да ја шират културата на Инките меѓу освоените народи.

Одржувањето на доминантниот слој зависел од *луѓетоод селото* (hatun runa). Оваа група била многубројна и составена од селани организирани во *ayllus*, не подлежеле на никаков вид на образование, строго им било забрането да го сменат местото на живеење и требало да пружат лични услуги во војската и други јавни работи.

За политичката и економска организација на Инките често се вели дека била комунистичка и социјалистичка. Но, не е така бидејќи станува збор за деспотска милитаристичка и теократска држава која ги експлоатирала во економска смисла селските заедници. За да го оджат тиранскиот систем, жителите на Куско користеле насилни методи, како протерување на бунтовните членови на *ayllus* и нивно иселување во климатските зони различни од својата, а на тој начин биле осудени на смрт, уништување на јазикот, религијата и обичаите на победените народи и нивно заменување со тие на Инките.

Апсолутната власт ја претставувал Сапа Инка (Sapa Inca), кој бил сметан за Син на Сонцето и бил сопственик на целото земјиште, стадата и луѓето од империјата. Структурата на империјата била како таа на градот Куско, односно се состоела од четири региони или *suyos*, а секој од овие региони зависел од владетелот кој бил близок роднина на Инка и од членот на Врховниот совет кој го советувал врховниот владетел. Овие четири региони (*los suyos*) биле поделени на провинции со по 40.000 лица управувани во политичко-воена смисла од *апунчик* (apunchic) и во економско-правна смислаод *оној што гледа сè* (tucui ricoc), тој бил задолжен за планирање на прибирањето даноци, военото регрутирање и др. Од политички аспект, овие административни зони биле управувани од *куракас* (curacas) - шефови кои припаѓале на локалната администрација и зависеле само од Сапа Инка (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 76).

### 4.3.1.2 Економијата на Инките

Кога станува збор за економијата на Инките, на ова поле не биле воведени реформи, односно се насочиле само кон усовршување на традиционалната структура и нејзино усогласување со потребите на државата.

Земјата што ја сочинувала основата за економскиот напредок на Инките и која била државна сопственост била поделена на три дела чија главна цел била одржување на државата. Од нив, првиот дел им припаѓал на *куракас* (curacas) и територијалните функционери, вториот - на црквата и се нарекувалЗемји на Сонцето, а третиот бил сопственост на *ayllus* и, од своја страна,поделен меѓу различните членови на заедницата во зависност од потребите на секоја фамилија која го обработувала индивидуално. За разлика од ова, имотите на вдовиците, сирачињата и болните биле обработувани заеднички, а таков бил и случајот со парцелите кои биле сопственост на владетелот Инка и на свештенството. Иако овие земјишта се обработувале заеднички, постоела битна разлика - првата работа била извршувана самоволно и се нарекувала *ayna*, додека, пак, втората била изведувана во форма на данок - *minka*. Сличен на ова бил и системот за одгледување на големите стада лами и другите животни.

Владетелите на Куско никогаш не му наметнале на својот народ даноци на производите, но затоа во голема мера била развиена бесплатната принудна работа за државата - *mita*. Таа, исто така, била применувана и во рудниците (Quntana Martínez, 1999: 16). Плебејците, освен што требало да ги обработуваат земјиштата што им биле отстапени на свештениците и функционерите, требало да служат војска, да работат во занаетчиските работилници на владетелот Инка и да учествуваат во јавните работи. Лични услуги биле давани само од страна на возрасни мажи меѓу 25 и 50 години.Оваа задача им била доделувана и на жените и на малолетните лица, односно сите тие требало да придонесат за одржување на државата.

Еден дел од земјоделските и занаетчиските производи се чувал во државните магацини на местото, а остатокот сеиспраќал до регионалните установи кои го зачувувале само тоа што било неопходно за задоволување на потребите на пределот, а преостанатотосеиспраќало во главниот град на империјата. Приливот на средствата во Куско во најголем дел се трошел за оддржување на високото ниво на живот на

аристократијата на Инките, а вишокотсе сместувал во магацините што се наоѓале по патиштата заради задоволување на војските кои поминувале таму.

Со овој систем на распределба на средствата немало потреба од трговија зашто самата држава се грижела за распределбата на сите производи, како од бреговите, прашумите, така и на тие од планините. Државата била единствениот сопственик на рудниците, водите, полињата и шумите, а на секое лице му припаѓале само личните алишта, украсите и др., но и тоа зависело во голема мера од општествената категорија (Morales Pardón, 1986: 87).

#### 4.3.1.3 Религијата и верувањата на Инките

Официјалната религија на Инките била политеизмот. На врвот на пантеонот се наоѓала *Viracocha* т.е. *Пената на водите*. Всушност, станувало збор за божество коешто излегло од езерото Титикака, го создало светот и ги научило живите суштества за почетоците на цивилизираниот живот. По својата мисија, ова божество се упатило кон брегот на Тихиот Океан и исчезнало со претходно дадено ветување на своите верни следбеници дека еден ден ќе се врати (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 78).

За религијата на Инките, исто така, се вели дека почивала на сончеви митови. Имено, за првиот Инка кој бил син на Сонцето и паднал до езерото Титикака во друштво на својата сестра, се вели дека од нив потекнува линијата на Инките. Каков што бил случајот и со другите народи во тој период, за најсовршен брак се сметал оној помеѓу браќа и сестри. Култот се состоел во принесување жртви од животни, како и дарови од скапоцени предмети, а во извесни случаи, дури и човечки жртви. До Храмот на Сонцето во Куско имало еден вид на манастир за девојки-девици кои се посветиле на плетење платна, кои, пак, биле употребувани од страна на Инките (Castro, 1941: 14).

#### 4.3.1.4 Науките и уметностите

Како и умствените, така и уметничките вештини на Инките зависеле од две големи карактеристики кои ја обележале нивната култура: дарбата за организирање и двојството држава/*ayllu*.

Примери за ова можат да се најдат во повеќе области. Кога станува збор за медицината, од една страна причините за болестите имале друг извор и се третирале со магии и религиски методи, но од друга страна постоела потреба зарационално лекување на честите рани добиени во војните, што овозможило да се развие напредна хирургија која опфаќала дури и трансплантација на коски.

Друг доказ е календарот,кој содржел 12 месеци и во него отсуствувале апстракциите од календарот на Мезоамерика, како и системот за децимално нумерирање.

Сепак, културата на Куско го достигнала својот најголем успех на полето на статистиката со воведувањето на статистички систем којшто располагал со еден инструмент т.н. *el quipu*. Инструментотсе состоел од едно јаже и јазли во боја, и кога се комбинирал тој претставувал човечки суштества или куќи во зависност од неговиот број и природа. Овој систем на сметање се употребувал за она што било поврзано со демографијата, работата и војската, но и за определување на бројот и квалитетот на земјоделските и индустриските производи, говедата, алатите, итн. (Morales Pardón, 1986: 85).

За разлика од оваа област, Инките не се истакнале премногу во убавите уметности. Архитектурата е уметноста којашто најмногу ја практикувале, а се истакнувала, пред сè, по својата цврстина и техника, но не и со убавината на формите. Зградите што се наоѓале во главните градови на Инките - Куско, Писак, Мачу Пикчу - биле обмислени да издржат земјотреси, а се одликувале со умерен и геометриски стил, лесно препознатлив поради отсуството на украсни елементи.

Дарбата на Инките за планирање може да се забележи и во прекрасната мрежа на мостови со должина од 40.000 км која ги поврзувала најоддалечените места на четирите *suyos*. Одржувањето на патиштата зависело од *ayllus* кои биле сместени во местата низ кои тие поминувале. Напротив, зачувувањето на висечките мостови кои претставувале вистинско инженерско дело било во надлежност и одговорност на функционерите кои, исто така,им наплаќале патарина на лицата што ги користеле.

Легендата којашто живее и се пренесува го содржи верувањето дека во Перу постоела посовршена форма на цивилизација која била поблиска до природата на европската цивилизација. Патиштата поврзувале материјално една империја долга околу 2.700 милји, а политичката врска се добивала преку т.н. *општ јазик* или *кечуа* (quechua)

што бил задолжителен за сите граѓани Инки и кој се зборувал од Кито до северниот дел на Чиле и на денешна Аргентина. Но, со доаѓањето на Шпанците бил уништен еден речиси идиличен начин на живот.

### 4.3.2 Културата на Маите

За културата на Маите се вели дека е најпривлечна и најсложена од сите што постоеле на американскиот континент, но и култура којашто има најголема историска длабочина. За да се разбере, оваа цивилизација треба да се проучува од повеќе аспекти вклучувајќи дисциплини како археологијата, етноисторијата, етнологијата, епиграфијата и иконографијата. Од сите нив најбитна за разбирање на историскиот развој на културата на Маите е археологијата бидејќи располага со најмногу податоци, но исто толку битни и потребни се и другите науки.

Цивилизацијата на Маите опфаќала доста широк предел кој од страна на експертите бил наречен Мезоамерика и зафаќал територија од 325.000 км$^2$ распределени меѓу денешните земји: државите Кампече, Јукатан, Кинтана Роо, Табаско и Чијапас во Мексико; Гватемала, Белисе и дел од Хондурас и Ел Салвадор (Ciudad, Inlesias & Rojas, s.a.: 44). Разликите помеѓу овие региони се многу големи и зависат најмногу од разликите во надморската височина. Така, на пример, рамнината на брегот на Тихиот Океан и устието сочинуваат регион што се одликува со високи температури, висок степен на врнежливост, плодни земјишта со богата тропска флора и фауна низ кои поминуваат многубројни кратки реки што извираат во блиските планини Лос Алтос.

Токму во топлите ниски земјишта, цивилизацијата на Маите го достигнала својот највисок степен на развој. Постојат разлики кои придонеле во оформувањето на три региони. Првиот ги претставува ниските земјишта од југот каде што тече реката Усумасинта и нејзините притоки, Ел Бахо Мотагуа и езерото Исабал, кои биле од големо значење за развојот на трговските врски. Во вториот се централните ниски земјишта кои го вклучуваат регионот Ел Петен, кој се одликува со езера, мали реки и изобилна вегетација карактеристична за врнежливата тропска прашума, но и со богата фауна која подразбира разновидни животни, рептили и птици. Третиот регион ги опфаќа ниските земјишта од северот односно од Јукатан, каде што врнежите и водната површина се многу

ретка појава, поради што во него најприсутна е ниската шума. Токму овие фактори од животната средина во голема мера го условиле развојот, но и населувањето на Маите, а за тоа доказ е фактот дека само во зоните каде што имало големи природни бунари со вода било возможно населувањето и стабилизирањето на домородните населенија.

### 4.3.2.1 Потеклото на Маите

Од временска гледна точка, историјата на Маите започнала во формативниот период и траела до освојувањето од страна на Шпанците (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 44).

Истражувачите кои го пручувале пределот на Мезоамерика, а особено тие што се занимавале со културата на Маите, во XX век направиле систематизација која подразбира пет главни поделби: *литички*, *архаички*, *преткласичен* или *формативен*, *класичен* и *посткласичен*, сè со цел подобро разбирање на начинот на кој се развивале различните култури.

Колку повеќе се оди назад во времето, сè потешко е да се најдат археолошки остатоци. Понекогаш тоа е така поради природните феномени како поплави или ерупции, а во другите случаи тоа се должи на едноставните и не многубројните живеалишта и алати со кои располагал човекот.

Така, во пределот на Маите речиси не постоеле активните археолошки места за време на *литичкиот период*(меѓу  12000 и 6000 година пр.н.е.),иако кон 9000 година пр.н.е. имало можни ловци во висорамнините на Гватемала, но и мали групи населени во крајбрежните делови.

За разлика од овој период, *архаичниот*(меѓу 6000 и 2000 година пр.н.е.) располага со повеќе информации, но и оскудни податоци во споредба со подоцнежните. Овој период се одликува со присуството на ловци–собирачи на храна во пештерата Санта Марта во Чијапас околу 3500 година пр.н.е. и со показатели дека постоеле селца од разбиен тип во Белисе. Овие места биле зафатени од народите чијашто економија се базирала на ресурсите од крајбрежјата. Во оваа епоха започнале првите процеси на припитомување на растенија како пченката, тиквата и гравот, кои станале основни за исхраната во

Мезоамерика. На тој начин започнала нова традиција т.е. земјоделска која им се придружила на постојните, како таа на ловците-риболовците и собирачите на храна.

Народите што живееле на оваа територија, во тој период создале егалитарни односно општества без изразена внатрешна хиерархија и со мала општествена и политичка сложеност. Во таа смисла, сѐ уште не може да се зборува за карактеристики кои ќе ја одвојат културата на Маите од преостанатите народи кои во тој момент живееле во Мезоамерика.

Разликите меѓу културите почнале да доаѓаат до израз во *формативниот* или *претикласичен период*, односно во периодот меѓу 2000 година пр.н.е. и 100 годинаод нашата ера. Тој се одликува со значителни разлики и токму поради тоа се дели на три подпериоди: *ран*, *среден* и *доцен*. Својствено за *раниот формативен период* е преминувањето кон постојано населување како резултат на два битни фактора: развојот на земјоделството и појавувањето на керамиката. Во оваа фаза човекот почнал да се интерисира за природата која го опкружувала и започнал да напредува во својата контрола. Народите што живееле во оваа епоха зафаќале мал простор или создавале села од разбиен тип составени од колиби од неотпорни материјали со огништа во средината. Освен тоа, под подовите на живеалиштата вообичаено правеле едноставни погреби и веќе изработувале основна керамика. Овие народи биле наречени *луѓе на пченката* (Mokaya) и се развиле во ограничен крајбрежен простор што се наоѓал блиску до мочуриштата. Првите докази за селцата од разбиен тип, керамиката и земјоделството дошле од крајбрежјето на Тихиот Океан и го опфаќаат периодот меѓу 1850 и 1650 година пред нашата ера. Овие показатели за постојано населување биле поврзани со сличен културен развој на другите култури, како таа на народите Олмека кои се населиле во Мексиканскиот Залив. За време на раниот формативен период, исто така, се појавиле и општества со внатрешна општествена разлика и хиерархиски центри, а во некои од нив имало и до 1.200 жители.

Културата на Маите започнала да блеска во текот на *средниот формативен период*, односно помеѓу 1000 и 400 година пр.н.е., кога всушност се појавиле и првите показатели за подоцнежното сложено општество, како јавните конструкции и различните дарови при погребување. Причините за оваа трансформација некои ги гледаат во силната врска со народите Олмека на брегот на Тихиот Океан и другите блиски места, имајќи предвид дека

овие народи веќе поседувале монументална скулптура, но и хиероглифско писмо. Докази за овој контакт се многубројните предмети од жад и керамика, карактеристични за стилот на народите Олмека, кои се појавиле низ целата зона каде што биле распространети Маите, но и низ цела Мезоамерика. За овој период, исто така, е својствено и воспоставувањето на населението на ниските земјишта како Тикал, Копан, Сеибал и др. Луѓетошто се населувале на таа територија потекнувале од високите земјишта на Маите и во новите предели ги пренеле културните наследства кои останале непроменливи во текот на историјата, меѓу кои се: начинот на исхрана, формата на живеалиштата, искористувањето на просторот и начинот на погребување. Помеѓу 600 и 400 година пр.н.е. на различни места од централните ниски земјишта се развила јавна архитектура која се состоела од изградба на сложени платформи и пирамиди.

*Доцниот формативен период*(меѓу 400 година пр.н.е. и 100 година од н.е.) се одликува со поголемо дефинирање на класичната цивилизација на Маите. Во оваа епоха значително се зголемил бројот на населението и биле изградени големи платформи кои претставувале основа на храмовите украсени со комплицирана иконографија. Погребите на елитата биле комплетирани со богати погребни дарови кои се состоеле од увезени луксузни предмети. Меѓу таквите предмети можат да се споменат морските школки и керамиката, кои изобилувале на погребите на големите господари. Ваквото практикување на погребите укажувало на постоење на општество со значителен степен на хиерархизација. Исто така, во текот на доцниот формативен период се развило хиероглифското писмо и скулптурата, чијшто уметнички стил го најавил класичниот период. И покрај развојот на одредени места како Тикал, Ел Мирадор, Серос и Ламанаи на ниските земји, каде што биле изградени некои од најспектакуларните пирамиди во целата историја на Маите, сепак политичката и економската власт во тој период не била сконцентрирана на овие места туку во Каминалхују во Гватемала, Исапа и Чијапа де Корсо во Чијапас, Абах Такалик во Гватемала и Чалчуапа во Ел Салвадор (Ciudad, Inlesias & Rojas, s.a.: 49).

*Протокласичниот период*, од 100 до 250 година, не е добро дефиниран во историјата на Маите. Во оваа епоха, керамиката добила специфични карактеристики и предметите од овој материјал биле присутни, пред сè, на погребните церемонии на голем дел од територијата зафатена од Маите.

*Класичниот период* траел од 250 до 900 година и се одликува со максимални научни и технички остварувања, но и со поголем степен на општествена и политичка сложеност кај Маите. Освен тоа, се развила и државата, во смисла на политичка организација на ниските земји на Маите, што води до заклучокот дека постоело хиерархиски подредено општество. Исто така, се зголемило и производството како резултат на напредокот на земјоделските техники, а се појавиле и специјалисти - занаетчии кои произведувале предмети наменети за елитата. Ако се земе предвид фактот дека на овој момент му претходел високиот степен на интеграција и многубројните обиди низ вековите, тогаш може да се каже дека за општествената интеграција на Маите битна улога одиграла религијата. Најзначајниот развој во класичниот период бил карактеристичен за Маите што ги населиле ниските земји, иако највисоката точка била достигната за време на доцниот класичен период. Дел од карактеристиките се и храмовите кои почнале да се издигнуваат меѓу бујната вегетација што ги опкружувала, изградените палати и олтари. На гробовите се забележуваат побогати дарови, а истовремено цветаат трговијата и врските на голема далечина.

Исто како и формативниот период, така и *класичниот* се дели на *ран*, *доцен* и *краен*. *Раниот класичен период* се протега од 250 до 600 година и еден од феномените што привлекува внимание е постоењето на хегемонски центри. Освен ова, заслужува да се спомене и постоењето на сложена мрежа на врски со другите места од Мезоамерика, како тие штосе одржувале меѓу Каминалхују и Тикал со далечниот Теотиуакан, во центарот на Мексико. Сведоштва за овие врски постојат во археологијата поради присуството на елементи од Теотиуакан во материјалната култура на различни места од пределот. Во овој период се појавиле и тензии меѓу различните центри на население за да се завладее со хегемонијата на широките територијални пространства. Според некои истражувачи, во средината на VI век битните центри биле зафатени од опаѓање, односно престанале да се издигнуваат споменици, била намалена изградбата, даровите на гробовите на елитата станувале сè посиромашни, но оваа појава не била присутна на целиот предел на Маите.

Центрите кои во раниот класичен период биле зафатени со опаѓање, започнале да се враќаат во првобитната положба еден век подоцна. Во текот на *доцниот класиченпериод*(меѓу 600 и 800 година) веќе не постоел еден хегемонски град, туку се појавиле мноштво регионални центри од кои некои продолжиле да постојат како

самостојни, додека другите се обединиле меѓу себе и ја поставиле основата на посилни и поуспешни политички ентитети. Оваа независност меѓу големите центри јасно се отсликала и во регионалните стилови што се јавиле во архитектурата, скулптурата, сликарството и сл. Населението ја достигнало највисоката демографска густина, а огромни пространства биле покриени со изградбата на религиозни и административни згради, од кои со својата убавина во развојот најмногу се истакнале местата како Тикал, Калакму, Каракол, Паленке, Копан, Пједрас Неграс, Икскум, итн. Овие места доаѓале до израз поради својата грандиозност, нешто што се спротивставува на ниските церемонијални структури кои биле пронајдени во пределите на висорамнината и брегот на пределот на Маите. За последните е карактеристично задржувањето на провинцијалските нивоа на развој, но хармонични степени на интеграција. Дел од *крајниот класичен период*(меѓу 800 и 900 година) е една од најмитските теми од целата историја на Америка пред доаѓањето на Шпанците, а тоа е колапсот на цивилизацијата на Маите. Во најбитните центри на средишните и јужните региони на ниските земји престанале да се градат церемонијални и административни структури, опаднала мануфактурата и распределувањето на луксузните предмети, но и престанале да се издигнуваат споменици. Исклучок од ова биле некои градови, како Сеибал и Каракол, кои доживееле краток раскош и извесен континуитет, за разлика од преостанатите во кои бројот на населението драстично се намалил. Сепак, пределот не останал ненаселен, а за тоа постојат археолошки докази. Имено, областа околу езерата Ел Петен била населена и тоа имало свој континуитет во следниот период. Во северниот дел на полуостровот Јукатан, во местата како Уксмал, Едсна, Лабна и другитешто го живееле својот најдобар момент, биле изградени неверојатни структури и се развил архитектонскиот стил Пуук. Имајќи ја предвид сложеноста која културата на Маите ја достигнала во таа епоха, тешко е да се претпостави дека нејзиното опаѓање имало само еден единствен фактор. Се појавиле различни хипотези кои посочуваат на важноста на внатрешните фактори на дестабилизација, како прекумереното оддалечување меѓу општествените класи или неумереното зголемување на населението. Од надворешните фактори има две почетни точки. Првата од нив укажува на уништување на традиционалните трговски мрежи и како пример може да се посочи Теотиуакан, кој почнал да опаѓа околу 700 година со губењето на богатството, престижот и моќта од страна на владејачката елита. Втората се центрира на можната инвазија на

мексиканизирани групи Маи кои ја поставиле основата за мешање со другите култури од Мезоамерика. Фактот дека многубројни центри на Маите биле напуштени не значи дека исчезнала нивната култура. Новите околности довеле до длабоки промени во општеството и приспособување на културата на новите времиња.

Промените во однос на претходната етапа, биле значителни за време на *посткласичниот период*, од 900 до 1500 година. Градовите кои се наоѓале на полуостровот Јукатан, кој се одликува со ретки врнежи и малку плодни земјишта т.е. со ограничени земјоделски можности, ја засновале својата иднина на локални ресурси, пред сè морски (риба и сол), производство на влакна (памук), овошја, мед и производи од животинско потекло. Овој период како и другите пред него се дели на *ран* и *доцен*. *Раниот посткласичен период* ги опфаќа годините од 900 до 1221 година и во оваа етапа најголемата културна сложеност била поместена северно од полуостровот Јукатан. Градот Чичен Ица кој бил контролиран од групите Маи Путун (Putún) или Чонтал (Chontal) во сојуз со луѓето Ица, во текот на два века владеел со целиот полуостров Јукатан, како од воена гледна точка, така и од трговска. Како што може да се види од иконографијата од ѕидиштата и скулптурите кои се наоѓаат во овој град, контролата не била воспоставена по мирен пат, многу центри се побуниле, но на крајот сите потпаднале под власта на Чичен Ица. Успехот на овој град се должи на повеќе фактори, како контролата на крајбрежната трговија на големо растојание, воената моќ, системот верувања кои му овозможиле да се претвори во центар на аџилакот и нова, флексибилна и стабилна форма на владеење.

За *доцниот посткласичен период*, се вели дека траел од 1221 до 1500 година, и започнал со падот на Чичен Ица во 1221 година и издигнувањето на блискиот центар Мајапан. Причините за оваа промена во хегемонијата не се јасни, но во нив спаѓа и политичката интрига. Владетелот на Мајапан, Унак Сеел, во сојуз со градот Исамал го опустошил Чичен Ица, ги уништил неговите храмови и дарови и вовел нов ред на полуостровот Јукатан. По падот на Мајапан, овој полуостров бил поделен на седумнаесет јурисдикции кои биле распределени во неговиот северен и источен дел (Чампутун, Канпе, Кочуа, А Канул, Мани, Чакан, Сепач, Окаба, Сотута, А Кин Чел, Чикинчел, Купул, Тасес, Кочула, Екап, Аујмил и Четумал) (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 357). Овој период се совпаднал со моментот кога биле издигнати центрите Тулум, Исла Мухерес, Косумел, Ламанаи и Санта Рита Коросал од источниот брег на Јукатанскиот Полуостров. Тие преку

трговијата со други заедници достигнале голем просперитет и во своите уметнички претставувања вклучиле елементи типични за средишниот дел на Мексико, како ѕидишта и керамики развиени во Оаксака.

### 4.3.2.2 Начин на добивање ресурси

Во основата на граѓанско-церемонијалните центри или градови било групирањето на различен број станбени установи и населени групи кои биле поврзани со различни конструкции со церемонијален и административен карактер, како храмови, палати, множества од храмови или палати, итн.

Како и кај другите култури, така и кај Маите, стратегијата за опстанок се засновала на доброто познавање на природното опкружување, но и на комбинирање на стратегиите за колку што е можно подобро искористување на тоа знаење и познавање.

Така за време на литичкиот период, групи составени од мал број лица успеале да преживеат благодарение на ловот, риболовот и бербите. Овие активности биле сконцентрирани на широк спектар диви растенија и мекуши, а тоа укажува на висок степен на познавање на флората и фауната. Но, со текот на времето, како што се припитомувале одредени растенија и населението и групите почнале да се одликуваат со постојано место на живеење, така земјоделските системи почнале да се здобиваат со сè поголема сложеност.

Земјоделството било главниот извор за опстанок на Маите затоа што голем дел од општеството на Маите бил составен од селани кои од своите полиња или *milpas* го добивале најголемиот дел продукти кои биле потребни за задоволување на нивните потреби. Една од нив била и пченката која претставувала еден од основните производи кои Маите ги одгледувале на овие имоти, а истовремено тоа значи дека таа се претворила во една од основните состојки за исхраната во Мезоамерика. На овој систем (milpa), кој подоцна се проширил и во другите американски региони, земјоделецот бил посветен 190 дена во годината, а преостанатото време го користел за работа која била во интерес на заедницата (Morales Pardón, 1986: 79).

Маите во основа располагале со два система за земјоделска обработка. Првиот е најстар и се одржал до денешно време. Во рамките на овој систем на одгледување имало

различни варијанти кои зависеле од карактеристиките на регионот во кој се применувал. Така, тој со долг циклус се користел во пределите со речиси отсуство на плодно земјиште и каде земјиштата требало да се остават да одморат неколку години после кратки периоди на искористување. Таков бил случајот со голем дел од ниските земји. Во пределите со подлабоки земјишта како долините на висорамнините, се користел краткиот циклус со помал период на одморање. Вториот метод се применувал во зоните кои биле добро наводнувани и со длабоки плодни почви. Таму можело да се сади без прекин и да се постигне висок степен на продуктивност. Пример за тоа било земјиштето кое било опколено од канали со вода. Во вториот метод спаѓаат и домашните овоштарници што се наоѓале блиску до живеалиштата и на кои им била потребна малку нега. Освен тоа, продуктивноста можела да се зголеми и со употреба на отпадните води со органски карактер или со ѓубрива од животинска природа. Исто така, Маите одгледувале широки пространства со овошки во градовите, но и надвор од нив. Од нив добивале различни видови овошја. Треба да се спомене и фактот дека различните видови шуми им ставале на располагање материи кои не можеле да се јадат, но биле многу битни, како дрвото кое се користело за изградба, но и како гориво во домот и во занаетчиските производи. Така различните лисја кои ги добивале од шумите биле корисни за изградба на покриви и кошници.

Бројот на животни што биле припитомени од Маите бил многу мал. На прво место се наоѓале кучињата за кои се претпоставува дека дошле во Америка со првите населеници од Азија и дека освен што помагале во ловот исто така биле одгледувани и хранети со прехранбени цели. Патките и гулабите биле корисни за исхраната на Маите затоа што придонесувале со извесни протеини. Освен ова, се претпоставува дека во вештачките канали коишто биле градени се одгледувале риби и други водни видови.

Во времето кое се одликува со номадство, основен систем за опстанок бил ловот, а подоцна со постојаното населување тоа било земјоделството. Истовремено, риболовот продолжил да биде изворот од кој се добивале најважните додатоци за задоволување на прехранбените потреби на населението. Меѓу животните кои биле ловени од Маите најкарактеристични се мајмуните, зајаците, тапирите, лисиците, јагуарот и многубројни птици.

Риболовот покрај езерата и реките зазема битно место помеѓу останатите начини на добивање ресурси. Најважните крајбрежни развои биле тие каде рибите се консумирале во големо количество или биле предмет на трговија со делови од внатрешноста. Сепак, најтешко е да се зборува за собирањето на растенија иако тоа било развиено во голема мера кај Маите и во овој контекст мора да се споменат лековитите растенија кои биле основен дел од сите култури.

### 4.3.2.3 Материјалната култура

Проучувањето на старите култури најдобро може да се оствари преку предметите кои може да се допрат. Алатите од керамика, камен, метал и коска, различните погребувања, архитектурата и други остатоци кои им се спротивставиле на времето, природата и на човекот овозможуваат да се протолкува и да се разбере однесувањето на човековото битие во минатото, но и да се види кои промени биле реализирани низ вековите.

Така, занаетчиството го вклучувало призводството на керамика која подразбирала најразлични облици од домашни вазни до садови наменети за ритуални или погребни церемонии на елитата, но и многубројни предмети направени од жад, школка, дрво, коска, кои биле најчести материјали таму каде што живееле Маите.

Во областа на археологијата најприсутни и најразновидни се предметите од керамика. Тие имале секојдневна употреба, биле најкршливи, најевтини и најмалку изменливи со текот на времето. Од нејзиното откривање, керамиката постојано се приспособувала на човековите потреби и во секоја нејзина промена можат да се видат новите начини на правење на работите.

На територијата која ја населувале Маите, врската на керамиката со секојдневниот живот пред доаѓањето на Шпанците била основна. Во најголемо изобилство се сретнува *домашнатакерамика* која, исто така, може да се сретне и во други околности како што се погребите на обичните луѓе, но и на елитата. Во зависност од функциите кои биле исполнувани, има различни видови керамика. Така, на пример, имало *керамики кои биле наменети за складирање* и се одликувале со различни големини и со тесен отвор кој дозволувал лесно празнење и затворање. Исто така, имало и *керамика за готвење* и овие

предмети биле тркалезни со широк отвор и дебели ѕидови, отпорни на директната силна и континуирана топлина. Освен овие видови, може да се спомене и *керамиката за подготвување продукти без топлина* која била едноставна со широк отвор, како и *керамиката за служење* која била изработена со најтенка глина, понекогаш била обоена и украсена на ѕидовите, а имала и отвор кој дозволувал лесен пристап до храната што ја содржела. Покрај тоа, постоела и *керамика за пренесување*, чии форми биле приспособени на оваа цел и тие биле отпорни, лесни, и располагале со рачки и не многу широки отвори за да не се истури содржината.

Од хронолошка гледна точка, најраните наоѓалишта на керамики потекнуваат од крајбрежниот предел на Тихиот Океан, од мексиканската држава Чијапас и од Гватемала, меѓу 1700 и 1550 година пред нашатаера. Овие керамички предмети се одликуваат со добар иако едноставен степен на технички развој и се употребувале за готвење. Но, со текот на времето облиците на керамиката постојано се ширеле и се појавиле лонци со рачки, вазни, итн.

Освен керамичките садови, пронајдени се и разновидни фигури од керамика.

За да се цени материјалната култура на Маите, подеднакво битно е да се спомене и обработката на каменот од кој се правеле џебни ножиња, ножеви и други предмети употребувани во земјоделството и ловот, во подготовката на прехранбени производи, во занаетчиството и во војната. Од овој материјал биле правени и камења за мелење, како и секири.

Овие технолигии изгледаат премногу едноставни, но никој не може да го негира фактот дека тие успеале да ги покријат сите домашни потреби за опстанок и за секојдневна работа во текот на историјата на културата на Маите.

И покрај претходно споменатите изобилства, сепак постојат ограничувања со кои се соочува археологијата, а тоа се предметите од коска и од дрво. Во зоната на Маите, речиси едвај, постојат наоѓалишта на домашни предмети од дрво како рачки за ножеви, секири, стрели и копја, лопати или стапици за лов и за риболов.

За постоењето на предмети од текстилни материјали, кожа и педуви, кои биле правени и користени дома, исто така постојат оскудни докази во археологијата поради проблемите за зачувување со кои се соочиле и останатите предмети изработени од органски материи.

Многубројни се предметите кои биле изработени од жад и други тешки камења, како и формата која им била давана, на пр.синџирчиња, обетки, маски и сл. По нивната употреба во текот на животот, тие биле погребувани заедно со нивниот корисник, а понекогаш (иако ретко) заедно со вазни со мозаик од жад. Кога станува збор за погребната церемонија, поограничени биле маските изработувани како мозаици со парчиња од жад, школки и вулканска карпа (опсидијан).

Исто така, пронајдени се и многубројни предмети со украсен карактер како синџирчиња и приврзоци што ги употребувала елитата, изработени од претходно споменатите материјали. Некои од парчињата биле дизајнирани специјално за граѓанската или религиозната церемонија, додека голем дел биле украси кои го придружувале сопственикот во гробот.

### 4.3.2.4 Маите и врските со другите култури

Во зависност од околностите и потребите, контактите меѓу Маите и другите култури можеле да бидат мирољубиви или насилни, кратки или долги, но најбитен е фактот дека и едните и другите општества претрпувале културни промени кои биле толку позабележителни колку што разликите меѓу другите биле поголеми.

Најчестите врски биле тие што се засновале на размена на суровини и преработени производи, а ова најчесто се јавувало поради потребата за задоволување на прехранбените потреби и немањето основни алатки.

Уште од најрани времиња, Маите имале активна трговска организација и тоа се должело на два фактора: еколошката разновидност на зоната благодарение на која располагале со богата разновидност на производи, и ситуацијата во којашто се наоѓале, односно меѓу културите од средишниот дел на Мексико и тие на Централна Америка (Ciudad, Iglesias & Rojas, s.a.: 70).

Организацијата била воспоставена на три нивоа: локално, регионално и надворешно. Локалната организација била наједноставна и најрана, се ограничувала на размена на основни производи од истата заедница или блиски заедници и најчесто станувало збор за прехранбени производи или предмети од домашно производство. Кога станува збор за регионалната организација, се мисли на размена на корисни и богати

производи од различни еколошки зони во рамките на еден или повеќе политички ентитети. Третото ниво одговарало на надворешна размена или размена на големо растојание и таа била остварувана меѓу оддалечени предели и во голема мера наменета за елитата и за задоволување на државните потреби. Овој вид на врска со другите култури обезбедувал луксузни производи, но и производи за кои се велело дека биле од стратешко значење, а трговците кои биле дел од ова ниво остварувале задачи што биле под државна контрола.

Во областа на Маите имало многубројни производи кои можеби биле предмет на размена уште многу рано и на различни нивоа. Така, на пример, полуостровот Јукатан бил богат со сол, влакна како памукот, мед и восок, додека какаото потекнувало од бреговите на Тихиот Океан, Карипските Острови и Заливот, аоттаму, исто така,се обезбедувале школки и разновидни морски предмети кои биле наменети за елитата. Од долината на реката Мотагва се обезбедувал каменот жад за голем дел на Мезоамерика во текот на низа години, додека висорамнината била извор на неопходни материјали како вулкански карпи од кои се произведувале тешки камења. Ниските земји обезбедувале исто толку битни материи како што се:силексот, варта, темјанот, памукот, кожата, егзотичните пердуви и тутунот.

Битени истовремено интересен податок е краткиот век на металот во историјата на Маите, кој се употребувал само од посткласичните времиња. Оттаму произлегува заклучокот дека Маите не ги обработувале металите.

За разлика од ова, бројот на бакарните и златните предмети што биле пронајдени како дел од ритуалните и погребните церемонии е многу голем, разновиден и во најголема мера се состои од гравирани дискови, синџирчиња, нараквици, прстени, круни и сл. Металот се користел единствено како елемент за општествено разликување и никогаш не постигнал степен на употреба во производството на инструменти или оружје.

Плаќањата биле водени преку трампи или размени и ретко со монети: семки од какао, сол, ткаенини и др. Отсуството на животни за влечење во цела Мезоамерика не било причина ниту пречка за трговските врски на кратко и долго растојание да се развијат уште од претккласичниот период. Превозот бил остваруван по копнен пат, а превозниците се помагале со широка кожена лента која се носела на челото и преку јажиња бил држан товарот. Освен на овој начин, пренесувањето било реализирано и по речен и морски пат со

кануа од различни димензии. За време на посткласичниот период, голем успех достигнала трговијата преку пловење по крајбрежјето и тоа овозможило да се воспостави мрежа на мали пристаништа по должината на бреговите. Токму оваа околност ја овозможила првата средба на Колумбо со домородното население на Маите на островот Гванаха во Хондурас.

Контактите меѓу општествата на Мезоамерика послужиле не само за размена на производи и предмети туку и за размена на лица односно остварување брачни врски со политички цели. Но, тоа што е најбитно и во ниеден случај не смее да се заборави е дека заедно со производите, предметите и луѓето патувале и обичаите, начините на однесување, идеите и верувањата т.е. она што било основно за потврдување не само на културата на Маите туку и на останатите кои се развиле во исто време.

#### 4.3.2.5 Општествена и политичко-административна организација

Општествената стратификација на Маите се засновала на роднинските врски. Сепак, тоа не значело дека општеството на Маите било нестратифицирано и тоа се должи на фактот дека неговите кланови се делеле на ниски и на високи линии (фамилијарни групи), во зависност од тоа дали биле повеќе или помалку оддалечени од предокот што бил основач (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 46). Имено, директните наследници од прворoдениот син на основачот на кланот го заземале највисокото општествено место, а на линиите кои потекнувале од прворoдените синови на неговите браќа им припаѓало следното пониско скалило, и така последователно. Од социолошко-економска гледна точка, степенот на поврзаност со директната линија на предокот овозможило создавање на вистински затворени касти кои во секоја смисла го условувале животот на едно лице. Со припаѓањето на определена линија, индивидуата била принудена не само да стапи во брак со лице од истата линија туку и да се облекува на определен начин, да ја извршува професијата на кланот и да живее според претходно дефинирано однесување.

Според ова, може да се заклучи дека кај Маите, за разлика од остатокот на претколумбовска Америка, може да се зборува за касти или општествени класи кои биле интегрирани од кралеви-богови, свештеници, воини, трговци, занаетчии и селани. Оттука, секоја каста се организирала во подлинии кои биле специјализирани за одредена личност.

Во секојдневниот живот, тежината на непродуктивните касти паѓала само на линиите составени од селани, односно на луѓето без услови како што во тој период биле нарекувани. Класата составена од селани живеела распрскано на ранчовите, на полињата за одгледување и во предградијата на населените места. Земјоделците ги одржувале роднините од благородничката класа, а тоа било остварувано со жетвите, изградбата на храмовите и палатите каде што живееле, преку војувањето во војните и давањето дарови за боговите. Во замена за тоа тие добивале мала парцела и право да изградат мала колиба на место коешто зависело од општествената позиција на семејството.

Робовите се наоѓале на маргините на роднинскиот систем, но и покрај тоа тие биле вклучени во него. Причините кои доведувале до состојбата да се биде роб не биле многу различни од грчките или римските: заробеници во војна или трговија, делинквенцијата или со самото раѓање. На тој начин, робовите го сочинувале последниот слој на општеството (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 358).

Средните касти, како тие на трговците или воините, се развиле толку брзо што за нив се вели дека го довеле во опасност традиционалниот општествен ред. Во тој контекст битно е да се каже дека Маите не биле мирен народ составен од селани кои биле управувани од интелектуалци, туку воинствено општество како и другите.

Управувањето на заедницата ѝ припаѓало на главната линија која ги ставала под монопол религиозните и административните задачи. Потомците од предокот-основач биле вистински живи богови што ја одржувале политичката, економската, правната и воената контрола на заедницата и имале право да им ги отстапат на своите браќа и внуци политичките функции со најголема одговорност.

Власта на Алач Уиник (Halach Huinic) т.е. вистинскиот човек кој исто така бил нарекуван *Ahau*, односно *Господар* имал улога на посредник меѓу неговите високи роднини, боговите и неговите ниски роднини, луѓето и исто така го контролирал животот на заедницата. Наследната функција поминувала од татковци на синови, но доколку *Ahau* починал без машко потомство, во тој случај титулата преминувала на жените. Ако немал ниту ќерки, функцијата ја наследувал најстариот брат, а тоа водело кон промена на различните линии во кланот.

Стотици функционери кои биле блиски роднини ги ставале во функција наредбите на монархот. Меѓу нив се истакнале *ah cuch caboob*, односно службеници кои ги

наплаќале даноците и го планирале пружањето на лична работа; *ah holpop* т.е. политичко-религиозен делегат на централното владеење во селата и *tupiles*, еден вид полицајци со задача да внимаваат на јавниот ред.

Во период на војна, власта била пренесувана на *nacom*, врховен воен шеф сотригодишен период на владеење.

### 4.3.2.6 Економијата на Маите

Кога станува збор за оваа точка, битно е да се каже дека Маите го ваделе максимумот од своите земјишта иако располагале со основен алат за доминирање на непријателски расположената животна средина. Земјоделството кое било главната гранка на производството, се организирало во согласност со принципот на роднински врски, а тоа значело дека земјата му припаѓала на *Ahau*, и тој ја распределувал во зависност од потребите на секоја фамилија. Жетвите му припаѓале на селанецот, кој требало да му предаде дел од неа на господарот и на тој начин придонесувал за одржувањето на фамилијата која доминирала и на бирократскиот апарат. Со ова, линијата којашто владеела го гарантирала опстанокот на селаните во период кога имало кризи и тоа било реализирано со доделување на прехранбени производи и облека кои доаѓале од магацините на државата, од една страна и од друга страна ги изведувала потребните ритуали за да ја придобие наклонетоста на боговите на дождот и на вегетацијата.

Трговијата била контролирана од *Вистинскиот човек*, била реализирана од наследената каста на трговци и била создадена голема трговска мрежа преку која се увезувала луксузна стока по потекло од Теотиуакан и од другите места на Мезоамерика (жад, сол и сл.), а се извезувале занаетчиски парчиња и локални производи како какаото, памукот, восочното платно и др. Трговијата достигнала висок степен на развој благодарение на хидролошкиот систем на централните земјишта кои им оставиле на Маите на располагање брзи и удобни патишта за комуникација.

Од своја страна, трговијата го поттикнала појавувањето на основниот монетарен систем кој се состоел од какао, монистриод жад, а подоцна и од бакарни секири по потекло од Еквадор.

Другата основа на економијата на Маите ја сочинувал данокот во бесплатна лична работа кој ја ставал на располагање потребната работна рака за изградба на големите јавни згради.

### 4.3.2.7 Религијата и верувањата

Религијата на Маите била, пред сè, политички инструмент и оружје кои им овозможиле на високите касти да го управуваат и да доминираат со општеството на независните селани кои немале потреба од никаква врховна власт за да можат да преживеат.

Општествената структура била оправдувана преку сложеното теолошко мислење кое се базирало на следнава идеја: постоењето на еден универзален ред кој никој и ништо не може да го смени (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 51). Затоа најразумен бил ставот да се прифати апсолутната власт на Алач Уиник, имајќи ја предвид неговата двојна природа, човечка и божествена, која го претворала во единственото живо битие способно да го гарантира не само постоењето на плебејците туку и нивната материјална благосостојба.

Боговите имале ограничена моќ што им овозможувала да влијаат моментално врз движењето на универзумот. Во зависност од тоа дали однесувањето на богот било во корист на луѓето или им штетело, тој бил добар односно лош. Од ова може да се заклучи дека божествата на Маите се одликувале со двојност и во зависност од околностите можеле да бидат добри или лоши, млади или стари, машки или женски. Главното божество на Пантеонот на Маите бил Ицам На (Itzam Ná), богот кој го создал и го чувал човековиот вид. Истиот овој бог кога се појавувал како бог на вегетацијата и на плодноста го добивал името Болом Дс'акап (Bolom Dz'acap). Неговата сопруга Икс Чебел Јакс (Ix Chebbel Yax), го управувала животот на жените кои плетеле и била претставувана како старица обоена со црвено. Освен овие богови, Маите имале и бог на дождот, бог на пченката, на сексот, на раѓањето, на времето, на мртвите, на војната, на трговците и бог чијашто задача била да го регулира редот на наследувањето на политичката власт. Исто така, се вели дека боговите од религијата на Маите биле поврзани со земјоделството, а посебно со култот на пченката која била прехранбениот продукт на претколумбовска Америка (Castro, 1941: 17).

Церемонијата на Маите не била ограничена само на обожавање на боговите туку ги опфаќала сите активности кои на директен или индиректен начин придонесувале за одржување на општествениот ред, а такви биле изградбата на споменици, погребни ритуали во чест на починатите владетели, распределбата на имотот, политичките дејства, итн.

За крај, кога се зборува на оваа тема, интересно е да се спомене дека свештиничката каста на Маите вклучувала специјалисти од различни класи, како *ahau can*, односно Господар Змија - астролог, гатач и пророк; *ah nacom*, задолжен за човечките жртви; *ah chilam* - гатач и *ah men* - надрилекар.

#### 4.3.2.8 Научните и уметничките познавања

За Маите се вели дека биле Грците во новиот свет, бидејќи малку народи успеале да развијат толку апстрактна и интелектуална култура како нивната. Можеби тоа е причината поради која на Маите им се дава поголемо признавање во однос на Инките и Ацтеките. Полињата на кои овој народ постигнал видливи резултати се: аритметиката, календарот и хиероглифското писмо.

Нумерирањето се појавило како последица на потребата од пресметување на астрономските набљудувања според кои се регулирал земјоделскиот циклус и се состоело од дваесет цифри, вклучувајќи ја и нулата. За претставување на броевите се користела комбинација од точки (. значело 1) и од цртички (- било еднакво на 5). Во областа на математиката се истакнале со поделбата на дропки и алгоритми.

Засновајќи се на ова, Маите-свештеници изработиле сложен систем за мерење на времето и кој ја управувал судбината на луѓето, но влијаел и врз боговите. Маите поседувале два календара: *Tzolkin-ритуален* и *Haab - сончев*. Првиот имал 260 дена поделени на 13 месеци од по 20 дена и се употребувал за предвидување на иднината на луѓето. Вториот бил составен од 18 месеци од по 20 дена, а тоа значи 360 дена плус пет судбоносни дена. Со комбинирање на двата календара се добивал циклус од 52 години и истиот Маите го нарекувале *кратка сметка (cuenta corta)*. Освен овој систем, Маите развиле друг покомплициран чие име било *Почетна серија илидолга сметка (Serie inicial o cuenta larga)*. Благодарение на него можело да се брои поминатото време од создавањето

на светот кое, според Маите, се случило во 320 година пр.н.е. (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 52).

Третата област во која се истакнале Маите било писмото кое било составено од 700 знаци и истото се јавува на камен, на кодекси и на површината на некои керамички чаши. Овој начин на пишување бил делумно фонетски и делумно идеографски.

Кога станува збор за архитектурата, Маите имале свој придонес со лажниот небесен свод изграден од приближување на огромни закосени плочи. Исто така, се истакнале и во скулптурата, уметноста и литературата за која се вели дека се одликувала со поетска убавина и изненадувачка филозофска длабочина. И покрај ова останува мистеријата за пропаѓањето на цивилизацијата на Маите уште пред шпанското освојување. Најверојатно е дека некоја физичка промена или друга непозната причина придонесла да се случи тоа (Castro, 1941: 17).

### 4.3.2.9 Маите по шпанското освојување

Како и за другите домородни народи, така и за Маите, пристигањето на Шпанците било катастрофално, како од биолошка така и од културна гледна точка. Причините за драстичното опаѓање на бројот на населението се познати за сите и започнале со војната за освојување. Новите болести пред кои домородното население било немоќно, но и тешката и макотрпна експлоатација на која биле принудени, довеле до истиснување на многубројни етнички групи, но и до многубројни промени во културата на тие што успеале да преживеат.

Првите контакти меѓу Маите и Шпанците потекнуваат од 1502 година, когаво заливот на Хондурас се сретнал бродот од Маите-трговци собродот на Колумбо, кој тогаш го реализирал своето четврто патување.(Ciudad, Iglesias & Rojas, s.a.: 98). Девет години подоцна, во 1511 година, дваесетина лица од експедицијата Валдивија кои доживеале бродолом пристигнале на источниот брег на Јукатан, каде што биле заробени, а некои од нив и жртвувани. По многубројните патешествија, еден од преживеаните (чие име било Хуан де Грихалва) стапил во контакт со Ернан Кортес во период на неговата прва експедиција на зоната во 1519 година.

Во тоа време, раните контакти со Шпанците веќе им имале нанесено зло на Маите од Јукатан, односно меѓу 1515 и 1516 година биле зафатени од првата голема епидемија, најверојатно варичела. Состојбата не била сменета ниту во подоцнежните години, така што во 1517 и 1518 година во Јукатан дошло до вооружени соочувања. Кортес се вратил помеѓу 1524 и 1525 година, го преминал централниот и јужниот дел на ниските земји и тука се запознал со постоењето на главниот град на народите Ицас *(Itzás)*, односно Тајасал кој се претворил во последното непробојно отпориште на Маите во период од еден и пол век т.е. до неговото паѓање во 1697 година.

Истовремено, во Алтос де Чијапас и во Гватемала се знаело за постоењето на Шпанците и за нивните освојувачки намери. Во прилог на тоа, може да се спомене дека делегација од нивните главни групи била присутна во Теночтитлан *(Tenochtitlán)*, главниот град на Ацтеките, пред неговиот пад под шпанска власт во 1521 година, но ниту тоа не ги мотивирало да воспостават алијанси и да организираат групи за одбрана наспроти новиот освојувач.

Педро де Алварадо заедно со народите Тлакскалтекас *(Tlaxcaltecas)* пристигнал во тој предел во 1524 година, при што наишле на силен отпор од народите Чијапас *(Chiapas)* и Кичес *(Quiches)*, додека народите Сокес *(Zoques)*, Цоцилес *(Tzotziles)* и Какчикелес *(Cakchiqueles)* се претвориле во нивни сојузници. Најголемиот дел од сојузите траеле кратко време, а тоа значи дека по краток период започнал процесот на колонизирање кој се засновал на експлоатирање на земјата и на домородното население што живеело на неа. Од друга страна, речиси во исто време започнала и историјата на побунувањата која траела и за време на независноста.

Во врска со успехот на малобројните Шпанци кои потчиниле толку многубројно население како американското, многу се пишувало. Но, треба да се има предвид дека не постои еден единствен фактор што придонесол да се реализира тоа, туку склоп на околности како претходното опаѓање на бројот на населението поради епидемиите кои во Мексико им претходеле на освојувачите и гладот предизвикан од лошите жетви и берби. Исто така, свој придонес имала и високата техника на Шпанците со нивните коњи, кучиња и огнени оружја кои помогнале во голема мера, но Шпанците исто така ги искористиле и постојаните внатрешни борби на различните староседелски групи. Единствен град кој

најмногу издржал да не биде освоен е градот Тајасал (1697 година), Алтос де Чијапас и Гватемала биле освоени околу 1528 година, додека Јукатан во 1546 година.

### 4.3.2.10 Процесот на колонизација

Колонијалниот период бил многу тежок за домородецот затоа што бил експлоатиран на најразлични начини. И покрај тоа што шпанските власти имале изработено многу закони за управување на американските земјишта и на нивните жители и иако цел на многу од нив била да се заштити домородецот од злоупотребите на Шпанецот, сепак правните прописи биле нерегуларно исполнувани и ретки се случаите кога домородецот барајќи помош од нив бил праведно третиран.

Институционализираната експлоатација создала големи тензии и го принудила домородецот да примени различни начини на отпор, од бегањето во планините што значело напуштање на селата во кои биле насилно изолирани, до посегнувањето по оружјето како очајно решение. И покрај истребувачките напори на функционерите, фратарите и земјоделците за време на колонијалниот период, сепак заедниците на Маите успеале да опстојат како култура и да ги задржат сопствените елементи што се однесува до материјалните карактеристики, на пр. куќи, јадења, пиења, јазици, ритуали на животниот циклус, начини на роднински врски, религиозни теми и други аспекти. На тој начин, различните групи Маи за кои се знае денес се мешавина од домородни одлики со шпански карактеристики усвоени меѓу XVI и XIX век.

### 4.3.2.11 Новите држави и Маите

Уште во почетокот на XIX век започнале движењата за независност предводени од креолите односно потомците на Шпанците родени во Америка и биле поддржани од мелезите, но без речиси никакво учество од страна на староседелското население. Новите републики не значеле промени во колонијалната структура на експлоатација на домородното население. Со поништувањето на шпанските закони домородецот успеал да добие еднаквост во рамките на граѓанството, но ја загубил со воведувањето на либералните закони, бидејќи тоа значело запаѓање во уште поголемо експлоатирање и

губење на голем дел од земјиштата кои заедниците успеале да ги задржат како свои во текот на колонијалниот период. Со ова илјадници Маи биле осудени да работат на огромните хациенди што изникнале на земјиштата кои порано биле нивни и на нивните предци. На тој начин, како за време на колонијализмот така и во подоцнежниот период, експлоатацијата продолжила да создава сериозни тензии и напнатост.

### 4.3.2.12 Сегашноста и иднината на Маите

Иакоизминаа пет века, сè уште се отворени колонијалните рани и не е многу подобрена ситуацијата на групите Маи во Гватемала кои на директен и на брутален начин биле погодени од една од најсуровите и геноцидни граѓански војни кон крајот на XX век (Ciudad, Iglesias & Rojas, s.a.: 101).

Од 1930 година почнал процесот на официјално прифаќање на културното минато на домородното население. Во Мексико, а во помала мера и во Гватемала, подобрувањата во образованието и здравството биле воведени во рамките на интеграционата политика чија цел е вклучување на домородното население во капиталистичката економија. Сериозните предрасуди што овие промени ги предизвикуваат во автохтоните култури со тоа што не ги земаат предвид ефектите што ќе ги имаат во основните културни форми на некои заедници, придонеле на неколку наврати Маите да се спротивстават. Меѓутоа, тоа не значи дека Маите не сакаат да ги прифатат патиштата кои водат кон напредок и иднината што им се нуди, туку тие не сакаат да го направат тоа по која било цена. Иако имаат претрпено силно губење на својата самопочит како домородно население, сепак многумина од нив гледаат на својот јазик, своето живеалиште, своите обичаи или структурата на својата заедница, како на симболи за идинтитет што успеале со векови да ги одржат.

Денес,постојат повеќе од 4 милиони говорители на околу 28 јазици на Маите;на некои од нив им претстои опасност од исчезнување, а голем дел се селани кои живеат во колиби. Граѓанско-церемонијални центри во денешно време претставуваат селата што биле основани, или повторно се основани од страна на Шпанците,во кои се наоѓа црквата, општината и пазарот. Маите во ист број одат во црква, но и на нивните свети места каде што се одржуваат ритуали поврзани со *другите натприродни сили*.

Како еден од основните проблеми со кој се соочуваат Маите во денешно време е недостатокот од земја,така што зголемувањето на населението и исцрпувањето на земјиштата ги принудува да ги напуштат своите заедници, привремено или дефинитивно, и да почнат да работат на големите имоти.

Домородното население неуништливо опстојува повеќе од четири века и покрај доминацијата и сиромаштијата, сè уште ја чува недежта пред својата непредвидлива иднина благодарение на своето достоинство.

### 4.3.3 Ацтеките

Во 1519 година, периодот кога пристигнале Шпанците во Централно Мексико, поголемиот дел на Мезоамерика бил под власт на Ацтеките кои за помалку од еден век успеале да создадат моќна империја што се протегала од северната граница на пределот до теснецот на Теуантепек (Tehuantepec), Атлантскиот и Тихиот Океан. Центарот и најбитниот дел на оваа пространа територија бил *Теночтитлан* (*Tenochtitlán*), густо населен град што се протегал од долината на Мексико сè до југот на централната висорамнина. Метрополата била составена од два збратимени града: Теночтитлан и Тлателолко (*Tenochtitlán и Tlatelolco*) кои имале помеѓу 150.000 и 300.000 жители што биле сконцентрирани на два мали острова. Во средишниот дел на градот се наоѓал свет затворен простор кој претставувал збир од 78 религиозни згради со кои претседавал *Големиот храм* (Templo Mayor). Околу него, подредени во круг се издигнувале двете кралски палати, резиденциите на благородците и куќите на плебејците. Пазарот се наоѓал во Тлателолко и дневно го посетувале повеќе од 60.000 лица (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 53).

Со цел да се долови сликата на Мексико пред Кортес, доволно е да се цитира она што самиот му пишува на императорот Карлос V пред целосно да го завладее главниот град:

> Овој голем град Теночтитлан (...) е толку голем град како Севилја и Кордоба заедно. Главните улици се многу широки и многу надесно; половина е земја, а половина вода низ која се движат со кануа. Има толку многу голем плоштад, два пати поголем од тој во градот Саламанка, целиот затворен со порти наоколу и каде дневно има илјадници лица што купуваат и продаваат секаков вид на стока: јадења, накит од злато и сребро, од олово, од бакар, од камења, од коски, од школки, од полжави и од пердуви. (...) Постои и улица на ловот каде се продаваат секакви видови на птици што постојат на земјата, како кокошки,

еребици, гулаби, папагали, орли, соколи, а од некои од овие птици се продава и кожата со пердувите и главата, клунот и ноктите. (...) Има како и улица на аптеки каде се продаваат направени лекови, како и напивки и креми. (...) Има куќи каде даваат јадење и пиење по цена(Castro, 1941: 19).

Во продолжение на писмото на Ернан Кортес биле споменати и други работи како зеленчуци, овошја, мед, восок, шеќер, бои, обоени кожи во различни бои, различни видови на садови, итн. Секој вид стокасе продавал на различна улица, а продажбите ги надгледувале инспектори за да се избегнат измамите.

На местото каде што денес се наоѓаат Големиот плоштад, Националната палата, Катедралата, Собранието и други битни згради, пред 1520 година се наоѓал Текпан (Tecpan), односно заградениот простор на храмот. Тој се одликувал со големи пирамиди со скалила кои воделе до неговиот врв. Околу пирамидите биле сместени живеалиштата на свештениците и насекаде можело да се видат скулптури на нивните богови и идоли. Но, оваа убавина и големина била поматена со варварство за кое може да се каже дека било нечовечко зашто целта на целиот овој збир биле човечките жртвувања принесени на боговите на Ацтеките. Во најголем број од случаите, жртвите биле заробеници од војните кои биле принудувани голи да се качуваат по скалилата еден по друг. На врвот ги чекале шест свештеници облечени во дречливи бои, а на главата имале зелени и жолти пердуви. Жртвата ја ставале со грб врз каменот, а врховниот свештеник ѝ ги отворал градите со нож за потоа да ѝ го извади срцето кое било покажувано на Сонцето и накрај било фрлано во лицето на идолот, додека телата биле собирани од страна на лицата кои ги заробиле жртвите за да ги изедат (Castro, 1941: 20).

Од претходно изложеното може да се види дека животот во Мексико пред доаѓањето на Шпанците бил мешаница од цивилизација и крајно варвартсво. Мексико го управувал императорот Моктесума II (Moctezuma II) во периодот од 1502 до 1520 година.Тој им припаѓал на Ацтеките кои ја владееле земјата од XIV век, а на голем дел од територијата на Мексико се зборувал јазикот *наватл* (náhuatl).

#### 4.3.3.1 Историјата на Ацтеките

Кон крајот на XII век, по падот на империјата на народот Толтеки, долината на Мексико била опустошена од многубројните варварски народи што дошле од северот и истите тие ги основале градовите–држави: Ксалтокан (Xaltocan), Тецкоко (Tetzcoco),

Аскапоцалко (Azcapotzalco) и Коатлинчан (Coatlinchan). Последниот народ што извршил инвазија на оваа област биле Ацтеките кои потекнувале од Астлан (Aztlan), Западно Мексико.

Ацтеките себеси се нарекувале Мексикас (Mexicas).Тие најнапред се населиле во пределот на заливот Чапултепек (Chapultépec), а откако биле протерани се населиле во Кулуакан (Culhuacán).И оттаму морале да си заминат, занакрај, постојано да се населат на едно островче на езерото Тецкоко (Tetzcoco). Основањето на градот Теночтитлан во 1345 година билопроследено со проблеми и тешкотии бидејќи, од една страна, дел од жителитенезадоволни од доделеното земјиште го напуштиле местото заминувајќи на еден близок остров каде што го основале новиот град Тлателолко (Tlatelolco). Од друга страна, пак, заради недостатокот на материјали за изградба и немањето земја за одгледување, владетелите Мексикас биле принудени да ја прифатат власта на Аскапоцалко (Azcapotzalco), т.е. еден од главните градови-држава во регионот. Како резултат на ова, долго време Ацтеките морале да учествуваат во империјалистичките војни на Аскапоцалко, но тоа било во нивна корист зашто се стекнале со воено искуство кое им послужило во иднината.

Со смртта на кралот на Аскапоцалко во 1426 година, започнала и ерата на династичката криза, која Ацтеките ја искористиле за да станат независни. Така, нивниот шеф Ицкоатл (Itzcoatl) (1426-1440), стапил во сојуз со земјопоседникот на Тецкоко (Tetzcoco) - главниот непријател на Аскапоцалко, и успеал да ги победи своите стари владетели. Со исчезнувањето на власта на Аскапоцалко, се вели дека започнал нов период во историјата на Мезоамерика затоа што тие кои победиле одлучиле да ги вклучат под своја власт победените (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 54).

Во таа смисла, следбеникот на Ицкоатл, Мотекусома I (Motecuhzoma I) (1440-1468), ја ставил под своја власт долината на Мексико и освоил широки пространства во Оаксака и брегот на Заливот. Со истата политика продолжил и Аксајакатл (Axayacatl) (1468-1481), успевајќи во империјата што почнала да се создава да вклучи дел од долината на Толука и пределот на Какакстла (Cacaxtla). Неговото владеење било обележано не само со победи туки и со порази, а може да се каже дека тоа било надоместено со освојувањето на градот Тлателолко.

Проширувањето на империјата на Ацтеките било запрено со доаѓањето на власт на Тисок (Tizoc) (1481-1486), чие владеење било опкружено со мистерии и за кој се вели дека бил отруен. Сепак, процесот на освојувања продолжил откако тронот бил заземен од владетелот Ауицотл (Ahuitzotl) (1486-1502), кој успеал да ги прошири границите на Ацтеките ставајќи ги под своја власт Ксоконочко, Теуантепек, Веракруз и другите богати зони. Освен со процесот на проширување, неговото владеење било обележано и со проширувањето на најважниот споменик во Теночтитлан, односно Големиот храм.

По смртта на овој владетел, тој бил наследен од Мотекусома II *Xocoyotzin* (Motecuhzoma II*Xocoyotzin*) (1502-1520), кој се заложил за воведување реформи и зацврстување на империјата. Имено, благородниците биле принудени да извршуваат јавни функции, а било запрено и воено проширување и акцентот бил ставен на потчинување на независните територии кои се спротивставиле на нападите на неговите претходници. И покрај многубројните напори тоа не било постигнато, а со ова бил означен и крајот на империјата. Шпанците никогаш немало да извојуваат победа над Ацтеките без помошта од страна на Тлакскаљан (Tlaxcallan) - една од слободните држави во Цетрално Мексико.

Сепак, Ацтеките биле познати како моќен народ, господари на својата империја и се вели дека со право ја заслужиле фамата на воини, бидејќи нивната империја била подигната со помошта на оружјето. Секогаш имало причина која ги разгорувала непријателствата, а како такви може да се споменат навредите на амбасадорите, одбивањето да се даде данок, убиството на трговци и др. Пред да започне војната, таа морала да биде објавена официјалносо изложување на праведна причина, која доколку не постоела била измислувана (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 364).

### 4.3.3.2 Општествена и политичко-административна организација

За општеството на Ацтеките се вели дека иако постоело толку кратко време, сепак подлежело на многубројни трансформации. Како и да е, можело да се издвојат две големи општествени класи: благородниците и плебејците. Во теорија, припадниците на пониската група можеле да се искачат и да станат дел од повисоката, но во реалноста тоа воопшто и не постоело.

Владејачкиот сектор бил составен од општествени слоеви со различно потекло на чие чело се наоѓал некој од кралската линија, односно потомок од првиот крал на Ацтеките, *Ораторот*. Веднаш по него следеле *господарите* т.е. благородници од висок степен, кои си ја заслужиле титулата благодарение на вредните услуги што ѝ ги имале пружено на државата. Господарите ги заземале највисоките функции во владеењето со нацијата и располагале со огромни пространства земја во освоените простори кои биле обработувани од робовите. Нивната титула не била наследна, но и покрај тоа синовите можеле да го наследат татка си само ако докажале дека ги поседуваат потребните карактеристики.

Третиот слој го сочинувале *Децата*, односно оние што биле во роднински врски со монарсите и со господарите. Нивниот број бил неверојатно голем и без нив не би можела да функционира империјата затоа што тие ги извршувале функциите како администрација, војска и свештенство. Тие, исто така, ѝ припаѓале на благородничката класа и имале право да поседуваат повеќе од една парцела од големиот фамилијарен имот.

*Децата на орелот* го сочинувале последното скалило од благородничката класа и дел од нив биле војниците или трговците кои потекнувале од плебејската класа, но кои поради воените или трговските вештини успеале да ја преминат општествената граница. Благодарение на овие заслуги, тие можеле да располагаат со производството на мал збир земјишта кои им биле давани, да склучуваат повеќе од еден брак и да не се обврзани да плаќаат данок во готово или во работа. И покрај овие погодности, чистокрвната аристократија немала убаво мислење за нив и им забранувала да носат одредени украси кои биле наменети само за благородниците, а со тоа ги потсетувала на нивното потекло.

За разлика од преостанатите претколумбовски општества, во рамките на доминираната класа на Ацтеките се разликувале три слоја: висок, среден и низок. Во првата група спаѓале *трговците* кои биле посветени на извезувањето и увезувањето на луксузни производи што биле користени од владејачката елита. Во многу наврати тие морале да функционираат и како шпиони и уживале во големи богатства и благодарноста на државата. Припадниците на овој слој имале право на суд, забави и посебни амблеми, но не биле ослободени од давање данок, а со овој чин се укажувало дека тие припаѓаат на плебејската класа. Во слични права и позиции уживале и извесни *занаетчии* кои изработувале луксузни предмети. За разлика од нив, најмногубројни биле

*заслужените*кои се наоѓале на второто скалило. Нивната професија зависела од местото на живеење; тие што живееле во руралните предели или во предградијата на Теночтитлан се занимавале со земјоделство, а оние во градовите биле посветени на трговија на мало, занаетчиство или услуги како докторски, бабици, бербери и сл. На овој слој му било забрането да има свое сопствено земјиште, а морале да плаќаат и даноци, да служат војска и да работат бесплатно во јавните изградби. Плебејците се организирале во населби, составени најчесто од група семејства-роднини, заеднички ја обработувале земјата и сите тие му биле потчинети на својот шеф. Оваа институција со која се одликувале земјоделските општества во времето кое им претходи на Ацтеките, во Теночтитлан се претворила во територискo обележување со економски, административни, воени и образовни функции. *Привремените работници* и *робовите* ги сочинувале најниските слоеви во општеството на Ацтеките. Членовите на првата група ги обработувале земјиштата на благородниците и тие биле дел од фамилијарниот имот, можеле да се наследуваат или да се купат заедно со остатокот од имотот. Рангот роб преминувал од родители на деца, а освен ова тие биле принудени и да служат војска, да ги извршуваат домашните работи во домот на Господарот и да му предадат дел од сопствената берба. Последната категорија која од шпанските хроничари била наречена *робови* можела да склучува бракови со слободни лица, нивните деца не станувале по автоматизам робови и можеле да поседуваат имот. Имало две причини кои ја предизвикувале состојбата да се биде роб, а тоа биле: сиромаштијата која принудувала некои лица да се продаваат самите себеси и осудата заради кражба или друг престап (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 56).

Доколку Ацтеките се споредат со преостанатите народи, може да се заклучи дека тие биле единствениот народ во Америка пред доаѓањето на Шпанците што воспоставил задолжително и бесплатно образование за сите машки деца. Меѓутоа, и на ова поле доаѓала до израз општествената разлика затоа што децата на благородниците посетувале интернат во кој им било пружано рафинирано образование, а тие од селата оделе во училиштата во населбите каде што се стекнувале единствено со воено образование.

Врховната власт на Теночтитлан му припаѓала на *Големиор оратор*, носител на извршната, законодавната и правната власт. Тој, исто така, имал максимална надлежност и во религијата, но за разлика од други народи, не му биле припишувани божествени карактеристики. Функцијата ѝ припаѓала на фамилијата, но не преминувала од син на

татко, туку од брат на брат. Во случајот кога ќе починел последниот жив брат, тој бил наследуван од еден од синовите на братот кој владеел прв. Големиот оратор бил помаган од вицекрал или везир кога бил отсутен монархот или во случај на негова смрт. Оваа категорија била наследна, а вицекралот или везирот требало да заседава со највисокиот суд, но и да ги надгледува различните совети како воениот, судскиот и економскиот. Економскиот совет се наоѓал во една од салите на империската палата и директно зависел од вицекралот и истиот совет бил задолжен за мобилизирање на работната рака. Одговорните лица на различните комисии го сочинувале Врховниот совет, еден од органите што влегувале во состав на избирачкото тело задолжено за избор на новиот монарх меѓу различните кандидати.

Во споредба со империјата на Инките, Ацтеките ја почитувале автономијата на потчинетите држави, но не секогаш туку само во случаите кога тие ќе се изјасниле како вазали, ќе дале голем годишен данок и ќе зеле учество во војните на империјата, а директно владеење било наметнувано само кога ќе се побунеле поразените. Доколку пригодата била таква, тогаш локалниот монарх бил заменуван со воен владетел Ацтека. За цел да се надгледува собирањето даноци од 38 провинции, била создадена мрежа на собирачи на даноци кои можеле да се обратат за помош кај воените дополнувања распространети низ целата империја во случај на опасност.

Од изложеното може да се заклучи дека постоењето на лицето Ацтека било прецизно регулирано од раѓањето до смртта. Чекорите што тоа лице ги правело во својот живот биле претходно определени, како и слободното време и работата. И покрај сè, историјата на Ацтеките укажува на тоа дека реалноста не се совпаѓала целосно со идеалното и дека народот на сонцето бил, пред сè, човечки (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 398).

### 4.3.3.3 Економијата на Ацтеките

Основата на економијата на Ацтеките ја сочинувале земјоделството, занаетчиството и трговијата и секоја од овие гранки била неопходна за другите две,а нивниот развој зависел од војната.

Земјоделството на Ацтеките било приспособено на животната средина; во сувите предели биле изградени стотици канали за наводнување за да се искористи водата од езерата и реките, а на празнините непогодни за обработување биле создадени безброј вештачки островчиња кои давале по две берби во годината.

Поседувањето земјиште им дозволувало на оние кои биле во роднински врски со монарсите и со господарите наполно да се посветат на војната од која добивале огромни количества егзотични предмети, како и главни производи. Најголемиот дел од данокот што се собирал од потчинетите места и народи се употребувал за одржување на дворецот, војската, религиозните празнувања, работниците и народот во периодот кога биле лоши бербите, а остатокот им бил даван на занаетчиите за да го претворат во луксузни производи кои се извезувале во други области од Мезоамерика.

За да може да опстои ваквата економија, во тоа време ѝ биле потребни патишта кои поминувале низ зоните од бреговите на Тихиот Океан до бреговите на Мексиканскиот Залив. Токму поради тоа трговците уживале во силен општествен престиж, а нивната активност не била ограничена само на територијата контролирана од Ацтеките. Потребата за какао, пердуви од птицата кецал и за други тропски материи придонесла трговците да одат до Ксикаланко, Мексиканскиот Залив и Ксоконочко, место кое се наоѓа на брегот на Тихиот Океан. Ова биле битните трговски центри каде штосе разменувале производите од висорамнината со тие од областа на Маите (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 59).

На пазарите кои се одржувале на пет или дваесет дена, се продавале најразновидни производи, а на истите биле нудени и услуги од многу професии. Судот, составен од 12 судии, со кого заседавал претставник на трговците и сила од функционери биле задолжени да ги спречат измамите или да ги решат споровите.

Купувањата биле реализирани преку размени или со монети, а монетарниот систем на Ацтеките се разликувал од останатите затоа што вредностите за замена најчесто биле семки од какао, а нивната вредност зависела од нивната големина и квалитет.

#### 4.3.3.4 Религијата на Ацтеките

Воениот карактер на општеството на Ацтеките имало свој отсјај и во религијата затоа што на војната ѝ било давано свето место и тоа било оправдувано со верувањето

дека единствен начин да се избегне уништувањето на човештвото било со хранењето на Сонцето со крвта од непријателите кои биле заробени во војната за да стане појако и на тој начин да биде избегната неговата смрт.

За разлика од оние Ацтеки што биле во роднински врски со монарсите и со господарите и кои го поддржувале погореспоменатото верување, мнозинството селани од Централно Мексико што ја одржувале економијата на Теночтитлан ги обожавале боговите на вегетацијата и на водата. Ваквата спротивставеност овозможила во религијата на Ацтеките подеднакво да живеат двете традиции. Така, во Големиот храм на Теночтитлан имало капела на богот на водата и капела на божеството на војната; тие го симболизирале дуализмот што бил карактеристичен за мислењето на Ацтеките.

Овој дуализам бил пренесен и во подземниот свет. Имено, воините кои загинале во битка или биле жртвувани на каменот оделе во *Сончевиот рај*, а тие што биле удавени или починале од причини поврзани со богот на водата оделе во *Рајот на Тлалок*, кој претставувал прекрасна градина полна со цвеќиња и разновидни овошки. Преостанатите оделе во *Местото за починатите* каде што се живеел живот сличен на претходниот.

Ваквата сложеност на религиозниот живот се отсликала и во подреденоста и поделбата на свештенството кое морало да биде многубројно и добро организирано. Во таа смисла, на главата се наоѓале два врховни свештеника кои располагале со иста моќ и престиж, по нив доаѓал свештеникот на Ацтеките задолжен за церемониите, а по него следеле тие што му биле подредени. Преостанатото свештенство било групирано во религиозни редови поделени во четири групи според возраста: почетници, млади, зрели и старци (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 60).

#### 4.3.3.5 Светот на науките и уметностите

Иако интелектуалните остварувања на Ацтеките ја следеле исцртаната линија од Маите, сепак не успеале да ги достигнат нивните постигања. Така, календарот на Ацтеките се состоел од два круга, односно годишен ритуал од 260 дена и сончев ритуал од 365 дена, а што се однесува до писмото, поимите и предметите биле претставувани преку цртежи кои биле до одреден степен реални, но постоеле и хиероглифи од идеографски вид, како и фонетски за транскрипција на бројни слогови и звуците *а*, *е* и *о*. Благодарение

на овие симболи претставени на ленти од кожа од елени во форма на екран, Ацтеките можеле да водат сметка за даноците, да се потсеќаат на изминатите настани и да ја претскажуваат иднината. Немањето на формално писмо не било пречка за поетите Ацтеки да се истакнат со своите убави епски и лирски композиции, а не заостанале ниту во прозата.

Што се однесува до уметноста, Ацтеките постигнале видливи резултати истакнувајќи се во скулптурата која може да се подели на две групи: монументална скулптура (сочинета од огромни скулптури што ги претставувале боговите, митовите, кралевите и нивните подвизи) и скулптура во мали димензии во која спаѓа накитот направен од каменорезците. Основите теми, исто така, биле поделени во две групи: религијата и природата, затоа можат да се сретнат парчиња на кои се претставени боговите и други со животни (Lucena Salmoral & Gussinyer, 1992: 398).

Кога станува збор за архитектурата нема многу докази и таа е сведена само на Теночтитлан и на зградите надвор од овој град кои се карактеризираат со ист стил. Причината за недостатоци од докази во оваа област е срамнувањето со земја на градот Теночтитлан со освојувањето на Шпанците и подигнување на негово место на градот Мексико.

Други полиња во кои доминирале Ацтеките биле уметноста на режење во камен и керамиката.

### 4.3.3.6 Ацтеките по шпанското освојување

Со заробувањето на последниот крал на Ацтеките Куаутемок, (Cuauhtémoc) (1520-1525), и со предавањето на Теночтитлан (13 август 1521година) бил ставен крај на нивната империја. Било направено политичко ремоделирање со што Шпанците дошле на врвот и бидејќи во почетокот нивниот број бил мал морале да се потпрат на сојузниците домородци и тоа било така сè до зацврстувањето на нивната власт. И покрај сè, Ацтеките постојат и ден-денес; доказ за тоа е Академијата за јазикот ‘наватл’ (Academia de la Lengua Náhuatl) со која само се потврдува виталноста на нивната култура. Познавањата од областа на техниката, уметностите, поезијата кои биле дел од културата на Ацтеките, не престанале да постојат, туку едноставно се споиле со новините и создале посебен свет, а

сведок за тоа е, на пример, црквата од местото Тонансинтла (Tonanzintlá) во државата Пуебла (Ciudad, Iglesias & Rojas, s.a.: 152).

# 5. ШПАНСКАТА КОЛОНИЗАЦИЈА НА АМЕРИКА

Во зорите на 2 октомври 1492 година, две каравели и еден брод со Шпанци пристигнале на бреговите на Гванаани (Guanahaní) – мал остров во Карипското Море. Со овој настан кој е дел од ерата на големите географски откритија започнала нова етапа во историјата на човештвото. Така, Христофор Колумбо мислел дека станува збор за острови кои водат во Јапонија, односно бил убеден дека пристигнал во Азија. Колумбо со себе носел еден примерок од книгата на Марко Поло во која било опишано дека жителите на Сипанго располагаат со злато во изобилие и дека рудниците од каде го добиваат тоа злато никогаш не се исцрпуваат. Во истата книга биле споменати и бисерите кои биле присутни на тој остров во големо количество, бисери кои биле розови, тркалезни и големи, но и повредни од белите. Освен ова, се споменувало дека во Индиското Море имало тринаесет илјади острови со планини од злато и сребро и дванаесет вида на зачини (бибер, ѓумбир, каранфилче, морско оревче и цимет). Ова биле толку познати зачини како солта за чување на месото во зимно време без да скапе и без да го изгуби својот вкус. За да се ослободат од посредниците и препродавачите кои ги собирале богаствата од трговијата со зачини, тропски растенија и ладни оружја кои доаѓале од мистериозните региони на Истокот, шпанските католички кралеви одлучиле да ја финансираат авантурата и директно да дојдат до изворите.

Како што е веќе споменато, 1492 година не била само годината кога е откриена Америка, туку и годината кога е уништен и последниот бедем на муслиманската религија во Шпанија, со што Гранада била вратена под шпанска власт. Биле потребни речиси осум века за Шпанците да си ја вратат под своја власт целата шпанскатериторија, а тоа значело дека со војната за повторно освојување било потрошено кралското богатство. Во истата година, сто педесет илјади Евреи биле протерани од Шпанија, кралицата Изабела станала кума на Светата Инквизиција, а папата Алехандро VI по потекло од Валенсија ја прогласил оваа кралица за господарка и сопственичка на новиот свет.

Три години по откривањето на Америка, Колумбо самиот ја предводел воената кампања против домородците од Доминиканската Република. На тој начин, повеќе од петстотини староседелци биле испратени во Шпанија и продадени како робови во Севилја. Пред ваквиот акт, група протестантски теолози се побуниле и ропството на

Индијанците било укинато во почетокот на XVI век. Иако тоа било формално забрането, сепак постоело, а доказ за тоа е фактот дека пред секое воено навлегување капетаните на освојувањето им читале на Индијанците текст со кој биле убедувани да преминат во католицизам со следниве зборови:

> Доколку не го направите тоа (...) ви потврдувам дека со помошта на Бог ќе настапам моќно против вас и ќе ви објавам војна од сите страни и на сите начини на коишто ќе можам и ќе ве потчинам на ропство и послушност на црквата и Неговото Височество и ќе ги земам вашите жени и деца и ќе ги претворам во робови, а како такви ќе ги продадам и ќе располагам со нив според тоа како Неговото Височество ќе нареди, и ќе ви ги одземам вашите имоти и ќе ви ги нанесам сите зла и штети што ќе можам (Galeano, s.a.: 28).

Кога пристигнал до Сан Салвадор,Колумбо бил зачуден од шарената транспарентност на Карибите, од зелениот пејзаж, чистиот воздух, прекрасните птици и од младите, високи и убави луѓе.

Понатаму, во текот на третото патување на Колумбо, мислејќи дека плови по Кинеското Море тој стигнал до брегот на Венецуела и притоа изјавил дека од таа точка се простира бесконечна земја која се качува до Земниот рај.

Недопрените земјишта, густите и опасни прашуми не престанале да ги привлекуваат капетаните и војниците кои биле гладни за освојувања. Со раѓањето на митот за Елдорадо т.е. искапениот монарх во злато, измислен од страна на староседелското население за да ги оддалечат натрапниците, многумина напразно го следеле низ прашумите и водите на реките Амазон и Ориноко мислејќи дека на тој начин ќе стигнат до изворот за сребро. Не било така, бидејќи голем број членови на експедициите загинале како резултат на гладот, болестите, или биле погодени од стрелите на домородците.

И покрај сè, златото и среброто навистина постоеле и ги имало во огромно количество на мексиканската висорамнина и на таа на Андите, а за тоа сведочат податоците според кои, во 1519 година, Ернан Кортес го открил за Шпанија големото богатство на Ацтеките, а по петнаесет години во Севилја стигнало огромно количество злато и сребро кое Франсиско Пизаро го зел од Инката Атауалпа пред да го задави. Неколку години претходно, до шпанската круна стигнало и златото од Антилите со кое биле платени услугите на морнарите кои го придружиле Колумбо на неговото прво патување. За да се извади златото и среброто од рудниците било користено домородното население, а за тоа колку била тешка работата во рудниците доволно е да се спомене

исчезнувањето на староседелците од Карибите кои биле целосно истребени во рудниците за злато. Надзорниците ги терале рударите да работат до исцрпеност т.е. секој од нив требало да извади дневно од 20 до 25 килограми минерали (Quintana Martínez, 1999: 19). За да ги избегнат таквите измачувања, многу домородци од Доминиканската Република ги убивале своите деца, но и се самоубивале.

Меѓу староседелците во Америка имало астрономи, инженери, како и население на ниско ниво на општествен и културен развој кое понекогаш практикувало канибализам, но на ниту една од изворните култури не ѝ било познато ниту железото, ниту стаклото, а немале познавања ни за плугот ни за барутот. Освен тоа, тие не знаеле како да го употребуваат тркалото. Истовремено, народите од другата страна на океанот го живееле периодот на расцутот на Ренесансата, а во рамките на тоа Америка била само уште еден изум плус меѓу барутот, печатницата, хартијата и компасот. Во тој контекст, интересно е прашањето како изворните цивилизации подлегнале и биле победени и доминирани од новодојденците, како на пример Ернан Кортес, кој пристигнал во Веракрус со не повеќе од 100 морнари и 508 војници, 16 коњи, 32 самострели, 10 бронзени топа и неколку пиштоли, а за споредба со ова, главниот град на Ацтеките, Теночтитлан во тоа време бил пет пати поголем од Мадрид и имал двојно повеќе жители од Севилја. Слично на тоа, Франсиско Пизаро навлегол во Кахамарка со 180 војници и 37 коњи. Одговорот на ова прашање станува уште поинтересен ако се анализираат вестите кои ги примал императорот Моктесума (Moctezuma), според кои низ океанот се мрдал многу голем рид, потоа стравот што бил почувствуван од некои при експлодирањето на топот и како резултат на што се онесветило едно лице; новопристигнатите биле опишувани со зборовите дека целото тело им било завиткано и само им се гледале лицата, сите биле бели и дел од нив имале смеѓа коса, а дел црна со долга брада. По добивањето на овие информации, Моктесума помислил дека станува збор за богот Кецалкоатл (Quetzalcóatl), кој се враќал назад. Овој бог дошол од источната страна и од истата си заминал, а бил бел и со брада, но ист таков бил и богот Уиракоча (Huiracocha), односно бисексуалниот бог на Инките. Исто така, истокот бил лулката на херојските предци на Маите, а се верувало дека сите тие богови жедни за одмазда се вратиле за да ги израмнат сметките со своите народи. Итрината, вештината и снаодливоста на Шпанците им овозможиле да ги искористат лутината и бесот на народите кои им биле потчинети на Ацтеките, а тоа му одело во

прилог на Кортес, додека Пизаро ја добил во своја корист војната меѓу двајцата браќа-непријатели кои биле наследници на империјата на Инките (Quintana Martínez, 1999: 17).

Според проф. д-р Цветан Тодоров, Индијанците што живееле во регионите низ кои прво поминал Кортес не биле зачудени од империјалистичките намери зашто тие веќе биле освоени и колонизирани од страна на Ацтеките. Во тоа време, Мексико не било хомогена држава, туку конгломерат од население кое било поразено од Ацтеките кои го зазеле врвот на пирамидата. Така, тие не го сметале Кортес за многу злобен и на него гледале како на ослободител кој би им овозможил да се спасат од тиранијата (Todorov, 1984: 58).

Коњите иако по потекло од Америка, биле истребени оттаму и во Европа биле донесени од арапски коњаници, а на американскиот континент се појавиле повторно во периодот на освојувањето пружајќи им сила на окупаторите пред вчудовидените староседелци и сеејќи страв и смрт меѓу нив (Galeano, s.a.: 34). Но, исто толку ефикасни против домородците биле и бактериите и вирусите зашто Европејците со себе ги донеле варичелата, тетанусот, разни белодробни, цревни и венерични заболувања, трахомата, тифусот, лепрата, жолтата треска и кариесот. Од сите тие болести најпрвин се појавила варичелата и со ширењето на епидемијата домородното население почнало да умира во голем број, бидејќи нивниот организам не поседувал одбранбен систем против новите заболувања, а тие што преживувале биле многу слаби и некорисни.

По убивањето на Чолула, Моктесума пратил нови емисари во пресрет на Ернан Кортес кој се имал упатено кон долината на Мексико. Тие курири им подариле на Шпанците златни синџирчиња и знамиња од пердуви од кецал. Во продолжение, Кортес пристигнал до Теночтитлан, односно главниот град на Ацтеките, влегле во куќата на богатството и притоа направиле голема златна топка која ја запалиле, а воедно запалиле и сѐ што имало останато без разлика колку вредно било тоа и на тој начин сѐ изгорело, додека златото го претвориле во прачки. Иако во војните коишто ги водел Кортес го изгубил градот Теночтитлан, сепак овој град целосно опустошен, запален и полн со мрши паднал под негова власт во 1521 година, а Шпанците долги години копале по дното на Мексиканското Езеро барајќи злато и скапоцени предмети кои наводно биле сокриени од Индијанците. Слчична на оваа била и сликата во Гватемала која била освоена од Педро де Алварадо и неговите луѓе, а од големиот број Индијанци што биле убиени се направила

река од крв. Ситуацијата не била многу поразлична ниту во Перу каде пред да го задави Инката Атауалпа, Франсиско Пизаро издејствувал од него огромно количество злато и сребро, а потоа се упатил кон Куско. Со иста судбина се соочил и Храмот на Сонцето кој бил ограбен, сите златни алати биле удирани со чекан за да им ја намалат големината и на тој начин да бидат полесни за управување, металот бил претворан во прачки, односно било искорнато целото богатство на храмот, дури и плочите со кои биле покриени ѕидовите, дрвјата, птиците и преостанатите предмети на кои наишле во градините (Galeano, s.a.: 37).

Денес, на Сокало т.е. огромниот празен плоштад што се наоѓа во центарот на главниот град на Мексико, католичката катердрала била изградена врз урнатините на најбитниот храм во Теночтитлан, а палатата и владата се сместени на местото каде порано се наоѓала резиденцијата на Куаутемок (Cuauhtémoc), односно владетелот на Ацтеките кој бил задавен од Кортес. За разлика од градот Теночтитлан кој бил наполно срушен, освојувачите не успеале во целост да ги уништат и да ги соборат огромните ѕидишта на градот Куско благодарение на што денес на дното на колонијалните градби може да се набљудува и воодушевува сведоштвото од камен на огромната архитектура на Инките.

Во Потоси со среброто биле подигнати храмови и палати, како и манастири, но истите тие подоцна станале мотив за трагедија и забава, за пролевање на крв и вино, за непотребно трошење на богатството и за авантура. За овој град, во периодот кога ја доживувал највисоката точка од својот развој, се велело дека и потковиците на коњите биле од сребро. Исто така, Потоси важел и за извор на сребро во Америка, а во 1573 година тој имал 120.000 жители, односно исто толкав број како и Лондон, но многу повеќе од Севилја, Мадрид, Рим или Париз во тоа време. Во 1650 година, неговиот број на жители ја достигнал цифрата 160.000 и бил еден од најголемите и најбогатите градови во светот. Сепак, неговата историја не започнала со Шпанците, туку многу порано со Инките кои ги ваделе златото и среброто од рудниците и не ги изнесувале надвор од кралството, туку биле користени само за украсување на боговите. Меѓутоа, со доаѓањето на Шпанците започнало разлевањето на богаството, а императорот Карлос V го нарекол овој град Царска вила. Така, Потоси бил претворен во главниот нерв на кралството, а во почетокот на XVII век имал триесет и шест цркви кои биле прекрасно украсени, обложувалници и четиринаесет училишта за танц. Салоните, театрите, балконите и просториите наменети за

забава биле богато украсени со завеси, раскошни слики и предмети од злато. Свилата и платната пристигнувале од Гранада, Фландрија и од Калабрија, шапките од Париз и од Лондон, скапоцenetите камења од Индија, бисерите од Панама, кристалите од Венеција, теписите од Персија, парфемите од Арабија, а порцеланот од Кина. Дамите биле накитени со камења, дијаманти, камења руби и бисери, а господата носеле везени марамчиња од Холандија. Тука, исто така, се одржувале дуели кои биле исти со средновековните во Европа, а во 1608 година во овој град биле организирани прослави по повод Пресветата света тајна кои, меѓу останатото, се одликувале со шест дена комедии и шест ноќи под маски (Galeano, s.a.: 40).

Во периодот меѓу 1545 и 1558 година биле откриени не само рудниците за сребро во Потоси, туку и тие во Сакатекас и Гванахуато во Боливија.Во тој период започнал да се применува и нов процес, процесот на амалгам со жива, за вадење на среброто кое се наоѓало во најголемите длабочини. Така, во средината на XVII век среброто опфаќало повеќе од 99 проценти од извезуваните минерали од Шпанска Америка и целото внимание било сконцентрирано на Потоси. Во таа смисла, во XVIII век Шпанска Америка, со Перу на прво место, а потоа и Мексико обезбедувала 89 проценти од европското производство на сребро, а Јужна Америка вклучувајќи го и Бразил 85 проценти од светското производство на злато (Léon, 1978: 246). Показатели за тоа се зборовите на некои писатели од Боливија кои тврделе дека за три века во Шпанија влегле толку многу метали што би можело да се изгради мост од врвот на ридот до вратата на кралската палата која се наоѓала од другата страна на океанот. Тоа значело дека среброто коешто било донесено во Шпанија за еден и пол век било три пати поголемо од вкупните европски резерви. Но, и покрај сè, во XVII век се велело дека:

> Шпанија е како устата која ја прима храната, ја џвака, ја крши за да ја испрати до останатите органи, а не задржува од неа ниту еден дел, освен краткотрајниот вкус или малите парченца кои случајно се задржале во забите (Galeano, s.a.: 41).

Тоа било така затоа што шпанската круна била под хипотека, а американското злато и сребро било наменето за плаќање на долговите кон странските односно европските кредитори, кои во најголем број биле од Германија и од Џенова. Освен тоа, и даноците коишто се собирале во Шпанија во голема мера ја имале истата судбина во 1543 година зашто 65 проценти од кралските приходи служеле за плаќање на долгот. Само еден мал дел од среброто од Америка било вклучувано во шпанската економија иако сè што

пристигнувало од другата страна на океанот било регистрирано во Севилја, но тоа било само чиста формалност. Истовремено, со среброто биле плаќани и извозите на нешпанската стока кон новиот свет. Во замена за тоа злато и сребро, Шпанија добивала заеми со кои можела да ги поддржи војските на Круната во разните војни кои следеле, бидејќи шпанското кралство објавувало војни на сите фронтови, додека аристократијата уживала во непланското и непотребно трошење на богатството. Во XVII век, Шпанија доминирала само над пет проценти од трговијата, од која една третина им припаѓала на Холанѓаните и Фламанците, една четвртина била во рацете на Французите, додека повеќе од дваесет проценти биле контролирани од Џенова, а Англичаните учествувале со десет проценти и Германците со помалку од тоа. За време на владеењето на Карлос V, богатството од Америка било трошено за финансирање на неговите религиозни војни, но ни со неговата смрт не престанала да постои Хабсбуршката династија, туку Шпанија морала речиси два века да го трпи Кралството Австрија. Со доаѓањето на власт на Фелипе II, стапила во функција и инквизицијата, а истиот владетел ги предводел војните против протестантите и Турците (Quintana Martínez, 1999: 19).

Ситуацијата во која се наоѓала Шпанија била последица и на настаните од минатото, како на пример протерувањето на Евреите, Шпанци со еврејска религија, за време на владеењето на католичките кралеви, како резултат на што Шпанија била лишена од многу вешти занаетчии и неопходен капитал; протерувањето на Арапите, Шпанци со муслиманска религија, што имало катастрофални последици по економијата на Валенсија, а плодните полиња од јужниот дел на реката Ебро останале напуштени. Владеењето на Фелипе II било обележано и со бркањето на илјадници Фламанци осомничени за протестантизам кои нашле прибежиште во Англија каде придонесле за развојот на британското производство.

Исто така, XVII век бил и век на измамите, на гладот и на епидемиите, што придонесло за зголемување на бројот на питачи во Шпанија. Во 1700 година, за два века бројот на населението во Шпанија двојно се намалил, а во истата година бил ставен и крајот на режимот на Хабсбуршката династија. Со доаѓањето на Борбоните, на шпанската нација ѝ бил даден помодерен изглед.

Сепак, не било праќано целото богатство за Европа, а за тоа говорат податоците според кои во XVI век американското богатство претставувало околу 25.000 тона сребро

од кои само 18.000 тони сребро биле извезувани во Европа (Léon, 1977: 427). Со истото тоа богатство од колонијалната империја биле финансирани и трошоците на трговците, сопствениците на рудниците и на големите земјопоседници кои си ги делеле сопственостите на староседелската и црнечката работна рака. Целата моќ била ставена во рацете на неколкумина кои праќале во Европа метали и прехранбени производи, а од Европа добивале луксузни предмети. Доминантните класи не биле воопшто заинтересирани за развивање на внатрешната економија, ниту за подигнување на техничкото и културното ниво на населението. Капиталот што останувал во Европа бил употребуван за изградба на палати и храмови, за купување накит, облека и луксузен мебел, за одржување на службеностите и за покривање на трошоците за забавите.

Доколку денес се анализира состојбата на регионите кои во минатото имале најчести и најтесни врски со метрополата, односно предели кои во извесен период од минатото ја доживеале својата кулминација, кои порано биле најголеми производители на средства што биле пратени во Европа, а воедно и најизобилни извори на капитал, може да се заклучи дека сега тоа се најсиромашните и најнеразвиените области.

Како најдобар пример може да послужи на прво место градот Потоси, а потоа и Гванахуато и Сакатекас во Мексико. Во XVI и XVII век, Потоси бил центарот на колонијалниот живот во Америка и околу него се вртела економијата на Чиле од каде стигало жито, суво месо, кожа и различни видови на вино. Како и да е, XVIII век го означил почетокот на крајот на економијата на среброто со свој центар во Потоси, но и покрај тоа во време на независноста бројот на население коешто живеело на територијата на денешна Боливија бил поголем од бројот на жители во Аргентина денес. Меѓутоа, еден и пол век подоцна, цифрите биле неспоредливи ако се земе предвид дека населението на Боливија било намалено за шест пати во однос на аргетинското, а од поранешното општество на Потоси, во Боливија се останати и живеат само сеќавањата за убавините, урнатините од црквите и палатите и осум милиони мрши на Индијанци. Денес, Боливија е една од најсиромашните земји во светот, но и земја која најмногу богатство им има пружено на најбогатите земји, а Потоси е само еден од низата ладни, мизерни и сиромашни градови во Боливија. Многубројните величествени миси, банкети, борби со бикови, танци и огномети кои биле само некои од случувањата во овој боливиски град изумреле во истиот миг кога метрополата ги напуштила тие предели, а потоа си заминале

богатите за накрај да си заминат и сиромашните како резултат на што сега во овој град има три пати помалку жители во споредба со бројката пред четири века.

Со иста судбина се соочил и градот Сукре кој порано се викал Чаркас, Ла Плата и Чукисака и до кој порано доаѓале богатставата од Потоси. Во Сукре се наоѓал дворецот на Гонсало Пизаро, братот на Франсиско Пизаро и биле изградени многу цркви, куќи, паркови и објекти за рекреација. Порано, овој град бил главниот град на културата на вицекралствата, седиштето на архиепископијата на Америка, најлуксузниот и најкултурниот град на Јужна Америка, а тука се наоѓал и најмоќниот суд на правдата на колонијата. Сега, Сукре е правниот главен град на Боливија и во него е сместен Врховниот суд на правдата, каде што сè уште се наоѓа една Ајфелова кула и триумфални капии, но и покрај тоа тој е само еден дух за минатото и изумрено богатство, исто како и градот Потоси.

Не многу далеку од овој опис е и боливискиот град Уанчака кој на денешните карти е претставен како рударски град, иако од денешна гледна точка може да се каже дека овој град од кој било исцрпено целото сребро од страна на Англија и на Чиле оставајќи ги само урнатините обвиени во прав речиси и да не постои.

Ако во минатото Сакатекас и Гванахуато биле најбитните градови во колонијална Америка, сега за нив се вели дека не се најважните градови ни на своите региони. Денес, Сакатекас живее од земјоделство и извезува работна рака кон другите држави, а во споредба со порано сега количествата злато и сребро од овој град се толку мали што споредбата би предизвикала страшна слика. Доколку во минатото во Гванахуато имало педесет рудници, денес има само два; бројот на населението не се зголемува и во најголем број по неговите улички исполнети со легенди можат да се сретнат само туристи кои доаѓаат да ги набљудуваат и да ги посетат остатоците од старите времиња. За да се долови стравотната состојба на овој град, доволно е да се спомене дека половина од семејствата коишто живеат во него имаат по пет члена и живеат во колиби само со една соба (Galeano, s.a.: 57).

## 5.1 Латинска Америка по шпанските освојувања

Прекуокеанските откритија на Колумбо и настаните што се случувале во новиот свет ја кренале цела Европа на нозе и како резултат на тоа и други држави почнале да праќаат свои експедиции преку Атлантскиот Океан. Таков бил случајот со Англија, Франција и со Португалија, а сиве овие држави во текот на XVII век постојано развивале свои колонии во Северна и во Јужна Америка.

Во човековата историја, се вели дека нема ниеден настан кој би можел да се спореди со шпанските откритија и освојувања на западната полутопка. Непознатите континенти, богатствата и приказните за скриените царства потсетувале повеќе на фантазија отколку на реалност. Сепак, без разлика колку и да изгледа тоа невистинито, ова била стварноста со која морале да се соочат шпанските владетели, но и да изнајдат начин за управување со новите земји кои биле поголеми од Шпанија, не само по површината туку и по бројот на население.

И покрај големата оддалеченост на Западна Индија од Шпанија и површните познавања во врска со новите територии, уште од самиот почеток шпанските владетели знаеле и биле свесни дека ќе мораат да пратат кралски луѓе кои во име на своите кралски господари би ги управувале овие предели и би им ја наметнале и потврдиле кралската власт. Така, освоените земји биле групирани од шпанската круна во две вицекралства. Првото од нив се викало Нова Шпанија со главен град, градот Мексико, односно стариот Теночтитлан на Ацтеките и тоа ги вклучувало империјата на Ацтеките, најголем дел од Централна Америка и Карипските Острови. Додека освоените територии од Инките го сочинувале вицекралството Перу и за да претседава со него Пизаро го основал градот Лима до кој можело да се дојде по морски пат од пристаништата на Панама и Акапулко (Quintana Martínez, 1999: 17). Администрацијата и правдата биле во рацете на функционери, кои во најголем дел од случаите биле само марионети на локалните власти.

За време на трговската размена за да се спречи златото и среброто од Индија да завршат во туѓи раце било одлучено да се воведе монопол (El monopolio). На тој начин, четирите американски пристаништа кои имале дозвола за трговија со Пиринејскиот Полуостров биле Веракрус, Картагена, Лима и Панама. Само тие можеле да остваруваат размена со Севилја, а подоцна и Кадис преку Трговската комора (Casa de Contratación)

која била основана во Севилја и чија задача била да ја надгледува целата трговија меѓу Шпанија и новите колонии. Со тоа, целиот метал завршувал на Пиринејскиот Полуостров, но за кратко време монополот се претворил во фатаморгана затоа што останатите европски власти во никој случај не прифаќале да бидат тргнати настрана од огромните економски придобивки од американската трговија. Тоа значело дека со монополот започнал и периодот на шверцување од страна на Англичаните, Французите и на Холанѓаните. Друг начин за продавање во Индија на продуктите произведени во Англија, Франција и во Холандија бил со плаќање на незначителна провизија на некој од трговците од Севилја кои биле запишани да можат да наплаќаат во шпанските галии кои, пак, законски можеле да тргуваат со американските пристаништа (Quintana Martínez, 1999: 19). Во оваа смисла, шпанската индустрија морала да се натпреварува со индустријата на земјите чии економии немале претрпено инфлација, нешто што било предизвикано на Пиринејскиот Полуостров со доаѓањето на американското сребро. Ова, исто така, придонело и за зголемување на трошоците и цените со што англиските, француските и холандските производи биле поевтини од шпанските, но не само во Европа туку и во Америка.

Како надомест за пружените услуги, Круната му подарувала на освојувачот, капетаните, офицерите па дури и на обичните војници од шпанската војска одреден број на индијански домаќинства. Овие подароци се нарекувале *encomiendas*, а лицето на кое му било доверувано тоа домаќинство се викало *encomendero* и истото можело да подигне свој имот и да го издржува своето семејство и луѓе користејќи ги даноците кои се состоеле во производи и работа за што Индијанците биле принудени да му ги дадат. Пример за тоа бил Кортес кој добил имот што заземал повеќе од 25.000 квадратни милји со повеќе од 100.000 Индијанци. Ист бил случајот и со Пизаро, за разлика од кого останатите Шпанци биле наградувани во зависност од својата позиција. Меѓутоа, иако *encomiendas* претставувале феудален подарок во земја, сепак во реалноста тие биле власт над луѓето. Освојувачите не посакувале селски живот, затоа наскоро по нивното доаѓање почнале да градат градови и села во шпански стил. Во таа смисла, *encomendero* најчесто живеел во град, а на поглаварите на Индијанците од неговите *encomiendas* им кажувал колку данок очекува. Поглаварите *(Caciques)* морале да ја организираат работата и да соберат производи за своите господари, иако одреден дел задржувале и за себе. Ова бил начинот на кој

шпанската освојувачка војска ја проширила и наметнала својата власт врз староседелското население од новиот свет (Baraklaf et al., 1983:212).

### 5.1.1 Богатствата на новиот свет

Првото злато во Западна Индија било откриено во водните наноси на островот Хиспањола, потоа се дошло и до огромното богатство на Ацтеките и на Инките и биле откриени големи рудници за сребро. Дел од ова е најголемото веќе споменато рудно наоѓалиште во Потоси, Боливија, каде во 1545 година била откриена вистинска планина од сребро. Што се однесува до Мексико, до 1558 година работеле три најбитни рудници.

Како и да е, богатството на новиот свет не било составено само од минерали, голема улога имале и бисерите, но на подолг период најзначајни биле земјоделските производи како житарките, а од памукот, тутунот, шеќерот и дрвото за боење се добивале повеќе приходи отколку од рудниците.

Со цел овие богатства да стигнат во матичната земја, Шпанија развила свој систем на трговија. Тој се состоел во следново: еднаш или два пати во годината две големи флоти натоварени со европска стока тргале од Шпанија кон новиот свет. Една од нив се упатувала до Веракрус кое било главното пристаниште на Нова Шпанија, а другата продолжувала до пристаништето Номбре де Диос, на северниот брег на Јужна Америка од каде подоцна стоката биле префрлувана по копнен пат до Перу. За враќање, двете флоти се сретнувале во Хавана од каде во придружба на шпанските галии заминувале за Шпанија. Освен ова, постоеле и други начини за тргување, односно среброто од Перу било носено до Филипините каде била реализирана меѓуколонијална трговија помеѓу Перу и Нова Шпанија (Baraklaf et al., 1983:213). Прекуокеанските флоти што го пренесувале среброто биле најпознати и најпосакувани од гусарите, пиратите и од воените бродови сè до крајот на XVIII век.

### 5.1.2 Црквата и домородното население

Како резултат на мислењето на Колумбо, убеден дека стигнал до Азија пловејќи на запад, староседелците на кои наишле шпанските освојувачи биле наречени Индијанци, а

со доаѓањето на Европејците им била одземена земјата што ја поседувале и на која живееле, како и она што таа го произведувала, но и правото на практикување на својата религија и своите обичаи. Од ова може да се заклучи дека една од целите на европските држави кои основале свои колонии во новиот свет била преобразба на американските Индијанци во христијани и нивно цивилизирање. Индијанците кои се затекнале на териториите што биле освоени од Шпанците, по краткотраен отпор станале наполно беспомошни и биле препуштени на милост и немилост на освојувачите. За начинот на постапување со нив постоеле две опции, од кои првата била да се присилат да ги издржуваат своите господари работејќи за нив во рудниците и на полињата, додека втората се состоела во нивно сметање за неспособен народ чија судбина по божја волја им била доверена на Шпанците. На првата можност повеќе ѝ биле наклонети шпанските доселеници, а на втората најголемиот број свештеници-мисионери.

Дури и пред да започнат со копнените освојувања, шпанските доселеници постапувале и се однесувале свирепо и нечовечки со Индијанците на кои наишле на островот Хиспањола. За ваквото постапување со домородците говорат и податоците според кои во Мексико, пред неговото освојување, бројот на населението изнесувал меѓу дваесет и пет и триесет милиони, а оваа бројка или слична на неа била карактеристична и за Индијанците во пределот на Андите. Во Централна Америка и на Антилите имало помеѓу десет и тринаесет милиони жители. Тоа значело дека во Америка имало околу седумдесет милиони Индијанци во периодот кога пристигнале странските освојувачи, а еден и пол век подоцна нивниот број бил намален на три и пол милиони (Galeano, s.a.: 59). Индијанците биле извлекувани од своите огништа и заедно со нивните жени и деца биле праќани на ридовите каде што се наоѓале рудниците за производство на сребро. Така, од десет лица што заминувале се враќале само тројца и жените и децата сирачиња на останатите седум кои никогаш не се вратиле назад. Сите тие кои заминувале знаеле дека во рудниците каде условите за работа биле ужасни ги чекале смртта и огомни катастрофи, а многумина од нив умирале уште по патот, пред да стигнат до одредената дестинација. Во многу наврати, Индијанците биле сметани, споредувани со и претворувани во товарни животни и за нив се велело дека можеле да поднесат многу повеќе товар од ламата. Имајќи го предвид ова, многу мајки ги убивале своите деца за да ги спасат од стравот и ужасот кои ги очекувале во рудниците.

Лицето кое се спротивставило на ваквиот начин на постапување со Индијанците било доминиканскиот фратар Антонио дес Монтесинос, а најголем борец за правата на Индијанците бил Бартоломеј де Лас Касас. Тој бил роден во 1474 година, а во Америка пристигнал во 1502 година како војник-платеник, каде се стекнал со многу земјиште и Индијанци, но веќе на четириесетгодишна возраст кога се замонашил сфатил дека бил дел од многу монструозни злосторства. Поради тоа упатил многу молби директно до шпанската круна која имала врховна надлежност над Индијанците и црквата. Благодарение на ова, инквизицијата која се проширила и на прекуокеанските територии немала никаква власт над Индијанците. Пријавите на Лас Касас и неговите пријатели за злоупотребата на староседелците од страна на *encomenderos* довеле до голем број нови закони за новиот свет кои биле објавени во 1542 година од Карлос V. Со овие закони бил укинат секаков облик на индијанско ропство, а преземањето на други мерки можело да значи и укинување на целиот систем *encomienda*. Како реакција на тоа, Антонио де Мендоса кој стигнал во Нова Шпанија во 1535 година рекол дека со примена на тие закони било можно да бидат изгубени колониите. Во второто вицекралство, Перу, неговиот прв вицекрал Васко Нуњез неуспешно се обидел да ги примени споменатите закони затоа што тоа предизвикало општа побуна. Ваквите настани значеле дека овие закони морало да се сменат. Така, во 1547 година со втората серија закони биле обновени *encomiendas* со намалени права за нивно наследување, а забраната за ропство на Индијанците продолжила да важи.

Иако било така, сепак шпанските кралеви се сметале себеси за световни бранители на римскиот католицизам, а богатството од Западна Индија им помагало во создавањето армија со која се бореле против протестантите и Турците. Шапнските кралеви сакале да ја спречат експлоатацијата на Индијанците кои требало да бидат претворени во христијани, но во овој контекст се поставува прашањето кој би го вадел среброто. Бидејќи одговорот е повеќе од јасен, односно среброто не можело да се вади само, кралевите се приспособувале на околностите со тоа што се обидувале истовремено да ги задоволат доселениците и до некој степен да ги заштитат Индијанците, но не успеале ни во едното ни во другото.

Начинот со кој можел да се реши односот меѓу Индијанците и Шпанците бил воведување на некоја трета раса. Иако со законските прописи било забрането ропството на

Индијанците и истото било одобрено само кај возрасни машки деца во случај на вооружена побуна т.е. поради криминогени причини, сепак ропството достигнало висок степен на развој во Западна Индија. Тоа се случило како резултат на отсуството на работна рака на Антилите и во Нова Гранада (Колумбија) и стотици илјади робови биле донесени од Африка. На Антилите и во Нова Гранада климата била топла и слична на таа во Гвинеја, тука се одгледувало памук и шеќерна трска, за што имало потреба од многубројна работна рака, а домородното население кое живеело тука било истребено или малку вредно (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 117). За разлика од овие простори, ропството не било распространето во голема мера во Мексико и во Перу, а речиси и да не постоело во преостанатите територии на југ.

Меѓутоа, ниту носењето луѓе од Африка не ги спасило американските Индијанци, туку кратко време по освојувањето почнал брзо да опаѓа бројот на населението во Нова Шпанија. Од Европа и Африка биле пренесени во новиот свет боговите во кои верувале, но и болести како туберкулозата, маларијата и жолтата грозница од кои заболелемногу луѓе кои немале природен имунитет. Според информациите кои денес ги имаме на располагање, во Нова Шпанија пред освојувањето живееле околу 25 милиони Индијанци, во средината на XVI век тој број опаднал на 6.500.000, а во 1580 година се свел на 1.900.000 Индијанци(Baraklaf et al., 1983:214). Како последица на ова, многу села изумреле, а земјата немало кој да ја обработува и така било сè до XVII век кога почнал да расте бројот на населението што во најголема мера го сочинувале мелези и местизи и ретко чистокрвни Индијанци.

Со изумирањето на народот во Нова Шпанија почнало да исчезнува и индијанското културно наследство, а католичките мисионери успеале да ги преобратат Индијанците во новата религија иако тие си задржале многу свои обичаи и ритуали.

### 5.1.3 Слабеењето на империјата

Опаѓањето на бројот на американските Индијанци значело и намалување на работната рака во новиот свет од една страна, а од друга страна тоа знаечело пад на целата шпанска империја како во стариот така и во новиот свет. Во XVI век Шпанија била најмоќната сила во Европа на чело со Филип II, но во периодот од 80 години, за време на

владеењето на Карлос II, таа ја изгубила целата своја моќ и слава. Како причини за слабеењето на оваа Империја можат да се наведат војната и немањето земјоделски развиток. Богатството од Америка ја привлекло Хабсбуршката династија, а како резултат на тие освојувачки стремежинастанале војни во кои било потрошено тоа богатство. Сличен бил и случајот со приливот на среброто кое во почетокот го поттикнало шпанското земјоделство, но подоцна поради високите цени и трошоци, Шпанија не можела да фигурира како земјоделски натпреварувач на европскиот пазар. Тоа значело стагнирање на шпанската индустрија, а подоцна и нејзино заостанување. Трговската политика на Шпанија и на преостанатите земји кои имале свои колонии се состоела во намерата на матичната земја да ја управува целокупната колонијална трговија. За разлика од другите земји, Шпанија немала капацитет да создаде производи кои им биле потребни на прекуокеанските територии во замена за нивното сребро и земјоделските продукти. Тоа довело до зголемување на трошоците, а за Англичаните, Французите и за Холанѓаните значело почеток на периодот на шверцување. Опаѓањето на шпанската моќ и трговија се одразило и на шпанската морнарица, така што шверцувањето не можело да биде контролирано.

Нешто друго што не одело во прилог на шпанската империја било и опаѓањето на бројот на Индијанци во новиот свет затоа што со Индијанците почнал да исчезнува и данокот кој бил во основа на системот *encomienda*. Со тоа почнале да се јавуваат првите знаци за новиот економски поредок базиран на *хациендите* и *кметството*.

За разлика од Филип II кој доследно се грижел за колонијалното царство, тоа не се случило со неговите наследници Филип III, Филип IV и Карлос II, што довело до слабеење на власта и управата во новиот свет. Тоа се гледало во фактот дека помалку се размислувало за заслугите на администраторите, а функциите можеле да се купат и да се продадат како и кој било предмет. Доколку се споредува Западна Индија со Шпанија, може да се заклучи дека пропаѓањето на првата одело многу побавно од тоа на нејзината матична земја. Истото тоа се повторило и во XVIII век т.е. во времето на обновата, бидејќи прекуокеанските шпански поседи биле понапредни во споредба со тие на Пиринејскиот Полуостров.

## 5.2 Латинска Америка во XVIII век

За разлика од XVII век кој се одликувал со создавање империи, XVIII век бил период на империски судири. Причините за многубројните војни имале верски и националистички карактер, а помалку економски. Сите земји се залагале за контрола над светските природни богатства и единствен начин тоа да се реализира било преку освојување или уништување на колиниите на другите држави. Така, борба била водена насекаде низ светот.

Во споредба со XVII век, кој за Шпанија и нејзините колонијални поседи бил катастрофален, во следниот век се случило спротивното на чело со Бурбонската династија која вовела пожив начин на размислување инспириран од Французите. Доаѓањето на Бурбонската династија значело прекинување со претходната традиција на шпанската монархија. Кралот Фелипе V ја започнал епохата на реформи и за пример му служел моделот за политички и административен централизам на монархискиот апсулутизам што бил воведен во Франција (Vásquez & Martínez Díaz, 2003: 123). Овие промени и ваквиот начин на владеење биле продолжени и од неговите следбеници.

Овој напредок се одразил и на Латинска Америка, каде до 1700 година било запрено опаѓањето на бројот на население. Имено, во XVIII век Латинска Америка зафаќала многу поголема површина од денес. Освен англиските и француските делови на источниот дел на Северна Америка, остатокот т.е. речиси цел континент им припаѓал на Шпанците и Португалците со исклучок на Француска Гвајана, Холандска Гвајана и англиските логори во Хондурас кои во неколку наврати Шпанците се обиделе да ги заземат. Карибите, кои биле значајни поради шеќерот, индигото и тутунот, биле поделени помеѓу Франција, Англија и Шпанија, а тоа била една од основните причини за колонијални војни. Што се однесува до Латинска Америка, на Потругалија ѝ припаѓал само Бразил, а сѐ останато било под власт на Шпанија. Меѓутоа, шапнското влијание не запрело тука, така што од 1720 до 1722 година бил заземен Тексас, а од 1769 година шпанските доселеници почнале да се населуваат во Горна Калифорнија што значело основање на Сан Диего, Монтереј, Сан Франсиско и Лос Анџелес. Од француските сојузници, Шпанците ја добиле територијата источно од реката Мисисипи, односно Лузијана како надоместок за Флорида која во 1763 година им била предадена на

Англичаните, но во 1783 година била повторно вратена. Во дваесетите години на XVIII век, шпанските доселеници стигнале до Уругвај каде бил основан Монтевидео, а до Патагонија дошле во седумдесеттите години. Во исто време градовите, на прво место Мексико Сити, станувале сè поголеми и поубави, трговијата не престанувала да се развива, а богатите жители на колониите почнале за првпат да патуваат во стариот свет.

Многу од овие настани биле овозможени благодарение на реформите во Шпанија, но истите биле и предвесник за денот кога ќе посакаат колониите да станат независни. Очигледно било дека со Латинска Америка владееле земји со недоволно развиени средства, но и слаби на воено поле, како последица на што се зголемила самодовербата на колониите.

### 5.2.1 Административните промени на империјалистичките поседи

За време на владеењето на Бурбоните, промени од овој тип биле воведени не само во матичната земја туку и во колониите. На тој начин, во Шпанија во 1714 година било основано *Министерство за морнарица и Индија* кое се покажало како посовремено и поуспешно од старото Кралско и врховно собрание. Исто така, сите колонијални институции за управување од Севилја биле преместени во пристаништето Кадис.

Освен во Шпанија, и во колониите настанале драстични промени, така што вицекраството Перу во 1717 година било поделено на три дела: денешна Колумбија и денешна Венецуела и вицекралството Нова Гранада. Кон југ, областа во која денес се наоѓаат Аргентина, Уругвај, Парагвај и Боливија во 1776 година била трансформирана во вицекралството Ла Плата со главен град Буенос Аирес иако во почетокот управата се наоѓала во Лима.

Основно јадро на шпанската управа во новиот свет било градското собрание или *cabildo*, а градскиот совет или *regidores* и градоначалниците, *alcaldes*, во малите заедници биле центрите за моќ. Нивна задача била да го собираат данокот, да внимаваат на јавниот поредок и здравствените мерки, но и да ги реализираат останатите обврски на градската управа. На членовите или *cabildos* им било забрането да ја користат својата функција за лична корист и нивните постапки биле надгледувани од повисоки чиновници.

Работата на *cabildos* и на другите ниски службеници била следена од кралските судови или *audiencias*, а нивните судии биле нарекувани *oidores*, оние што слушаат. Иако тие заработувале добро, сепак наидувале на многу забрани за да не се злоупотреби правдата. Во таа смисла, во XVI век постоеле десет кралски суда кои биле задолжени за објавување на судските, административните, воените и финансиските работи во делот на империјата за кој биле задолжени (Baraklaf et al., 1983:227).

Лицето именувано за вицекрал било непосреден претставник на кралот, тоа имало широки овластувања и високи приходи за да не посегне по корупција. Периодот на неговото владеење бил краток и изнесувал три години. Исто така, му било забрането да се жени со личност од неговото кралство и во кој било момент можело да биде отповикано од Мадрид. Како и преостанатите службеници, така и вицекралот можел да биде проверен од претставници на кралот кои доаѓале ненадејно и чија цел била да ги проверат сите документи и доколку имало жалби, истите да ги сослушаат. По завршувањето на неговото владеење, секој вицекрал бил потчинат на *residencia* за време на која судијата поставен од кралот јавно го испитувал неговото целокупно управување.

Иако оваа структура на управување изгледа сложена, сепак таа функционирала доста добро. Но, во XVII век дошло до многу злоупотреби и најмоќната мерка што била преземена во XVIII век било воведувањето на *intendencia*, според примерот на Французите. Недостатокот на стариот систем се состоел во големата разлика помеѓу вицекралевите и членовите на *audiencias* кои биле добро платени во споредба со локалните службеници, како *alcaldes*. Со воведување на новата мерка, вицекралствата биле поделени на неколку *intendencias* со кои раководеле професионални управители со добра заработувачка, но од своја страна и тие биле поделени на помали делови со кои управувале *sub-delegados* поставени од страна на интендантот.

### 5.2.2 Обновување на земјоделството во Западна Индија

Во XVII век опаѓа моќта на Шпанија и на Западна Индија поради намалувањето на производството на благородни метали. Меѓутоа, и покрај тоа XVIII-от век се одликувал со зголемување на производството на сребро и злато, благодарение на подобрата техника за вадење руда и претпазливото и разумно владеење со рударските компании.

Освен ова, Западна Индија во тоа време била важна и за извозот на други производи како кожата чија побарувачка во Европа го поттикнала производството на кожа од дивата стока од аргентинските ливади. Со откривањето на големите рудници за сол во близина на Буенос Аирес било увидено дека месото од убиената стока наместо да биде фрлано, можело да се соли, а таа храна била потребна за бродовите на сите светски морнарици. Истовремено, се зголемил и извозот на земјоделските производи предводени од кафето и какаото. Во истиот век шеќерната трска, освен на копното, се одгледувала и на Карибите, а производството на шеќер на Куба во период од 40 години било зголемено за десет пати. Тоа значело дека Куба и Карибите станале најголеми извозници на шеќер кон крајот на XVIII век.

За да можат да го управуваат колонијалното богатство, според моделот на Англија и Холандија, Бурбоните создале неколку државни монополски компании од кои најзначајни биле: Хондурас, Хавана, Санто Доминго и Каракас (Baraklaf et al., 1983:228). Обновувањето на земјоделството на овие простори значело и оживување на трговијата, но и зголемување на бројот на бродови. Така, за најбитен момент од владеењето на Карлос III се смета обидот за воведување на слободна трговија во рамките на самата шпанска империја. Во 1765 година бил укинат монополот Кадис, а со тоа Карипските Острови станале отворени за трговија со девет шпански пристаништа.

Со овие случувања можело да се види дека Западна Индија почнала да биде подеднакво битна за Шпанија како во минатото. Но, со опаѓањето на бројот на индијанско население дошло до исчезнување на *encomiendas* во 1700 година. Заради заштитување на својата империја, само одредите на регуларната војска ѝ пружале краткотрајна воена заштита на Западна Индија, меѓутоа, по 1760 година бил воведен полициски систем, а порано постоела и крајбрежна стража која требало да ја запре илегалната трговија помеѓу шпанските колонисти и туѓите поседи на Карипските Острови.

Во минатото, Шпанија го користела системот конвој за заштита на својата трговија, но во XVII век овој систем како и морнарицата престанале да постојат. И покрај тоа, за време на владеењето на Филип V, морнарицата била обновена во 1717 година.

Друг начин на кој биле заштитени колонијалните поседи бил сојузот помеѓу Шпанија и Франција што траел повеќе од еден век. Со здружувањето на Шпанија и Франција, можело да се очекува да се надмине англиската сила на море, но исто така

шпанската империја повеќе не морала да се плаши од француските напади кои биле чести во XVII век.

Со исчезнувањето на *encomiendas* на крајот на XVI и во XVII век, бил воведен нов начин на организирање на земјоделството. Всушност, станувало збор за замена на *encomiendas* со *хациенди* (голем имот) и системот на кметство. *Haciendado* претставувал земјопоседник, а неговата работна рака биле кметовите. Ваквиот систем се јавил спонтано и не бил заснован на закони. Во теорија, кметот бил слободен селанец кој добивал плата за својата работа. Иако требало да биде така, во реалноста животот на повеќето кметови бил сведен на полуропство затоа што нивните долгови постојано се зголемувале поради рентите кои не биле во состојба да ги платат, заради облеката и храната што ги добивале однапред од својот газда, а нивните плати биле многу пониски од долговите. Поради ова, тие биле врзани за земјата и не смееле да ја напуштат, а долговите се пренесувале од татко на син. На тој начин, во поголемиот дел на Западна Индија, голем дел од населението живеело во ропство врзано за хациендите и многу често било купувано и продавано заедно со нив.

### 5.2.3 Креолите и *Los peninsulares*

Населението кое живеело на просторот на шпанската империја, во зависност од своето потекло било распоредено во шест групи: луѓе од Африка, мулати, Индијанци, местизи, бели Американци со шпанско потекло и Шпанци родени во Шпанија. Шпанците кои биле родени во Америка си се нарекувале *americanos*, но другите ги викале *креоли*. Додека, пак, Шпанците кои биле родени во Шпанија се викале *peninsulares*. Помеѓу овие две групи постоела огромна одбивност и омраза затоа што освен во неколку случаи, Шпанците ги исклучувале креолите од црковните и државните кругови, а тоа претставувало опасност за шпанската власт. Во војската и во полицијата, офицерите кои по потекло биле од Шпанија ги понижувале и омаловажувале креолските офицери, а луѓето родени во Шпанија, без разлика на својата положба, дури и најмоќните креоли ги сметале за необразовани провинцијалци. Ова било тешко поднесувано од страна на креолските повисоки слоеви зашто тие сакале да ги почитуваат вицекралевите и *oidores*, но биле подготвени тоа да го сторат и со ниските шпански службеници. Така, како

резултат на споменатото се јавило непријателство меѓу нив, но креолите немале политички институции пред кои би можеле да го искажат своето незадоволство, а ѝ биле верни на шпанската монархија.

### 5.2.4 Културата на стариот и новиот свет

Културата и убавите уметности кои се создавале во Шпанска Америка претставувале отсликување на старата шпанска култура, но во многу пригоди биле додавани и црти карактеристични за новите земји. Иако на неколку наврати биле направени напори за образување на Индијанците, тие биле тргани од тој пат бидејќи се велело дека претставуваат опасност за власта. Тоа било и причината поради која културата била наменета само за горниот слој. Уште од почетокот на освојувањата, во колониите се јавил интерес кон книгите, а машините за печатење доста рано биле пренесени во Западна Индија. Со тоа за кратко време книжевноста од новиот свет била проширена и ја збогатила книжевноста на европскиот континент. Истовремено, по примерот на шпанскиот универзитет во Саламанка, рано почнале да се отвораат и универзитети во новиот свет. Такви биле универзитетот во Лима каде предавањата започнале во 1572 година и тој во Мексико со почеток на предавања во 1663 година. На тој начин, до крајот на XVIII век постоеле дваесет и пет високошколски установи, а драмата, музиката, поезијата, сликарството и вајарството не престанале да предизвикуваат интерес. Токму затоа, денес се вели дека Мексико во областа на архитектурата може да се пофали со толку ремек-дела со одлики на доцниот барок колку целиот свет заедно, а во мексиканската катедрала се претставени сите симболи на целокупната шпанска империја.

# 6. ПРВИТЕ ЗНАЦИ ЗА НЕЗАВИСНОСТ ВО ЛАТИНСКА АМЕРИКА

За време на владеењето на Наполен, териториите со кои располагале Шпанија и Португалија на американскиот континент биле поделени на пет области: вицекралството Нова Шпанија кое ги подразбирало Мексико и Средна Америка, вицекралството Нова Гранада кое се наоѓало на север од Јужна Америка, вицекралството Перу на запад, вицекралството Ла Плата на југоисток и Бразил кој бил под власт на Португалија. Сите тие административни единици не поседувале точно определени граници зашто едни од други биле одделени со далечината, високите планини, непроодните џунгли и огромните рамнини. Со општеството владеела мала група луѓе од кои најголем дел биле дојдени од Европа, а локалната класа која владеела ја претставувале креолите.

Иако креолите управувале со најголем дел од населението, сепак најубавите места во политичка и општествена смисла им припаѓале на Шпанците родени во Шпанија, кои на креолите гледале од висина. Тоа довело до незадоволство од колонијалната власт кај креолите и тие ја одиграле најбитната улога во движењата за независност.

Со уништување на англискиот империјален систем, САД значително го развиле земјоделското производство, така што и креолите сакале и се залагале за трговија со земјите надвор од шпанската империја. Освен ова, креолите не се согласувале ниту со даночниот систем, ниту со тоа што колониите биле потчинети од земјоделска гледна точка. Во XVIII век- век на просветителството, европските просветителски идеи стигнале и до новиот свет и се состоеле во истакнување на политичката и верската слобода и природните човекови права. Ова, пред сѐ, им го привлекло вниманието на интелектуалците во Латинска Америка, а во исто време свој придонес за јавување и ширење на идејата за независност и промени во Латинска Америка имала и американската револуција. Со оваа револуција колониите во Северна Америка се ослободиле од англиската власт и стекнале независност, но исто така постигнале видни достигнувања во создавањето на своја држава.

Освен споменатото, колониите во Латинска Америка се нашле и под влијание на Француската револуција што избила во Европа (Baraklaf et al., 1983:361). Креолите биле желни за поголемо влијание на сцената на политиката и земјоделството, се залагале за повисок општествен статус, но во ниеден случај не посакувале општествена револуција

која би предизвикала побунување на местизите, Индијанците и робовите, а биле и против целосна еднаквост за целокупното население.

По 1796 година, кога бил склучен мирот меѓу Франција и Шпанија, на Шпанците им било тешко да одржуваат контакт со Латинска Америка, а за креолите било очигледно дека шпанската војска биле немоќна против англиската поморска сила. Во 1797 година, Англија го окупирала Тринидад со што било овозможено нејзино директно влијание и Англичаните ја започнале трговијата со колониите од Латинска Америка. Во 1805 година, во битката кај Трафалгар бил уништен голем дел од шпанската поморска сила како резултат на што таа била пред пропаѓање и за Шпанците тоа значело немоќност и неспособност за бранење или управување на своите колонии во новиот свет.

Во јуни 1806 година, без да пружат отпор Шпанците, бил заземен Буенос Аирес од страна на англиската експедиција, а во следната година истото тоа се случило и со Монтевидео. Но, во почетокот на летото кога се обиделе Англичаните да го заземат Буенос Аирес, се соочиле со неуспех по што се повлекле од целата област. Овој настан бил од големо значење за локалното население кое се здобило со самоувереност и верувало дека може да се спротивстави и да пружи отпор пред која било европска експедиција.

Со интервенциите на Наполеон на Пиринејскиот Полуостров во 1807 и 1808 година, во Латинска Америка овие настани дале поттик за револуција. Кон крајот на 1807 година, Португалија била заземена од француската војска, а по ова Наполеон се вмешал во внатрешните работи на Шпанија. На тој начин, во 1808 година ги тргнал од власт Бурбоните, а шпанскиот престол му го доделил на својот брат Жозеф. Ова случување резултирало со војна меѓу Наполеон и шпанските побуненици. Сепак, и покрај оваа побуна во Шпанија, и пред таа да почне да влијае врз шпанските прекуокеански колонии, колонистите сами дејствувале за соборување на шпанската монархија.

## 7. ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ШПАНСКАТА ЕКСПАНЗИЈА ВО АМЕРИКА

Контактот помеѓу Европејците и домородното население имал огромни последици како за Европа така и за Америка. Тие последици имале демографски, економски, социјален, политички и културен карактер. Меѓу економските последици за Америка се истакнува воведувањето на нови производи приспособени на американската клима. Најдобар пример за тоа е кафето и денес, најдоброто кафе во светот доаѓа од Хиспаноамерика, односно од Колумбија и од Бразил. Пченицата била донесена од шпанските фратари во Еквадор.

Од социјалните последици, најдраматична е масовната смртност на домородното население како резултат на војните, принудната работа и новите епидемии. Всушност, со пристигањето на Европејците на американскиот континент биле пренесени многу болести како варичелата, грипот, рубеолата и др., кои биле непознати во Америка и староседелците не биле отпорни на нив. Неорганизираноста предизвикана од освојувањата на автохтоните општества, предизвикала брзо и лесно ширење на овие болести. Меѓу негативните последици треба да се спомене и искористувањето на домородното население кое било принудено да извршува многу тешка работа, му била одземана земјата што ја поседувало, а дел од нив биле принудно преселувани на други места. На тој начин, за разлика од претходно, веќе не можеле да работат во заедница и да обезбедат благосостојба за целата група. Како последица на претходно споменатите болести и влошувањето на условите за живот се зголемува смртноста кај ова население. Дел од социјалните последици е и распространувањето на две нови раси: белата и црната, како и мешањето помеѓу Индијанците и белците, црната со белата раса и црната раса со Индијанците.

Падот на претколумбовските империи: Ацтеките, Маите и Инките, како и глобалната индоамериканска култура се дел од политичките последици. Индијанците од најнепристапните предели (амазонските прашуми, прериите северно од Мексико и екстремниот југ на Чиле) успеале да го избегнат овој процес и да не бидат зафатени од освојувањето сè додека не биле победени од новите независни држави во XIX век.

Во културните последици спаѓа внесувањето на европската култура во сите сфери на животот, иако понекогаш биле вклучувани и карактеристиките на староседелското население. Староседелската култура била наменета за религиозната и семејната област,

прехиспанските ритуали биле прилагодени на католицизмот и се зачувале старите јазици како кечуа (quechua), ајмара (aymara) и наватл (náhuatl).

Кога станува збор за Европа и економските последици по неа може да се наведе дека од стариот во новиот свет биле пренесени коњот и други животни, пченицата, лозјата, тркалото, железото, елементи од европската и арапската архитектура, техниките за градинарство, техниките за експлоатација на рудниците, итн. Истовремено, од Америка, Европејците донеле огромни количества благородни метали и многу производи како пченката, компирот, какаото, доматот, тутунот, различните видови на грав и сл. Исто така се развила прекуокеанската трговија која дури и ја надминала внатрешната.

Меѓу социјалните последици доминира преселбата на милиони Европејци на американските простори. Освен ова, со прекуокеанската трговија се збогатил европскиот трговски слој и на тој начин си овозможил издигнување во општеството.

Најистакната од политичките последици е раѓањето на европските имерии: шпанската, португалската, француската и холандската, како и војните помеѓу нив за власт над богатствата на американскиот континент и новите територии.

Со патувањата и географските експедиции се стимулирало познавањето на речиси целиот свет, биле откриени нови зачини и минерали, нова картографија, итн. што претставува дел од културните последици.

На крајот, битно е да се истакне дека со освојувањата настанале промени во Америка и Европа и може да се зборува за еден нов период т.е. раѓањето на модерниот свет во кој доминирала западната цивилизација.

# ЗАКЛУЧОК

Во XV и XVI век биле постигнати дотогаш невидени резултати на полето на географските откритија. Во овој период постоеле многу и различни причини за истражување: од верски, световен и економски карактер. Меѓутоа, треба да се има предвид и исхраната на населението затоа што со цел да се разбие едноличната исхрана, која се состоела во постојано консумирање на леб, месо, грав, мала употреба на шеќерот и млечните производи, а овошјето се користело само во сезоната кога го имало, но и имунитетот на населението да стане поотпорен на болестите, како и да се дојде до зачини, голем број владетели одлучиле парично да ги помогнат походите во непознатите земји. Новооткриените земји биле претворени во колонии на европските сили и станале извор на суровини и благородни метали, а домородното население било преобразено во католицизам. Ова довело до развој на стопанството во Европа, со што започнала епохата на превласт на европскиот континент во следните векови.

Благодарение на патувањата на португалските и шпанските морепловци, во историјата на Европа и светот започнала нова ера. За разлика од португалските морепловци кои пловеле на исток, оние кои му служеле на шпанскиот двор пловеле на запад преку Атлантскиот Океан. Така, Христофор Колумбо, со потекло од Ценова, бил убеден дека Земјата е тркалезна, пловејќи на запад тргнал во потрага на патот за Индија. Ова било реализирано во летото 1492 г. благодарение на шпанската кралица Изабела која на молба на Колумбо се согласила да го финансира неговото патување. На 12 октомври истата година, експедицијата на Колумбо составена од четири брода пристигнала на Бахамските Острови. Колумбо бил убеден дека станува збор за азиското копно и тоа мислење не го сменил ни по наредните три патувања во 1494, 1498 и во 1504 година. На овие патувања биле откриени Порторико, Јамајка и други Карипски Острови, Тринидад, како и делови од Јужна и од Средна Америка.

Иако Шпанците се надевале дека во текот на нивните патувања ќе дојдат до зачините, бисерите и богатството на Индија, тие наишле на сосема поинакви резултати. Биле откриени огромни количества злато и сребо и тоа ја зголемило желбата за освојување и колонизација на Америка. Првото злато било пронајдено на Хиспањола (остров во Карипското Море), Порторико и Куба. Неговата експлоатација била многу лесна и брза

затоа што се наоѓало на површина во речните наноси и за таа цел биле користени Индијанците, но поради макотрпната работа на која биле изложувани, гладта и болестите, бројот на домородното население бил значително намален. Заради ова, мал број доселеници останале на островот Хиспањола, додека поголемиот дел од нив преминале на копно, прво во Мексико, а подоцна и во Перу. Меѓутоа, и на овие простори продолжило искористувањето на трудот на Индијанците. Тие биле одвојувани од својата заедница и принудно работеле во рудниците, иако многумина од нив умирале уште по пат. Факторот кој најмногу влијаел за зголемувањето на смртноста кај староседелското население биле лошите услови за работа во рудниците. Освен како извор на работна сила, во многу ситуации Индијанците биле сведувани на ниво на животни кои служеле за пренесување товар и се велело дека тие можат да издржат поголема тежина од ламите. Според податокот кој ја опишува положбата на Индијанците, во периодот кога стапнале странските освојувачи на американското копно, во Америка имало околу седумдесет милиони Индијанци, а еден и пол век подоцна тој број бил сведен на три и пол милиони. Како резултат на тоа се зголемила употребата на работната сила на африканските робови.

Шпанското освојување на новиот свет може да биде прикажано и преку покорувањето на царствата на Маите, Инките и Ацтеките. По описот на овие три култури ќе заклучиме дека за кратко време, без многу борба и без Шпанците да вложат многу напор, овие царства биле освоени. Така, во 1519 г. еден од освојувачите, Ернан Кортес преминал од Куба во Мексико при што успеал да завладее огромно богатство од земјата на Ацтеките. Во 1533 г. друг освојувач, Франсиско Пизаро, со група наоружани авантуристи ја зазел престолнината на цартсвото на Инките, градот Куско.

Благодарение на власта во која уживале и со помош на оружјето коешто го поседувале, Кортес и Пизаро, а подоцна и нивните следбеници, ги откриле најголемите наоѓалишта и рудници за злато и сребро: Сакатекас и Гванахуато кои се наоѓаат во близина на денешно Мексико Сити и рудникот Потоси во Боливија. Иако во тој период градот Потоси бил најважен рударски град со 120.000 жители, денес е само еден сиромашен град во сиромашната Боливија и се дефинира како „градот кој најмногу му дал на светот а најмалку има“.

Свирепиот начин на кој шпанските доселеници се однесувале кон Индијанците предизвикал многубројни реакции кај свештенството. Најхрабри личности кои се

истакнале во борбата за правата на Индијанците биле доминиканскиот фратар Антонио дес Монтесинос и Бартоломеј де Лас Касас. Шпанскиот крал Карлос V, во 1542 г. донел нови закони кои требало да ги заштитат Индијанците, но и покрај тоа, шпанските колонисти продолжиле да постапуваат со нив како и дотогаш.

Богатството кое им било одземано на колониите го овозможило и го поттикнало развојот на европската економија. Тоа било така затоа што од богатството кое од Хиспаноамерика пристигнувало во Шпанија, само многу мал дел се задржувал во неа, а остатокот го добивале заемодавците на кралството. Меѓутоа, најголемиот дел од кредиторите биле од други земји, бидејќи Шпанија била под хипотека. Војните во кои учествувала Шпанија, бесцелното и непотребното трошење на богатството од страна на нејзината аристократија, неразвиеното стопанство и заостанатата шпанска индустрија, како и намалувањето на бројот на американски Индијанци, а со тоа и на работната сила, довеле до слабеење на шпанската империја како во стариот така и во новиот свет. Ова се случило и покрај фактот дека Шпанија била најмоќната европска сила во XVI век.

И покрај тоа што XVII век бил обележан од опаѓањето на моќта на Шпанија и нејзините колонии, во следната деценија со Бурбонската династија се случило токму спротивното. Имено, за време на владеењето на Карлос III (1759-1788) Шпанија повторно оживува, но не успева да го достигне развојот и моќта што ги имала пред нејзиниот пад. Овој век (XVIII) бил значаен и за Западна Индија. Било зголемено производството на сребро и злато, посебно среброто од Мексико, а биле применувани и подобри техники за вадење руда. Шпанските колонии станале важен извозник и на други производи, како кожа, кафе, какао, шеќер, итн.

Препородот на шпанските колонии бил проследен и со оживување на трговијата, но колониите не сакале да одржуваат трговски врски само со Шпанија туку и со други земји. Ова, како и влијанието на Француската револуција во Хиспаноамерика, идеите за истакнување на политичката и верска слобода и природните права на човекот, ги привлекле интелектуалците во Хиспаноамерика и довеле до појавување на желба за независност во хиспаноамериканските земји.

Шпанската експанзија во Латинска Америка и основањето колонии на тој простор имале битни демографски, политички, општествени, религиозни и научно-културни последици.

Со доаѓањето на шпанските колонисти во новиот свет биле пренесени многу европски болести како сипаниците, рубеолата и тифусот, на кои домородното население не било отпорно. Со ова, со системите за работа како *хациендите* и нивното искористување во рудниците во кои се наоѓале во положба на полуропство бројот на староседелско население бил намален за десет пати. Тие не биле потчинети на режим на директно ропство, туку на режим на *encomienda* преку кој тие претставувале *encomendados* на Шпанците. Според овој режим, Индијанците требало да работат задолжително за Шпанецот кој бил нивни*encomendero*, а тој бил должен пред Круната да ги христијанизира. Методите кои биле употребувани за да се постигне оваа цел биле различни, но меѓу првите била постапката која се викала *Барање* (*Requerimiento*) и истата била усвоена почнувајќи од 1513 година. Преку овој начин, кога ќе се сретнел освојувачот со некоја локална култура, им читал на шпански проглас со кој *барал* од нив да ја напуштат својата религија, да ги уништат своите храмови и да го прифатат христијанството за своја нова религија. Доколку некој народ се спротивставел на ова и не покажувал дека ја прифатил новата религија, шпанскиот освојувач имал овластување да започне *праведна војна* против него. Ваквиот систем на принудна работа, *encomienda*, со кој Индијанците биле потчинети на власта на Шпанецот, често бил доведуван во прашање поради своите нечовечки карактеристики, а еден од многумината негови критичари бил и Бартоломеј де Лас Касас.

На тој начин, во првите 130 години од европското освојување, починале најголемиот дел од американските Индијанци, а тоа се одразило со недостиг на работна рака. Така, индијанската работна рака била заменета со таа на лицата кои биле донесени од Африка и кои биле изложени на директно ропство.

Со контактите помеѓу Европа и Америка, за европското производство се отворил нов пазар за пласирање на своите производи, но истовремено биле донесени на стариот континент многу суровини.

Од Америка не биле донесени само огромни количества злато и сребро, туку и други производи кои дотогаш биле непознати за Европејците, како пченката, компирот, доматот, тутунот, ванилата и какаото. Исто така, оттаму биле преземени хидраулични техники, техники за ткаење текстил, каучукот и сл. Меѓутоа, и во Америка, колонизаторите и освојувачите не само што ја наметнале својата култура, економија и

политика уништувајќи ги тие на Индијанците туку биле воведени и нови растителни видови, како пченицата, виновата лоза, оризот и др., но и животни (коњи, крави, свињи, овци, итн.).

Имено, благодарение на прекуокеанска експанзија, Европејците се здобиле со нови географски, астрономски, ботанички, етнографски и зоолошки знаења.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Alcina Franch, José. 1985. *Los orígenes de América.* Madrid: Alhambra, col. Estudios

Amores Carredano, Juan B. (coord.). 2006. *Historia de América.* Barcelona: Ariel

Anes, Gonzalo. 1978. *El antiguo Régimen. Los Borbones.* Madrid: Alianza Editorial

Baraklaf, Dž. et al. 1983. *Svet u ekspanziji.* Beograd: IRO Narodna knjiga - IRO Vuk Karadžić - IRO Rad

Baudin, Louis. 1972. *El imperio socialista de los Incas.* Madrid: Rodas

Benzoni, Girolamo. 1989. *Historia del Nuevo Mundo.* Madrid: Alianza Editorial

Bernand, Carmen (comp). 1998. *Descubrimiento, conquista y colonización de América a quinientos años.* 1ª reimp. México: Fondo de Cultura Económica, Consejo Nacional para la Cultura y las Artes

Bernand, Carmen & Gruzinski, Serge. 1999. *Historia del Nuevo Mundo.* Tomo II. *Los mestizajes, 1550-1640.* México: Fondo de Cultura Económica

Bleicken, J. et al. 1976. *Povijest svijeta.* Zagreb: Izdavačko knjižarsko poduzeće Naprijed

Bosch Gimpera, Pere. 1975. *La América pre-hispánica.* Barcelona: Ariel

Büttner, Thomas Th. 1983. *Las lenguas de los Andes centrales.* Madrid: Eds. De Cultura Hispánica

Vázquez, Germán & Martínez Díaz, Nelson. 2003. *Historia de América Latina,* 3 ed. Alcobendas (Madrid): SGEL

Galeano, Eduardo. s.a. *Las venas abierta de América Latina.* México, D.F.: Siglo veintiuno editores

Ganiage, Jean. s.a. *Les relations internationales de 1890 à 1914, les affaires Européennes.* s.l.

Garavaglia, Juan Carlos. 1983. *Mercado interno y economía colonial.* México: Editarial Grijalbo

Garavaglia, Juan Carlos & Marchena Fernández, Juan. 2005. *América Latina de los orígenes a la Independencia.* Vol. I. *América Precolombina y la consolidación del espacio colonial.* Barcelona: Crítica

Domínguez Ortiz, Antonio. 1974. *El antiguo Régimen. Los Reyes Católicos y los Austrias.* Madrid: Alianza Editorial

Živojinović, Dragoljub R. 1989. *Uspon Evrope 1450-1789, II izdanje*. Novi Sad: Matica srpska

Zaragoza, Gonzalo. 1992. *América Latina, época colonial*. Madrid: AnayaCanclini, Néstor García. 2001. *Hybrid Cultures. Strategies for Entering and Leaving Modernity*. Minneapolis: University of Minnesota Press

Castro, Américo. 1941. *Iberoamérica su presente y su pasado*. New York University

Comas, Juan. 1975. *Origen de las culturas precolombinas*. México: SepSetentas

Covo, Jacqueline. 1995. *América Latina*. Madrid: Acento

Quintana Martínez, Mercedes. 1999. *Historia de América Latina*. Madrid: Edinumen, DL

Léon, Pierre. 1978. *Histoire économique et sociale du monde,inerties et révolution 1730-1840*, tome 3. Paris: Librairie Armand Colin

Léon, Pierre. 1978. *Histoire économique et sociale du monde,les hésitations de la croissance 1580-1740*, tome 2. Paris: Librairie Armand Colin

Léon, Pierre. 1977. *Histoire économique et sociale du monde,l'ouverture du monde XIV^e^- XVI^e^ siècles*, tome 1. Paris: Librairie Armand Colin

León-Portilla, Miguel. 1964. *Las literaturas precolombinas de México*. México, D.F.: Pormaca

Lehmann, Henri. 1964. *Las culturas precolombinas*. Buenos Aires: Eudeba

Lummis, Charles Fletcher. 1958. *Los conquistadores españoles del siglo XVI*. Madrid: Espasa Calpe

Lynch, John. 1962. *Administración colonial española*. Buenos Aires: Editorial Universitaria

Lucena Salmoral, Manuel (coordinador) & Gussinyer, Jordi. 1992. *Historia de Iberoamérica*. Tomo 1, *Prehistoria e historia antigüa*, 2ª ed. Madrid: Sociedad Estatal para la Ejecución del Quinto Centenario: Cátedra, D.L

Lucena Salmoral, M. (coordinador) et al. 2002. *Historia de Iberoamérica*. Tomo 2, *Historia moderna*, 3ª ed. Madrid: Sociedad Estatal para la Ejecución del Quinto Centenario: Cátedra, D.L

Morales Padrón, Francisco. 1986. *América hispana: las nuevas naciones*. Madrid: Gredos Dl

Morales Padrón, Francisco. 1986. *América hispana: hasta la creación de las nuevas naciones*. Madrid: Gredos Dl

Morales Padrón, Francisco. 1981. *Historia del descubrimiento y conquista de América*. Madrid: Editora Nacional

Morales Padrón, Francisco. 1962. *Historia general de América*. Madrid: Espasa Calpe

Moya Pons, Frank. 1986. *Después de Colón. Trabajo, sociedad y política en la economía del oro*. Madrid: Alianza

Peralta Ruiz, Víctor. 2006. *Patrones, clientes y amigos: el poder burocrático indiano en la España del siglo XVIII.*Madrid: Consejo Superior de Investigaciones Científicas

Popov, Čedomir. 1989. *Građanska Evropa (1770-1871), prva knjiga,osnovi evropske istorije XIX veka*. Novi Sad: Matica srpska

Popov, Čedomir. 1989. *Građanska Evropa (1770-1871), druga knjiga,politička istorija Evrope*. Novi Sad: Matica srpska

Privitellio, Luciano et al. 2005. *La época moderna en Europa y América*. Buenos Aires: Santillana

Sánchez, Manuel A. de Paz. 2000. *La américa española (1763-1898): cultura y vida cotidiana*. Madrid: Síntesis

Seignobos, Charles. 1923. *Historija suvremene civilizacije*. Zagreb: Knjižara Gjorgje Ćelap

Céspedes del Castillo, B. 1974. *"Las Indias en los tiempos de los reyes católicos."* En: J. Vicens Vives (Director) *Historia social y económica de España y América*. Tomo II, primera reedición. Barcelona: Editorial Vicens-Vives

Céspedes Del Castillo, Guillermo. 1983. *América Hispánica (1492-1898)*. Barcelona: Labor

Simpson, Lesley Byrd. 1970. *Los conquistadores y el indio americano.*Madrid: Ediciones península, serie universitaria

Ciudad, Andrés, Iglesias, María Josefa & Rojas, José Luis. s.a. *Mesoamérica*. Madrid: Arlanza ediciones

Скаскин, С. Д., Гутнова, Е. В., Данилов, А. И. &Левицки, Ј. А. 1970. *Историјанасредниотвек*, томI. Скопје

Sobrequés, S. 1974. *"La España de los reyes católicos"*: En: J. Vicens Vives (Director) *Historia social y económica de España y América*. Tomo II. Primera reedición. Barcelona: Editorial Vicens-Vives

Schobinge, Juan. 1969. *Prehistoria de Suramérica*. Barcelona: Editorial Labor, S. A.

Todorov, Tzvetan. 1984. *The Conquest of America*. New York: Harper & Row

Thomas, Hugh. 2003. *El imperio español: de Colón a Magallanes*. Barcelona: Planeta

Fernández, León. 1976. *Conquista y poblamiento en el siglo XVI*. San José: Editorial Costa Rica

Halperin Donghi, Tulio. 2001. *Historia contemporánea de América Latina,* 1ª ed. en "Área de conocimiento"; 4ª. reimpr. Madrid: Alianza editorial

Hanke, Lewis. 1987. *La lucha española por la justicia en la conquista de América*. Madrid: Aguilar

Hernández Sánchez-Barba, Mario. 1978. *Historia y literatura en Hispanoamérica (Versión intelectual de una experiencia), 1492-1820*. Madrid: Castalia

Chaunu, Pierre. 1984. *Conquista y exploatación de los nuevos mundos (S.XVI)*. Barcelona: Ed. Labor

Chaunu, Pierre. 1977. *La expansión europea (siglos XIII al XV)*. Barcelona: Editorial Labor

Chevalier, François. 1999. *La formación de los latifundios en México. Haciendas y sociedad en los siglos XVI, XVII y XVIII*. México: Fondo de Cultura Económica